УНИВЕРЗИТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# „ЕФЕКТИ И ПОСЛЕДИЦИ ОД ИЗРАЕЛСКАТА ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКА ПОЛИТИКА ВО БОРБАТА СО ПАЛЕСТИНСКИТЕ ТЕРОРИСТИЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ОБЛАСТА ГАЗА (2007 – 2016)“

**Последипломски студии од областа на безбедноста**

**Членови на Комисијата**

1. **проф. д-р Митко Котовчевски, ментор,**
2. **проф. д-р Синиша Даскаловски**
3. **проф. д-р Тони Милески**

**Кандидат: Илија Илиев**

**Темата за магистерскиот труд е одобрена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет – Институтот за безбедност, одбрана и мир – Скопје**

## ИЗЈАВА
## ЗА ОРИГИНАЛНОСТ НА ТРУДОТ

*Јас,* ***Илија Илиев,*** *кандидат за одбрана на магистерскиот труд со наслов* ***„Ефекти и последици од израелската противтерористичка политика во борбата со палестинските терористички организации во областа Газа (2007-2016)"*** **и з ј а в у в а м** *под морална, материјална и друга одговорност дека при изработката на трудот ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев трудови на други автори без да бидат почитувани пропишаните методолошки стандарди. Користената литература достојно ја бележев во фуснотите и во литературата, составен дел на темата.*

*Скопје, декември 2017 г.* *Кандидат: Илија Илиев*

***Благодарност***

*Сакам да изразам благодарност до сите кои помогнаа при реализирањето на овој магистерски труд, за да ја добие потребната форма и содржина во која ќе биде презентиран.*

*Најголемата и искрена благодарност најпрво ја изразувам кон Филозофскиот факултет – Институтот за безбедност, одбрана и мир, за дадената можност за моите истражувања од областа на противтероризмот и тероризмот во Израел и Областа Газа. Воедно искажувам благодарност за моралната и стручна поддршка, стручните совети, консултации и насоката за изработката на овој магистерски труд, до мојот почитуван ментор проф. д-р Митко Котовчевски кој со своите заложби помогна мојот труд да ја добие својата научно-стручна вредност.*

*Најголема и најискрена благодарност изразувам кон своето семејство, особено кон мојата уважена сопруга Жанета, мојата ќерка Изабел и мојот син Леонел, зашто нивната морална поддршка ми претставуваше мотив за мојата упорност во изработка на овој магистерски труд.*

*Скопје, декември 2017 г.* ***Илија Илиев***

# СОДРЖИНА

## МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**ВОВЕД** ........ 8
1. Формулација на проблемот на истражувањето ........ 11
1.1 Интердисциплинарноста на истражувањето ........ 13
2. Истражувачко прашање ........ 12
3. Определување на предметот на истражување ........ 12
3.1 Теориско определување на предметот на истражувањето ........ 13
3.2 Дефинирање на клучните поими ........ 14
3.2.1 Тероризам ........ 14
3.2.2 Противтероризам ........ 14
3.2.3 Ефективност ........ 15
3.2.4 Последици ........ 15
3.2.5 Истражување на случајот „Хамас“ како модел на палестинска терористичка организација ........ 16
3.2.6 Мировниот процес ........ 16
3.2.7 Областа Газа ........ 16
3.2.8 Операционализација на предметот на истражувањето ........ 17
3.2.9 Периодот 2007-2016 ........ 18
4. Резултати од досегашните истражувања ........ 18
5. Цели и задачи на истражувањето ........ 20
5.1 Научна цел ........ 20
5.2 Општествена цел ........ 21
5.3 Практична цел ........ 21
5.4 Задачи на истражувањето ........ 22
5.4.1 Контекстот на настаните ........ 22
5.4.2 Тероризам ........ 22
5.4.3 Противтероризам ........ 22
5.4.4 Хамас ........ 23
6. Хипотетичка рамка на истражувањето ........ 23
7. Определување на основните методи и техники на истражувањето ........ 25
7.1 Техники за собирање податоци ........ 25
7.2 Предизвици при мерење на ефективноста на противтерористичките политики ........ 26

7.3 Модел за мерење на ефективноста на израелската противтерористичка политика ... 27

7.3.1 Индикатори за ефективноста на израелските противтерористички методи ... 29

7.4 Квантитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи ... 29

7.5 Квалитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи ... 31

7.5.1 Промена на терористичката тактика кај палестинските терористички организации ... 34

7.5.2 Префрлање на војната во територијата на непријателот ... 35

**ГЛАВА 1. ТЕРОРИЗАМ** ... 37

1.1 Потребата од дефинирање на тероризмот ... 37

1.2 Тероризмот и криминалот ... 40

1.3 „Терористи или борци за слобода“ ... 43

1.4 Герилско војување ... 45

1.5 Што е тероризам? ... 46

1.6 Психолошко–(де)морализирачки ефекти на тероризмот ... 47

**ГЛАВА 2. ПРОТИВТЕРОРИЗАМ** ... 51

2.1 Поим за противтероризам ... 51

2.2 Равенката на противтероризмот ... 52

2.2.1 Факторите кои влијаат врз мотивација на терористичката организација за извршување напади ... 53

2.2.2 Фактори кои влијаат врз оперативните капацитети на терористичката организација ... 56

2.3 Категоризација на противтерористичката политика ... 57

2.4 Офанзивни противтерористички методи ... 61

2.4.1 Цели на офанзивните акции ... 61

2.5 Одбранбени противтерористички методи ... 64

2.6 Казнени противтерористички политики ... 66

2.6.1 Колективно казнување како метод во борбата против тероризмот ... 68

2.7 Либерално-демократската дилема во војната со тероризмот ... 71

**ГЛАВА 3. ХАМАС** ... 74

3.1 Создавањето на Хамас и неговата идеологија ... 74

3.2 Хамас како хибридна терористичка организација ... 76

3.3 Рационалниот пристап кај терористичките органзации ........................ 78

**ГЛАВА 4. МИРОВНИОТ ПРОЦЕС** ........................ 80

4.1 Историската димензија на мировниот процес ........................ 80

**ГЛАВА 5. ПРИЧИНИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ИЗРАЕЛСКАТА ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКА ПОЛИТИКА** ........................ 84

5.1 Израелскиот безбедносен концепт ........................ 84

5.2 Влијанието на Првата интифада врз Израелскиот безбедносен концепт (1987 - 1993) ........................ 87

5.3 Воената доктрина на Израел ........................ 89

5.4 Израелските стратегиски цели во борбата со тероризмот ........................ 93

**ГЛАВА 6. ИЗРАЕЛСКИТЕ ОФАНЗИВНИ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ МЕТОДИ** ........................ 95

6.1 Контекст на настаните ........................ 95

6.2 Воената операција „Леано олово“ 27 декмври 2008– 18 јануари, 2009(3 недели и 1 ден) ........................ 101

6.3 Стратегијата на израелските воени операции ........................ 104

6.4 Цели на воената операција „Леано олово“ ........................ 105

6.5 Концептот „инфраструктура за поддршка на тероризмот“ ........................ 106

6.6 Последици врз палестинското население во Областа Газа од концептот „инфраструктура за поддршка на тероизмот“ ........................ 108

6.7 Воената операција „Столб на одбраната“,14–21 ноември, 2012 (8 дена) .. 112

6.8 Цели на воената операција „Столб на одбраната“ ........................ 114

6.9 Последици од воената операција „Столб на одбраната“ врз цивилното население ........................ 116

6.10 Воената интервенција „Заштитно шило“, 7 јули – 26 август, 2014 (7 недели) ........................ 119

6.11 Последици врз цивилното население од воената операција „Заштитно шило“ ........................ 120

**ГЛАВА 7. ИЗРАЕЛСКИТЕ ОДБРАНБЕНИ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ МЕТОДИ** ........................ 123

7.1 „Железната купола“ ........................ 123

7.2 Последици од „Железната купола“ врз палестинското населние ........................ 125

**ГЛАВА 8.ИЗРАЕЛСКИТЕ КАЗНЕНИ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ МЕТОДИ-„БЛОКАДАТА“** ........................ 127

8.1 Блокадата како противтерористичка метода за колективно казнување . 127

8.2 Последици од блокадата врз палестинското население.......................... 130

8.2.1 Економија, средства за егзистенција и невработеност....................... 132

8.2.2 Прехранбени производи..............................................................133

8.2.3 Станбени објекти, куќи и повеќекатници.........................................133

8.2.4 Пристап до вода и санитарни услови.............................................. 134

8.2.5 Здравствениот сектор.................................................................135

8.2.6 Образованието ..........................................................................135

8.2.7 Меѓународните хуманитарни активности во Областа Газа............... 136

8.2.8 Отпорноста на палестинското населението на окупацијата, блокадата и војната...........................................................................................137

**ГЛАВА 9. МЕРЕЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА НА ИЗРАЕЛСКИТЕ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ ПОЛИТИКИ**.................................................. 138

9.1 Предизвици при мерење на ефективноста на противтерористичките политики ............................................................................................ 138

9.2 Модел за мерење на ефективноста на израелската противтерористичка политика ............................................................................................ 139

9.3 Индикатори за ефективноста на Израелските противтерористички методи ...............................................................................................141

9.4 Квантитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи (оперативни капацитети на терористичките организации) .......................................................................................141

9.4.1 Број на ракетни напади ............................................................... 144

9.4.2 Број на минофрлачки напади .......................................................147

9.4.3 Број на напади со герилска тактика ............................................... 149

9.4.4 Број на повредени и убиени Израелци од ракетните напади ............ 150

9.4.5 Број на повредени и убиени од минофрлачките напади ....................152

9.4.6 Повредени и убиени од герилските напади на палестинските терористички организаци ..........................................................................154

9.4.7 Мотивацијата за извршување терористички напади кај палестинските терористички организации ..........................................................................155

9.4.8 Број на денови кога биле затворени израелските гранични премини со Областа Газа и број на палестински и израелски акции........................157

9.4.9 Број на камиони и патници кои влегле и излегле од Областа Газа и број на палестински и израелски акции ...................................................... 160

9.5 Квалитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи.....................................................................165

9.5.1 Ставот и односот на Израелците за Саудискиот мировен план ......... 168

9.5.2 Ставот и односот кај Палестинците за мировниот процес ................ 170

9.6 Промена на терористичката тактика кај палестинските терористички организации 2006-2016 ........................................................................172

9.6.1 Импровизирани експлозивни направи во борбата со Израелските одбранбени сили ........................................................................175

9.6.2 Герилска тактика („борба лице во лице“/„нападни и бегај“) .............175

9.6.3 Противтенковска тактика ........................................................177

9.6.4 Ракети и минофрлачи ..............................................................177

9.6.5 Терористички ракетни капацитети ............................................180

9.6.6 Воените тунели на терористичките организации ..........................181

9.7 Префрлање на војната во територијата на непријателот ........................ 185

**ГЛАВА 10. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ** ........................................... 186

**11. ЗАКЛУЧОК** ........................................................................... 199

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРТУРА** ........................................................................204

# ВОВЕД

„Денес имаме пролиферација на противтерористички политики и големо вложување средства за нив, но сè уште не знаеме многу за ефективноста на овие политики. Многу автори обвинуваат за малиот број истражувања, поврзани со ефективност на тероризмот. Од друга страна, потребата да се научи нешто повеќе за ефективноста на овие методи и за нивните намерни и ненамерни последици е редовно повторувана од политичарите, истражувачите и јавноста“. [1]

Во текот на сослушувањето пред Комитетот за национална безбедност на Соединетите Американски Држави за „Ефективните стратегии за борба со тероризмот“ претставникот на Конгресот, Кристофер Шеј изјавил: „Пролиферација на противтерористички политики не значи и поголема безбедност. Само ако тие стратегии водат незапирливо кон јасно поставените цели и мерливи ефекти, тогаш можеме да ги заштитиме и обезбедиме нашите либерални вредности од заканата на новата ера“.[2]

„Од 20000 пронајдовме само седум истражувања кои се поврзани со тероризмот и се однесуваат на проценките на ефективноста на противтерористичките политики. Заклучивме дека не постојат многу научни сознанија за ефективноста на противтерористичките политики. Во некои од проценките и доказите за противтерористичките политики произлегува дека дел од тие политики биле неуспешни и дури понекогаш ја зголемувале можноста за тероризам и терористички напади“.[3]

---

[1]Van Um, E. and Pisoiu, D. (2011). “Effective counterterrorism: What have we learned so far?”,Economics of Security Working Paper 55, Berlin: Economics of Security.

[2]See http://www.mipt.org/pdf/Effective-Strategies-Against-Terrorism.Pdf.

[3]The Effectiveness of Counter-Terrorism Strategies: A Campbell Systematic Review Cynthia Lum (corresponding author), Leslie Kennedy and Alison Sherley, October 2009

# 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

И после 65 години војување сѐ уште не е јасно дали Израел победува во војната со тероризмот, а ова не се само размислувања од Израел, туку и од меѓународната заедница. Во контекст на претходното, како и постојаното повторување на кругот на насилството се наметнува потреба да се истражи израелската противтерористичка политика и да се процени нејзината ефективност и да се одреди дали тие политики предизвикуваат зголемување на тероризмот. Проценката на ефективноста и последиците од противтерористичките политики се неопходни во борбата со тероризмот, бидејќи тероризмот како појава може да предизвика нерационални одлуки и избрзани акции.

Одговорот на противтерористичка политика бара рационален пристап особено ако се земе предвид дека тероризмот како метод за насилни политички промени не губи на актуелност и понатаму е голема закана за државите. Ако државите не прават континуирани проценки на своите методи и пристапи против тероризмот, ги намалуваат своите можности за успех во напорите да го запрат политичкото насилство да ги оствари своите цели.

„Политиките кои ќе бидат проценети и за чии ефекти и последици постојат докази, ќе ги намалат нерационалните и избрзани одговори против тероризмот кои се под влијание на страв и паника и ќе бидат базирани на факти“.[4]

Израел е модел на демократска држава која се справува со различни аспекти на тероризмот од своето постоење до денес. Илегалната окупација на палестинските територии и начинот на кој Израел се справува со палестинскиот тероризам и со палестинското население воделе и водат кон засилена терористичка кампања против Израел. Носители на таа терористичка кампања биле поединци, организации и држави спонзори што укажува на искуството што го има Израел во справувањето со различни носители на терористички закани. Историјата покажува дека Израел е инкубатор за развој на различни иновативни терористички тактики, но во исто време е и база од каде се развиваат противтерористички методи за одговор на тие закани.

[4] Stanley Cohen "Folk Devils and Moral Panic", First published by MacGibbon and Kee Ltd 1972

Израел во својата долгогодишна борба против тероризмот користел различни противтерористички методи, верувајќи во нивната ефективност. Но, многу од тие методи се критикувани од меѓународната јавност за кршење на либерално-демократските вредности.

„Примарната цел на противтерористичките политики мора да биде заштитата на либералните демократски вредности и владеењето на правото. Оваа цел е толку важна што е дури поважна од елиминирањето на тероризмот и политичкото насилство. Секој тиранин може да го реши политичкото насилство ако е подготвен да ги жртвува сите норми на хуманоста и да го прекрши уставот и законите“.[5]

Многу често успехот на Израел креирал митови за ефективноста во справувањето со тероризмот. Но, од друга страна, израелските противтерористички методи во многу случаи биле причина исламските терористички организации како Хамас, да добијат поголема поддршка кај палестинското население за разлика од умерените палестински организации. Сите се сложуваат дека виновниците за терористичкиот напад и нивните поддржувачи треба да бидат казнети, но, прашањето е како да се направи тоа без да се создаде уште поголемо незадоволство и поттик за тероризам.Тоа го отежнува фактот дека терористичките организации ги користат цивилините објекти и цивилното население како штит за своите активности и секоја цивилна жртва ја користат ефективно во потврдување на својата пропаганда и идеологија.

Уникатноста и специфичноста на израелско-палестинскиот конфликт и тероризмот произлезен од него не е само во проблемите поврзани за територијата, религијата и идентитетот на двата народа, туку и во тоа што Израел се справува со тероризам предизвикан од палестинските бегалци кои биле насилно иселени поради создавањето на еврејската држава - Израел. Тие се луѓе кои изгубиле сè што имале претходно во животот, бегалци кои во минатото, а и денес, биле и се жртви на непочитувањето на основните човекови права и слободи. Понатамошното влошување на состојбата и креирање небезбедност, безизлезност и очај за бегалците може во иднина да води кон насилство.

[5]Paul Wilkinson “Terrorism and the Liberal State” London, 1986, p.125

Израел има право да постои и да живее ослободен од сите терористички закани. Палестиниците имаат право сами да го изберат својот политички и економски систем, вклучувајќи го и правото на отпор против ограничувањето на нивното право за самоопределување и да живеат во мир и слобода во сопствената држава. Исто така двата народа имаат право на правда според меѓународните хуманитарни закони.

Врз основа на многу изјави и говори на различни израелски лидери, бидејќи не постои некаков официјален документ на Израел, сè уште не е јасно што значи успех во војната со палестинските терористички организации. Затоа, ова истражување ќе тргне во потрага по одговорите за тоа што претставува успех за Израел во борбата со тероризмот.

## 1.1 Интердисциплинарноста на истражувањето

Со цел да се разбере тероризмот и да може соодветно да се одговори на многудимензионалната закана која произлегува од него, не се доволни само знаењата од безбедносните науки. Скоро сите научни дисциплини се релевантни за некој од аспектите на тероризмот: психологија (психолошкиот ефект на тероризмот), социологија (влијанието на тероризмот врз општествените односи), политички науки (остварување политичка цел со тероризам), информатика (модерниот терорист ќе се користи со информатиката за идни напади), правни науки (легалноста и легитимноста на борбата со терористите), економски науки (влијанието на терористите врз економијата на државите), хемија (можноста на терористите да направат хемиски бомби), биологија (можноста да направат биолошки бомби), религиски науки (христијани и евреи против муслимани), воените науки (воениот пристап е еден од начините на кој државите се справуваат со тероризмот), теоријата на меѓународните односи (тероризмот е денес интернационален и борбата против него бара меѓународна соработка и коалиции), и криминологија (тероризмот како криминал). За да може ефективно да се справуваме со тероризмот, треба да се има одредено знаење од сите претходни области како и способност да се формулира проценка на ситуацијата и да се донесе одлука врз интердисциплинарни знаења.

## 2. ИСТРАЖУВАЧКО ПРАШАЊЕ

Денес дебатата околу противтерористичките политики е фокусирана на четири области: легалноста и легитимноста на политиките, последиците врз цивилното население, алтернативните методи за борба со тероризмот и ефективноста на политиките во намалувањето на тероризмот.

Ова истражување ќе се фокусира на две области: последиците и ефективноста на противтерористичките политики.

1. До кој степен израелската противтерористичка политика е ефективна во намалувањето на штетите од тероризмот и кои се последиците од таа политика врз цивилното население во областа Газа?

## 3. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Ефектите и последиците нужно произлегуваат од безбедносната дејност, тие се всушност нејзина смисла.

Општо кажано, ефектите и последиците кои се резултат на методот на работа се истражуваат и анализираат од следниве причини: да се процени ситуацијата по акцијата, да се планираат и водат адекватни акции во идниот период, да се направи селективен однос кон целите, методите и средствата, како и кон последиците, односно да се изврши реорганизација.

Многу истражувачи се сложуваат дека формулирањето на противтерористичките политики започнува со јасно дефинирање на главната цел која треба да се оствари во војната со тероризмот. Потоа согласно целта треба да се одлучи дали таа може да биде остварена со селектираните методи на работа и средства. Методите на работа и средствата мора да бидат во релација со заканата, за да можат да одговорат на нејзината природа и манифестацијата како и на причините за заканата. Формулацијата на противтерористичките политики укажува дека методите на работа, покрај средствата, се основните составни делови на секоја противтерористичка политика.

За остварување на целите на ова истражување, предмет на истражувањето се израелските противтерористички методи на работа.

## 3.1 Теориско определување на предметот на истражувањето

Методите и средствата се нужни карактеристики на општествениот активитет на свесните битија. Затоа, дејностите на безбедносните субјекти во конкретен безбедносен процес се одвиваат со користење соодветни методи и средства.

Методот на безбедносното работење (дејност, активност) е и често споменуван поим во дневното општење во општествено- безбедносниот живот. За него се зборува во различни ситуации и поводи. Тоа е една од главните причини што во поимот метод се опфаќаат различни содржини и значења.

Под методи се подразбираат облици на активност, средства што се користат во таа активност, како и начин на остварување на активностите. Начинот и методот, според основната поимна содржина се од исто значење и не треба да се мешаат со средствата и облиците на безбедносните активности.[6]

Методот на работа како активност е определен со следниве елементи на дефиницијата:

Прво: методот на работа е сложена целина, составена од повеќе основни делови разновидни според својата природа, но меѓусебно нужно поврзани и усогласени. Тоа е идејниот т.е. идеолошкиот дел што го сочинуваат: системите на ориентационите вредности и норми на носителите на безбедносните активности; сознаен дел кој го сочинуваат основниот категоријално поимен систем на сознаените закони и законитостите на природното и општественото движење како и известувањето за политиката и за конкретните ситуации; субјектите и сите средства и постапки кои се користат за определување на безбедносната цел.

Второ: методот секогаш е нужно вистинско однесување на носителите на акцијата која во стварност може да се забележи и кои ги предизвикуваат вистинските последици и ефекти според постојната ситуација.

Трето: методот е нужно и рационално поврзан со целите, кој во начелата според мерката е согласно целите, и тоа во најголема можна мерка. Методот, според тоа е целисходен.

---

[6] Цане Т. Мојаноски, "Методологија на Безбедносните Науки-Истражувачка Постапка", Факултет за Безбедност-Скопје. 2012, стр. 167

Четврто: методот нужно се протега низ целокупната структура, сите фази и етапи на активноста на безбедносната практика.

Според тоа методот на работа, односно безбедносната активност, може да се дефинира како целина на идеи, вредности, сознанија, известувања и средства во однесувањето на носителите на активностите кои се меѓусебно, функционално и целисходно поврзани и применувани во практиката, според целта и ситуацијата во која активноста се остварува.[7]

## 3.2 Дефинирање на клучните поими

### 3.2.1 Тероризам

Тероризмот е вид политичко насилство во кое недржавен актер намерно користи насилство против цивилни мети за остварување политичка цел (национална, социоекономска, религиозна, и идеолошка). [8]

Во оваа дефиниција тероризмот не е виден – дефиниран како обичен криминал со кој ќе се справуваме со помош на кривичниот закон, туку на тероризмот се гледа како на акт на војна кој во себе содржи форма на психолошко-(де)морализирачко војување.

### 3.2.2 Противтероризам

Противтероризмот подразбира напори на државата за спречување на тероризмот.

Контратероризмот е поим што подразбира примена на офанзивни мерки, преземени со цел да ги попречат, одвратат и да одговорат на сите терористички закани. Понекогаш комбинацијата на дефанзивни и проактивни мерки за борба против терористите се дефинира како контраакција на тероризмот.[9]

Според Ганор (2005) противтерористичките политики може да бидат разбрани како збир на офанзивни, дефанзивни и казнени методи на работата и средствата кои се така дизајнирани да овозможат истовремено дејствување врз намалувањето или елиминирањето на терористичките оперативни капацитети и терористичката мотивација за вршење напад. Офанзивните методи се

[7]Ibid
[8]Boaz Ganor "The Counter-Terrorism Puzzle: A Guide for Decision Makers", (New Brunswick, NJ: Transaction Publishers 2005), Kindle book, p. 575.
[9]Митко Котовчевски "Борба Против Терорирмзот", Македонска Цивилизација, 2004, стр.123.

иницирани од безбедносните сили и се насочени кон терористички мети, се изведуваат во области каде терористите се разместени и дејствуваат (во други држави и на територија која не е под контрола на безбедносните сили кои ја преземаат акцијата). Одбранбените методи претставуваат збир од различни чекори кои државата ги презема во својата територија за обезбедување и заштита на населението, важни сообраќајници, објекти, и инсталации со голема важност за државата. Колективното казнување е метод кој не е насочен кон поединци или помала група на активисти туку кон поголема популација или кон целата нација на една територија.

### 3.2.3 Ефективност

Ефектите на методите на работа се планирани, очекувани и означени како цел, а за нивното остварување се дејствувало, што претставува рационално, и системски организирано однесување. Ефективноста е способност да се постигне посакуваниот резултат или поставената цел, односно нешто е ефективно кога ќе ја оствари планираната и очекувана цел.[10]

### 3.2.4 Последици

Противтерористичките методи се создадени и насочени за директно справување со терористичките закани и терористичките организации, но сепак во реалноста од дејството на противтерористичките методи се создаваат последици врз цивилното население.

„Најголема последица од израелската противтерористичка политика е што таа сама го засилува теророт. Израел, едноставно, една генерација незадоволни Палестинци ја заменува со нова генерација. Ако се суди според рационалниот пристап, според кој државите ги учат лекциите од минатото со цел да ги подобрат своите стратегии, очигледно не е пример со Израел“. [11]

Важноста на последиците од израелските противтерористички методи ги надминуваат границите на израелско-палестинскиот конфликт. Изјавата на шведската министерка за надворешни работи Маргот Волстром, која ја даде веднаш по нападите во Париз, даваат светлина на важноста на овој конфликт: „За да ја надминеме радикализацијата мора да одиме назад на Блискиот Исток, односно во Палестина, каде што Палестинците не гледаат иднина и каде

[10]“Effectiveness”. Dictionary.com, Available at:http://dictionary.reference.com/browse/effectiveness .
[11]Byman Daniel “High Price, the Triumphs and Failures of Israeli Counterterrorism” 2011.

единствени избори се да се прифати очајната состојба или да се повика на насилство“.[12]

Проценката за ефективноста на противтерористичките политики може драстично да се разликува зависно од тоа како се анализирани последиците. Пример: ако последиците од противтерористичките методи се разгледувани и прифатени само како еден дополнителен страничен аспект од дејствувањето на противтерористичките методи, тогаш во одредувањето на ефективноста на противтерористичките политики, иако методите предизвикуваат тешки и неразумни последици врз луѓето, политиките ќе се проценат како ефективни, бидејќи дејствувале во насока на остварување на целта во борбата против тероризмот. Спротивно од тоа, ако последиците се критички и централно разгледувани во проценката на ефективноста, тогаш истите политики можат да бидат различно проценети.[13]

### 3.2.5 Истражување на случајот „Хамас“ како модел на палестинска терористичка организација

Хамас е најголемата и најпопуларната терористичка организација во Областа Газа и во палестинското општество, Хамас е фактички Влада во Областа Газа и карактеристичен модел на исламска(суни) хибридна терористичка организација.

### 3.2.6 Мировниот процес

Мировниот процес помеѓу Израелците и Палестинците се однесува на повремените разговори, конференции и самити кои се воделе во услови на постојано насилство со цел постигнување решение за меѓусебниот конфликт, признавање на Израел и решавање на палестинското прашење.

### 3.2.7 Областа Газа

Областа Газа заедно со Западниот Брег ја сочинува територијата на Палестина. Областа Газа и Западниот брег се меѓусебно физички поделени со

[12]https://www.algemeiner.com/2015/11/16/swedish-foreign-minister-paris-attacks-rooted-in-palestinian-frustration-in-middle-east/

[13]Van Um, E. and Pisoiu, D. (2011). “Effective counterterrorism: What have we learned so far?”, Economics of Security Working Paper 55, Berlin: Economics of Security.

територија на израелската држава и не претставуваат една територијална целина.

Поради својата мала територија од само 362 км² и 1,82 милиони жители од кои 1,2 милиони се бегалци, Областа Газа е една од најгусто населените територии во светот, а 98 % од населението се Суни. Според Обединетите нации, ако продолжи сегашниот раст на населението во Областа Газа и неможноста да се изгради потребната инфраструктура, како и зголемените проблеми од немањето простор за живеење, Областа Газа до 2020 ќе стане непогодно и непосакувано место за живеење.[14] Обединетите нации гледаат на Израел како на окупатор на Областа Газа, иако Израел официјално воено се повлече од Областа Газа во 2005, сѐ уште територијата на Областа Газа е под воена окупација на Израел, помогната од Египет. Окупацијата подразбира целосна контрола на копнените граници, воздушниот простор и контрола на морскиот пристап кон Областа Газа.

### 3.2.8 Операционализација на предметот на истражувањето

Израелската противтерористичка политика е составена од три категории на методи на работа: офанзивни, дефанзивни и казнени методи.

Офанзивните методи на работа се: копнени интервенции, бомбардирања, тенковски гранатирања, напади од море и специјални операции.

Одбранбените методи на работа ги сочинуваат: патроли, заседи, блокади на патишта, мински полиња, детектори, радари, безбедносни камери и технички средства за откривање експлозиви.

Казнените методи на работа ги сочинуваат: рушење куќи, административно казнување, политики на затворање на граничните премини по извршен терористички напад или кога има информација дека е можен терористички напад, административно задржување, депортација и колективно казнување.

За целите на ова истражување ќе се користи селекција, односно збир на противтерористички методи, бидејќи се претпоставува дека, во исто време, на едно место, секогаш постојат повеќе од еден противтерористички метод на

[14]Gaza in 2020 a liveable place? A report by the United Nations Country Team in the occupied Palestinian territory August 2012

работа со кој државата се обидува да се справи со тероризмот во насока на остварување на своите цели во војната со тероризмот. Ќе се селектираат три методи на работа, по еден метод од секоја категорија на израелската противтерористичка политика: Воената интервенција (офанзивни методи), „Железната купола" (дефанзивни методи) и Блокадата (казнените методи).

Критериумите по кои се избрани овие методи за предмет на истражување се нивната доминација во периодот на истражувањето и дебатата која се води во однос на нивната ефективност, последиците, легитимноста, легалноста и трошоците.

Деталната анализа која ќе се изврши врз методите на работа ќе помогне во добивање одговори на прашањата: Кои се нормите и вредностите на носителите на противтерористичката активност? Кои се субјектите и средствата што се користат во активноста? Кои се целите на активноста? Какво е влијанието на методот на работа врз тактиките на Хамас? Какво е влијанието на методот на работа врз палестинското население.

### 3.2.9 Периодот 2007-2016

Периодот 2007-2016 е период кога Хамас насилно, преку граѓанска војна ја презеде целата власт и стана Влада во Областа Газа. Второ, тоа е периодот на три воени интервенции во Областа Газа од страна на Израел. Трето, тоа е период кога беше промовирана блокадата како метод на колективно казнување на населението во Областа Газа и беше промовирано и најновото технолошко достигнување во категоријата на одбранбените методи „Железната купола". Четврто, ова е периодот кога јас живеев во Областа Газа и Израел и работев во сферата на безбедноста и заштитата во меѓународни организации и бев директен сведок на активности кои се предмет на истражувањето.

## 4. РЕЗУЛАТАТИ ОД ДОСЕГАШНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

Најголем дел од истражувањата за ефективноста се насочени кон истражување на ефектот што го имаат противтерористичките политики врз намалувањето на нивото и природата на терористичките напади (намалување или стопирање на еден специфичен напад или намалување на вкупниот број

напади). Ова е разбирливо бидејќи крајната цел на противтерористичките политики е да има ефект врз опсегот и природата на тероризмот. [15]

Според Мораг, поранешен директор на Советот за надворешна политика на Израел: „Израел оствари успех во борбата со тероризмот во периодот 2000-2005, се намалија израелските жртви, економијата закрепна во услови на рецесија, израелското општество демонстрираше голема отпорност и единство во борбата со тероризмот. Израелската влада не само што ја одржа туку и ја зголеми поддршката на домашен план“. Како неуспех Мораг го наведува фактот дека Израел не успеал да ги намали палестинските жртви и политичката поддршка за Јасер Арафат.[16]

Прунцкун и Мохр 1997, го анализираат ефектот на американскта интервенција во 1984, врз Либија и нивото на тероризам на групите поврзани со Либија. Фреквенцијата на нападите врз американски мети пред и после интервенцијата се земени како индикатори за да се определи ефективноста на воената интервенција. Намалувањето на нивото на тероризмот после интервенцијата е земено како доказ дека американската интервенција е ефективна и служела како застрашување и одвраќање од напади.[17]

Во истражувањето на ефективноста на казнените политики за рушењето на куќите и нивното влијание врз намалувањето на самоубиствените напади, истражувачите докажале дека казнените операции за рушењето на куќите на тие што биле директно вклучени во планирање и изведување на самоубиствените напади води кон значително намалување на самоубиствените напади. Спротивно на тоа, превентивните рушења на куќите поради местоположбата, поврзана со безбедосните ризици за Израел, без разлика кој е сопственикот на куќата, ги зголемувале самоубиствените напади. Ова истражување ги поддржува тврдењата дека селективното рушење куќи е

[15]Van Um, E. and Pisoiu, D. (2011). “Effective counterterrorism: What have we learned so far?”. Economics of Security Working Paper 55, Berlin: Economics of Security.

[16]Nadav Morag,‘Measuring Success in Coping withTerrorism:The Israeli Case’, Studies in Conflict and Terrorism (Vol.28,No.4,2005),p.307.

[17]Prunckun Jr., H. W. & Mohr, P. B. (1997). Military deterrence of international terrorism: An evaluation of operation El Dorado Canyon. Studies in Conflict & Terrorism, 20(3), 267–280.

ефективна алатка за борба со тероризмот, а неселективните рушења куќи само го зголемуваат насилството. [18]

Во своето истражување Фалк Опхир, покрај другото, ја истражувал и ефективноста на насочените убиства во намалувањето на самоубиствените напади во почетокот на 21 век. Насочените убиства не донеле конечно решение за конфликтот, но драстично ги намалиле жртвите од самоубиствените терористички напади. Тешко е да се каже дека намалувањето на жртвите е резултат само на насочените убиства, бидејќи во тој период имале влијание и други фактори. Во случајот на Областа Газа постои силна асоцијација за ефективноста на насочените убиства. Убивањето на идеолошките лидери на Хамас во Областа Газа биле ефективни и тоа водело кон драстично намалување на жртвите на самоубиствените напади. Во Областа Газа насочените убиства имаа позитивен ефект во намалувањето на заканата од самоубиствените терористички напади.[19]

# 5. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 5.1 Научна цел

Целта е да се направи научна дескрипција и анализа на израелските противтерористички методи на работа и нивните последици и да се донесат заклучоци за ефективноста на израелската противтерористичка политика.

Истражувањето ќе ја потврди потребата од критички пристап кон проценката на противтерористичките политики со земање предвид на последиците кои се создаваат од методите на работа кои директно влијаат врз општата ефективност на противтерористичката политика. Исто така, ќе се потврди дека за одредување на ефективноста на противтерористичките политики треба да се користат и квантитативни и квалитативни индикатори за ефективноста.

[18]Efraim Benmelech, Claude Berrebi, Esteban F. Klor, "Counter-Suicide-Terrorism: Evidence from House Demolitions".

[19]Falk Ophir "Measuring the Effectiveness of Israel's 'Targeted Killing Campaign" 2015

## 5.2 Општествена цел:

Ова истражување има за цел да даде свој придонес во изградбата на стратегија за борба со тероризмот на Република Македонија. Исто така, и да даде придонес во бесконечната дебата за ефективноста на противтерористичките политики и во потрагата во одредувањето на деликатниот баланс помеѓу бесконечниот избор на методи за борба против тероризмот.

## 5.3 Практична цел:

За политичарите, истражувањето ќе даде придонес во добивање повеќе сознанија за ефектите и последиците од противтерористичките методи кои можат да им помогнат во носењето на критични одлуки, поврзани за борбата со тероризмот.

За цивилите кои се директни жртви на тероризмот и нивна алатка во остварувањето на политичките цели, да го разберат феноменот на тероризмот, методите на дејствување, психолошко – (де)морализирачкиот ефект на тероризмот и целите на тероризмот. Сето тоа треба да создаде услови за елиминирање на ирационалниот страв кај населението од тероризмот.

Најголем дел од ова истражување е поврзано со насилство и противнасилство. Израелците и Палестинците постојано се критикувани за користење премногу насилство и за повредување на цивилното население, но ова истражување нема да се обидува да обвини или одбрани ниту една страна од конфликтот. Како и многу други, и јас имам свое мислење и емоции во однос на ова прашање, но во насока на остварување на објективно истражување и фокусираност на прашањата за кои треба да се даде одговор, јас ќе ги оставам моите морални размислувања надвор од истражувањето.

Проценката на настаните, нивната причина и контекстот во кој се случуваат се од огромна важност за напорите со кои сакаме да се постигне мир и безбедност во овој регион. Тој мир и безбедност не е само во интерес на страните во конфликтот, туку и пошироко. Ова е насоката во која ќе се изведе ова истражување со потполна свесност за сложеноста на задачата која треба да се оствари.

## 5.4 ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 5.4.1 Контекстот на настаните

За правилно проценување на израелската противтерористичка политика земањето предвид на контекстот на настаните е од критична важност.

Противтерористичките методи и настаните кои се предмет на анализа во ова истражување не може да бидат разгледувани изолирано. Тие се дел од еден поширок контекст на историски, политички и безбедносни случувања со длабоки корени во долгогодишната израелска окупација врз палестинските територии и во политичката и насилна конфронтација која ја карактеризира историјата на овој регион.

### 5.4.2 Тероризам:

- Да се истражи и анализира потребата од дефинирање на тероризмот;
- Да се истражат и анализираат карактеристиките на тероризам кој го прават поразличен од другите слични феномени како криминалот, „борци за слобода“ и герила;
- Да се истражи и анализира психолошко-(де)морализирачкиот ефект на тероризмот;
- Да се истражи и анализира работната дефиниција за тероризам.

### 5.4.3 Противтероризам:

- Да се истражат и анализираат целите на противтерористичките политики со посебен осврт на израелските противтерористички цели;
- Да се истражи и анализира равенката на противтероризмот, нејзините составни компоненти и факторите кои влијаат врз тие компоненти;
- Да се истражи и анализира пристапот на државите кон тероризмот и да се категоризира израелскиот пристап кон тероризмот;
- Да се истражат и анализираат офанзивните, дефанзивните и казнените противтерористички методи;
- Да се истражи и анализира демократската дилема во контекстот на борбата со тероризмот;
- Да се истражат и анализираат причините за израелскиот безбедносен концепт и воената доктрина;

- Да се истражат и анлизираат израелските противтерористички методи;
- Да се истражат и анализираат последиците од израелските противтерористички методи врз населението во Областа Газа;
- Да се одреди степенот на ефективноста на израелските противтерористички политики.

### 5.4.4 Хамас

-Да се истражат и анализираат идеологијата и целите на Хамас;

-Да се истражат и анализираат хибридните карактеристики на Хамас и да се објасни концептот „*da 'wa*";

-Да се истражи и анализира рационалниот пристап на Исламската терористичка организација;

-Да се истражи и анализира тактиката на Хамас.

# 6. ХИПОТЕТИЧКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Општа хипотеза:**

Израел има сеопфатни противтерористички политики и јасна стратегија во војната со палестинските терористички организации во Областа Газа.

**Посебни хипотези:**

Х1 - Израелските противтерористички методи се ефективни во намалувањето на терористичките напади од палестинските терористички организации.

Х2 - Израелските противтерористички методи се ефективни во намалувањето на израелските жртви од нападите на палестинските терористички организации.

Х3-Ефективноста на израелските противтерористички методи ја намалува мотивацијата за изведување терористички напади врз Израел.

Х4-Израелските противтерористички методи се селективни во своето дејствување на теренот.

X5 - Јавното мислење на населението во Израел има влијание врз израелските противтерористички политики.

X6- Јавното мислење на населението во Областа Газа има влијание врз мотивацијата на терористичките организации во Областа Газа за извршување терористички напади врз Израел.

X7- Израелските противтерористички методи во значајна мера влијаат врз промената на тактиката дејствување на Хамас во Областа Газа.

X8- Израелските противтерористички методи ја префрлаат војната на територијата на Областа Газа во функција на посеопфатна заштита на израелското цивилно население и материјалните добра на територијата на Израел од терористичките напади извршени од Областа Газа.

Независна варијабила: Израелската противтерористичка политика, е збир од офанзивни, дефанзивни и казнени методи на работа и средства кои се така дизајнирани да овозможат истовремено дејствување врз намалувањето или елиминирањето на терористичките оперативни капацитети и терористичката мотивација за вршење напади.

Зависна варијабила 1. Терористички капацитети за изведување напади- претставуваат збир од човечки потенцијал, терористичка инфраструктура и финансиски средства.

Зависна вариајбила 2. Терористичка мотивација за изведување напади- мотивациска варијабила која е комбинација од чувства, желби, соништа за одмазда од една страна, и од друга страна балансирање во однос на рационални пресметки, внатрешни и надворешни притисоци и можни резултати.

# 7. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 7.1 Техники за собирање податоци

Претставува предизвик да се истражат израелските противтерористички политики од перспектива на воен модел, бидејќи станува збор за воени и разузнавачки организции во кои тајноста е основа на работењето и ќе направат сè да ги заштитат своите методи на дејствување од очите на јавноста, а тајноста во работењето има исто значење и за тероризмот.

Покрај тоа што тероризмот и противтероризмот се концепти кои се безбедносно осетливи – тие се и концепти кои се високо политизирани. Политизираноста води кон состојба во која фактите и информациите можат да бидат погрешно претставени од нивниот извор заради остварување различни цели. Ваквата состојба со податоците и информациите, поврзани со противтероризмот и тероризмот, наметнува потреба од критички пристап кон изворот на податоци и информации, особено ако се земе предвид улогата и важноста која ја имаат медиумите и за тероризмот и за противтероризмот во креирањето на јавното мислење.

Примарен извор на податоци за ова истражување ќе биде Организацијата на Обединетите нации за работа и помош за палестинските бегалци.[20]

Секундарни извори на информации ќе бидат: невладини, хуманитарни организации, академски извори, мемоари на припадниците во израелски безбедносни служби, истражувачко новинарство, интернет страници, изјави и говори на официјални лица, истражувачки центри и институции за мерење на јавното мислење.

Теренското истражување и посетите на локациите каде се случиле инцидентите, се направени за да се добие различна перспектива за настаните поврзани со тероризмот и противтероризмот од двете страни на учесниците во конфликтот. Неофицијални полуструктуирани интервјуа се направени со претставници од двете страни со цел добивање личен став за прашањата поврзани со ова истражување.

И покрај двојниот, а понекогаш и тројниот процес на проверување на податоците и информациите, можно е да се направат и одредени пропусти, што

[20]www.unrwa.org

е случај и со други истражувања. Заради тоа, јас не можам да тврдам дека не сум направил некој превид или не сум пропуштил некоја информација, поврзана со овој конфликт. Случаите кои ќе бидат презентирани во истражувањето се избрани поради постоењето на доволно достапни информации.

## 7.2 Предизвици при мерење на ефективноста на противтерористичките политики

Првиот предизвик со кој се соочуваат истражувачите во мерењето на ефикасноста е непостоењето на општо прифатена дефиниција за тероризмот, противтероризмот и дефиниција за ефективноста на противтерористичките политики.

Постојат повеќе различни методолошки пристапи за мерење на ефективноста на противтерористичките политики, но сè уште постои отворена дебата за тоа кој пристап е највалиден. Различни истражувачи ја дефинираат различно ефективноста на противтероризмот, бидејќи користат различни критериуми според кои ја одредуваат и мерат ефективноста. Тајноста на противтероризмот, тероризмот и војната со тероризмот ги тера научниците да изберат свои критериуми за ефективност. Анализата за ефективноста се компликува уште повеќе со тоа што во администрацијата на Соединетите Американски Држави во службите за борба со тероризмот постојат разлиични мерки за успех и неуспех што укажува на некои штетности и на несистематичност во мерењето на ефективноста на противтерористичките политики.[21]

Фактот дека не постојат мерки за мерење на успехот или неуспехот во борбата со тероризмот дополнително се усложнува со постојаното менување на целите во војната со тероризмот и промените во временската рамка за остварување на тие цели.

Асиметричната карактеристика на војната со тероризмот наметнува потреба од користење индикатори за успех или неуспех кои се поразлични од индикаторите кои се користат за успех или неуспех во класично војување.

[21] AlexP. Schmidand and RashmiSingh, "MeasuringSuccessandFailurein TerrorismandCounter-Terrorism"

Војната на традиционалното воено поле е многу полесно да се процени отколку победата во контекст на тероризмот и противтероризмот. [22]

Дополнително, потешко е да се процени штетата која е предизвикана од тероризмот отколку од традиционалното војување, а потешко е да се процени и временскиот период во кој постои заканата од тероризмот отколку заканата од војната со што уште повеќе се усложнува проценката за успехот или неуспехот во војната со тероризмот. [23]

За крај и државата и терористичката организација можат да прогласат успех во војната, секоја страна водена од своите релативни добивки од таа војна.

## 7.3 Модел за мерење на ефективноста на израелската противтерористичка политика

Што е ефективна противтерористичка политика?

Анализите и истражувањата на израелските противтерористички активности покажуваат дека Израел нема официјално напишана противтерористичка политика. Различни израелски влади ги користеле истите противтерористички методи (офанзивни, дефанзивни и казнени), но разликата била само во степенот до кој биле применувани, времето на извршување и нивното потенцирање.[24].

Дали е успех кога ќе се намалат терористичките напади? Дали е успех кога ќе се намалат жртвите од тие напади? Дали се ефективни политиките кога ќе се намали стравот од тероризам? Дали се ефективни политиките ако ја зголемуваат мотивацијата за тероризмот? Дали се ефективни политиките кога организацијата ќе го напушти тероризмот како метод за остварување на својата политичка цел?

Процесот на мерење на ефективноста има валидност ако целите се поставени пред да се преземат акциите. Искуството на Израел во справувањето

[22]William C Martel, Victory in War: Foundations of Modern Military Policy (Cambridge: Cambridge University Press,2007),p.1. Dominic D P Johnson and Dominic Tierney, Failing to Win: Perceptions of Victory and Defeat in International Politics (Cambridge, MA: Harvard University Press,2006),p.283.
[23]Nadav Morag,'Measuring Success in Coping withTerrorism:The Israeli Case', Studies in Conflict and Terrorism (Vol.28,No.4,2005),p.307.
[24]Boaz Ganor "The Counter-Terrorism Puzzle: A Guide for Decision Makers", (New Brunswick, NJ: Transaction Publishers 2005), Kindle book, 1078

со тероризмот покажало дека поради меѓународните и регионални политички случувања и успехот на палестинскиот тероризам, и длабочината и комплексноста на конфликтот, ќе биде невозможно да се инсистира на политика која има за цел да го елиминира палестинскиот тероризам само со воени средства. Затоа Израел во војната со тероризмот прифатил пореална цел, а тоа е „намалувањето на штетите од тероризмот“ што подразбира намалување на бројот на терористичките напади и бројот на жртвите и повредените од тие напади. За мерењето на ефективноста на израелските противтерористички методи според оваа цел ќе биде потребно да се користат само квантитативни индикатори со кои ќе се одреди само квантитативна ефективност на израелските противтерористички методи.

Според извештајот на Конгресот, објавен во 2007: „Заеднички недостаток на многу влади при проценување на ефективноста е премногу користење квантитативни индикатори и занемарување на квалитативните индикатори“.[25]

За да се надмине овој недостаток и согласно препораките од Конгресот, во ова истражување, покрај квантитативните индикатори ќе се користат и квалитативни индикатори со кои ќе се одреди и квалитативната ефективност на израелската противтерористичка политика. Користењето на квалитативни индикатори ќе ни овозможи добивање различна слика за ефективноста на израелските методи во однос на користење само квантитативни индикатори и ќе се види разликата во начинот на дефинирањето на успехот.

Според противтерористичката равенка на Ганор (2005), кога се бориме со тероризмот и ако сакаме да ја намалиме или елиминираме заканата од него, мораме да изведуваме различни активности со кои ќе дејствуваме истовремено во елиминирањето на терористичката мотивација и оперативните капацитети за изведување напади.

Согласно равенката, намалувањето само на една компонента од равенката не може да се нарече ефективност.

[25]Raphael Perl “CRS Report for Congress Combating Terrorism: The Challenge of Measuring Effectiveness”, March 2007

### 7.3.1 Индикатори за ефективноста на израелските противтерористички методи

Квантитативни индикатори:

- Оперативните капацитети на палестинските терористички организации
- Мотивацијата за изведување терористички напади

Квалитативни индикатори:

- Односот и ставот кај Израелците за мировниот процес
- Односот и ставот кај Палестинците за мировниот процес
- Промените во тактиката кај палестинските терористички организации
- Префрлање на војната во територијата на непријателот

## 7.4 Квантитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи

Квантитативните индикатори се логичен избор во одредувањето дали нападите се зголемиле или намалиле во одреден временски период. „Ако насилството се намалува во текот на времето тогаш противтерористичката политика е ефективна“.[26]

Секој обид да се влијае врз опсегот и природата на терористичките напади преку намалувањето на терористичките оперативни капацитети наметнува потреба од истовремено дејствување во три правци: врз човечкиот потенцијал на организацијата, врз инфраструктурата и врз финансиските можности на организацијата. Ваквото ефективно дејствување на противтерористичките методи ќе води кон намалување на опсегот и природата на терористичките напади и директно ќе се рефлектира врз намалувањето на вкупниот број терористички напади.

Основно прашање е: Дали израелските офанзивни методи се ефективни во намалувањето на терористичките оперативни капацитети?

Првиот квантитативен индикатор за проценка на ефективноста на воена интервенција е:

- Вкупниот број терористички напади, извршени од палестинските терористички организации од Областа Газа врз Израел.

[26]Hewitt, Christopher; The Effectiveness of Anti-Terrorist Politics, University Press of America, Lanham, 1984

Намалувањето на бројот на нападите не е доволен показател за да може да се заклучи дека една противтерористичка политика е ефективна, бидејќи терористичката организација можеби го намалила бројот на терористички напади за да може да ги сочува и насочи своите оперативни капацитети за изведување еден голем напад со многу жртви. Според тоа, политиката која ги намалила бројот на нападите, а го зголемила жртвите од нападите, не би можела да се нарече ефективна.

Целта на секоја политика за борба со тероризмот е минимизирање или елеминирање на жртвите и повредените од терористички напади, затоа, за да се опфати асиметричност во бројот на жртвите од терористичките напади ќе се користи втор квантитативен индикатор:

- Вкупен број на израелските жртви и повредени од напади, извршени од палестинските терористички организации од Областа Газа врз Израел.

Ефективен противтероризам треба да дејствува и врз елиминирањето и намалувањето на мотивацијата за извршување терористички напади. Основната дилема во противтероризмот е фактот дека колку повеќе си успешен во своите офанзивни активности со кои ги намалуваш и елиминираш терористичките капацитети, толку повеќе се зголемува мотивацијата кај членовите и поддржувачите на терористичката организација за извршување одмазнички напади.

Мотивациската варијабила е комбинација од чувства, желби, соништа за одмазда од една страна, и од друга страна, балансирање во однос на рационални пресметки, внатрешни и надворешни притисоци и можни резултати. Кога терористичката организација не е доволно мотивирана за извршување терористички напади (заради страв од неуспех, сомнеж во можноста за остварување на соништата за одмазда или страв од сопствена загрозеност или загуба), иако има оперативни капацитети, таа може да се воздржи од изведување напади.

Според Ганор (2005), чекорите за намалувањето на мотивацијата мора прво и единствено да бидат насочени кон населението од каде потекнува терористичката организација, со цел да се намали нивната поддршка и да се изолира терористичката организација која во таа ситуација би била лесна мета за офанзивните акции.

Таквите чекори за намалување на мотивацијата опфаќаат: хуманитарни активности насочени кон населението од каде потекнува терористичката организација; социјални активности; образование; здравство; преговори со претставниците на населението кои не се во тајни врски со терористичката организација и не се вклучени во извршувањето на некои злосторства. Главна цел на противтерористичките методи кои делуваат врз мотивацијата е оддалечување и дистанцирање на населението од терористичката организација. Колку се поефективни противтерористичките методи, толку повеќе можеме да очекуваме намалување на мотивацијата кај терористичата организација за изведување напади.

Основно прашање е: Дали методот на колективното казнување „блокадата“ е ефективен во намалувањето на мотивацијата кај палестинските терористички организации за извршување терористички напади врз Израел?

Квантитативни индикатори за блокадата:

-Бројот на денови кога биле затворени граничните премини.

-Бројот на напади од Областа Газа кон Израел кога биле затворени граничните премини.

-Бројот на камиони кои влегле во Областа Газа.

-Бројот на Палестинци на кои им е дозволено да ја напуштат Областа Газа и да влезат во Израел преку граничниот премин Ерез.

Квантитативните индикатори се потпираат врз статистички податоци, нивната анализа ќе ни помогне за стекнување знаење за квантитативната ефективност на ниво на научна дескрипција.

## 7.5 Квалитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи

Ефективната противтерористичка политика не само што треба да дејствува во насока на намалување на оперативните капацитети и мотивацијата на терористите, туку треба да дејствува и врз психолошко-деморализирачкиот ефект на тероризмот. За да се одреди ефективноста на противтерористичките политики во справувањето со психолошко–(де)морализирачкиот ефект на тероризмот ќе се користат квалитативните индикатори. Со квалитативните индикатори ќе се одреди квалитативната ефективност на противтерористичките политики, ќе добиеме поширока слика за ефективноста

на израелската политика и квалитативните индикатори ќе ни помогнат во давање контекст на квантитативните индикатори.

Основно прашање е: Дали е Израел ефективен во справувањето со психолошко- (де)морализирачкиот ефект?

Прва стратешка цел на тероризмот е да го намали моралот кај населението – жртва на тероризам и да ја присили владата под притисок на јавното мислење да ги прифати терористичките барања и со тоа да се врати чувството на безбедност кај населението.

Втората стратешка цел е да го подигне моралот на сопственото населението од каде потекнува терористичката организација и да ја зголеми јавната поддршка од својата популација за своите терористички активности.

Во концептот на тероризмот и противтероризмот јавната поддршка е вредност која и двата концепта сакаат да ја постигнат и зголемат кај својата нација и да дејствуваат врз нејзино намалување кај спротивната страна во конфликтот. Многу истражувачи се сложуваат дека страната која е поуспешна во јакнење на единството и отпорноста на нацијата е страна која ќе победи во војната, бидејќи ќе ја добие јавната поддршка од нацијата да продолжи и издржи во таа борба.

Ефективната противтерористичка политика мора да дејствува врз овој психолошки – деморализирачки ефект на тероризмот и да оствари свои цели во психолошкото војување со тероризмот. Тие цели ќе треба да го неутрализираат психолошкиот ефект на терористичките напади и закани и да го подигнат моралот на населението – жртва на тероризмот. Во исто време треба да дејствуваат и врз намалување на моралот кај терористичката организација и населението од каде потекнува терористичката организација.

Моралот е групно чувство што вклучува позитивни и негативни чувства за иднината исто како и други чувства и верувања, моралот е ментална состојба на чувства која варира од висок до низок морал.
Моралот не е нешто што може да се мери или да се набљудува директно, а како квалитативен индикатор за моралот на Израелците ќе се користи:

- Односот и ставот на Израелците за мировниот процес.

Позитивното влијание од противтерористичката политика врз моралот на сопствената нација ќе биде изразено преку: зголемување на чувството за лична

и национална безбедност, зголемување на поддршката на Владата дека може да се справи со терористите и да ја поврати безбедноста и сигурноста во државата, зголемување на поддршката за политичките лидери и оптимизам за иднината. Нискиот морал кај населението ќе биде јасен показател дека терористичката организација успеала да изврши психолошко-деморализирачки ефект врз нацијата на противникот. Ваквиот ефект ќе биде изразен со намалување на поддршката за противтерористичките политики, демонстрации против Владата, барање промени на тие политики, нарушувања на секојдневниот живот на луѓето и барање за прифаќање на терористичките барања со цел враќање на личната безбедност.

Втората насока во која дејствуваат противтерористичките политики е намалување на моралот на населението од каде потекнува терористичката организација. Намалениот морал кај населението за продолжување на конфликтот ќе ја принуди терористичката организација да се воздржи од изведување напади иако има капацитет за извршување на нападите. Не-прифаќањето на ваквата намалена поддршка кај сопственото население и упорно инсистирање и продолжување на терористичките напади ќе води кон уште поголемо губење на легитимноста на терористичкта организација и нејзино изолирање што ќе ја направи полесна мета за офанзивните противтерористички методи.

Квалитативен индикатор за моралот кај Палестинците:

- Односот и ставот кај Палестинците за мировниот процес.

Малата јавна поддршка и намалениот морал кај населението од каде потекнува терористичката организација ќе бидат изразени преку: намалување на очекувањата дека терористичката организација може да ги оствари своите цели преку тероризам, намалување на поддршката за политичкото раководство на политичката организација, барање за промени на политиката на терористичката организација и отпочнување на преговори, барања за отфрлање на терористичката тактика, намалување на личното чувство за безбедност кај луѓето поради честите противтерористички акции, појавување на желба кај терористичката организација за компромис, и зголемен број дезертери.

Големата јавна поддршка е резултат на неефективни противтерористички политики или обратно кажано ефектот на терористичките напади го зајакнал моралот на населението од каде потекнува терористичката организација. Големата јавна поддршка и високиот морал кај населението ќе бидат изразени преку: зголемена поддршка за терористичката организација, барање да се остане на курсот на политиките на терористичката организација, барање одмазда, зголемен број регрути, отфрлање на мировните преговори, поставување нови барања, непочитување примирје и зголемен број напади.

Податоците за ставовите и односот на Израелците и Палестинците кон мировниот процес ќе се добијат од извршените анкети од Институтот за мир на Хебрејскиот универзитет во Ерусалим, Палестинскиот центар за политики и истражување во Рамала и Центарот за медиуми и комуникација во Ерусалим.

### 7.5.1 Промена на терористичката тактика кај палестинските терористички организации

Правењето анализа за ефективноста само преку бројот на извршени терористички напади ќе ги запостави и занемари податоците „кога терористите радикално ја промениле својата тактика и стратегија", односно постигнале капацитети со кои можатда извршат напади со голем број цивилни жртви. Штом тероризмот ескалира на повисоко ниво можно е претходните противтерористички политики да не се веќе ефективни, односно ефективните противтерористички методи го тераат тероризмот кон пронаоѓање нови напредни техники за заобиколување на пречките поставени од противтероризмот. Оттука тероризмот бара проактивен пристап и брза адаптација на политиките и методите за превентивно дејствување и негово намалување во спротивно последиците би биле катастрофални врз државата.

„Затоа се препорачува следењето на квантните промени во терористичката организација. Овие промени вклучуваат развој на разузнавачки капацитети, технологија, сојузни, софистицираноста на нападите. Една или повеќе промени во овие елементи ќе претставува значаен напредок во оперативните капацитети на терористичката организација".[27]

Пример, кога ќе се појават напади со самоубијци, претставува квантна промена кај терористичката организација и ја менува природата на заканата.

[27]Raphael Perl "CRS Report for Congress Combating Terrorism: The Challenge of Measuring Effectiveness", March 2007

Напади од типот на 9/11 се потполна нова квалитативна промена кај терористичката организација за разлика од претходните помали напади.

Основно прашање е: Дали израелската противтерористичка политика ги принудува палестинските терористички организации да ја променат својата тактика на дејствување?

Пред да се донесуваат заклучоци за влијанието на противтерористичките политики врз промената во терористичката тактика треба да се земе предвид дека терористите ги менуваат тактиките поради повеќе внатрешни и надворешни причини.

Внатрешни причини: членовите на организацијата може да разберат дека за да бидат успешни и да ги остварат своите цели ќе треба да ја променат својата тактика на дејствување. Промената на тактиката може да биде изразена преку нов *модус операнди* со кој се надеваат дека ќе ги зголемат жртвите од нападите или може да ја променат тактиката со тоа што ќе ги стопираат нападите. Надворешни причини кои можат да предизвикаат промени во терористичката тактика се притисокот од населението, договорено примирје со непријателот, барања од земјите спонзори или промена во оперативните капацитети.

Трендовите се промена во инциденти, ставови и други фактори во текот на времето кои ќе ни покажат кога терористите радикално ја промениле својата борбена стратегија и *модус операнди* за изведување напади и уште поважно, зошто ја промениле тактиката. Промените во една или повеќе точки во квалитативните показатели ќе укаже дека терористите постигнале голема трансформација во нивните можности и капацитети. Затоа не само што е потребно да се знае каде е тероризмот денес туку и да се знае каде ќе биде тероризмот во иднина и кои се можните идни развојни правци.

### 7.5.2 Префрлање на војната во територијата на непријателот

Основно прашање е: Дали Израел е ефективен во префрлањето на војната во територијата на Областа Газа?

Трансферот на војната во територијата на непријателот е еден од принципите на израелската воена доктрина и секогаш е употребуван кога Израел водел војна. Целта на овој принцип е да се префрли војувањето во

територијата на непријателот и на тој начин да се намалат штетите од нападите врз цивилите и материјалните добра во Израел.

# ГЛАВА 1. ТЕРОРИЗАМ

## 1.1 Потребата од дефинирање на тероризмот

Дефинирањето на тероризмот и создавањето на меѓународен консензус за дефиницијата на тероризмот претставуваат фундаментални противтерористички мерки. Без постигнување на овие цели никогаш нема да се создаде потребното ниво на ефикасна меѓународна противтерористичка соработка која е потребна не само за справување со денешните терористички трендови туку и за справување со идните неконвеционални терористички закани (нуклеарни, хемиски и биолошки напади), затоа е потребно целата меѓународна заедница да се сложи „против што се бориме".

Прво, ако сакаме да креираме безбедносна стратегија со која сакаме ефективно да се справиме со заканите од тероризмот потребно е јасно дефинирање и одвојување на тероризмот од другите слични и паралелни феномени како што се герилското војување, криминалните активности и борбата за слобода.

Второ, меѓународното прифаќање на дефиницијата за тероризмот ќе создаде основа врз која ќе може да се изгради меѓународна кампања за борбата со тероризмот, особено за активностите кои ќе бидат насочени кон државите спонзори на терористичките организации.

Потребата да се дефинира тероризмот е очигледна поради различното толкување и гледање кое го има терористичката организација, државите спонзори на тероризмот, државите кои се борат со него, политичарите, истражувачите, јавноста и медиумите.

Извршителите на терористичките напади најчесто се различно нарекувани од различни субјекти.На нив се гледа како на терористи, герилци, борци за слобода, револуционери, зависно од перцепцијата и од интересот кој го има страната која коментира. Така, еден ист извршител на терористички напад може да биде наречен во различни медиуми со различно име „терорист", „борец за слобода", герилец или нешто слично. Најчесто терминот „терорист" е резервиран за државата-жртва на терористичкиот напад, додека сите други напади, надвор од државата се опишани со користење други термини. Уште повеќе, бидејќи не постои јасна и прифатена дефиниција за тероризмот,

терминот често се користии за опишување настани кои немаат никаква врска со тероризам бидејќи насилството кое го користат во своите акции не е наменето да шири страв и да оствари некоја политичка цел туку се работи за криминални активности од економски причини.

Во минатото постоеле повеќе обиди да се постигне консезус за меѓународно прифатена дефиниција за тероризмот. Единствениот консензус кој се постигнал за тероризмот е дека е неможно или непотребно да се дефинира тероризмот и да се дојде до меѓународно прифатена дефиниција за тероризмот.[28]

Тие што го поддржуваат овој пристап најчесто се повикуваат на изразот „терорист или борец за слобода“ со цел да ја покажат субјективната природа на дефиницијата за тероризам. Според нив, поради ваквата субјективност на тој што го дефинира тероризмот не е можно ниту да се дојде до делумно согласување за тоа што е тероризам.

Во обидите да се дојде до меѓународно прифатена дефиниција за тероризмот биле активни и државите кои го поддржувале тероризмот како Сирија и Либија. Сирија, на пример, во минатото многу пати повторила дека не поддржува тероризам, туку ги поддржува движењата за национална слобода. Претседателот Хафез ел Садат, во 1986, во својот говор потенцирал дека Сирија од секогаш е против тероризам. „Тероризмот е нешто потполно различно од борбата за национално ослободување од окупацијата. Ние ја поддржуваме борбата на националните движења за ослободување од окупаторите“. [29]

Истата позиција беше повторенана состанокот на Арапската лига во Каиро во 1988. Во документот „Арапска стратегија за борба со тероризмот“ се потенцира дека активностите насочени кон слобода и самоопределување не спаѓаат во категориите на тероризмот. „Кога зборуваме за ослободување од окупација без разлика на видот и природата на акцијата, таа не е тероризам туку легитимна и оправдана акција“. Ова е основата од каде што беше создадено клишето „терорист или борец за слобода“.

[28] In a presentation on the definition of terrorism to the UK Parliament in March 2007, Lord Carlile quoted David Tucker from Skirmishes at the Edge of the Empire, stating that: “Above the gates of hell is the warning that all that enter should abandon hope. Less dire but to the same effect is the warning given to those who try to define terrorism” (See http://www.tamilnation.org/terrorism/ uk/070317carlile.htm ); for a reporter’s perspective see Kinsley, 2001 ; see also Levitt (1986) , in which he claims a definition for terrorism is no easier to find than the Holy Grail

[29] Hatzav Novembar 15, 1986 p 5(Orginally in Tishrin Siria 17, 1986

Ваквата инцијатива јасно укажува на огромниот интерес кој го имаат државите-спонзори на тероризмот, за дефиницијата на тероризмот, односно нивното учество во создавање и прифаќање дефиниција за тероризмот која треба да им овозможи тие и терористичките организации поврзани со нив, да бидат ослободени од директна одговорност за терористичките напади, а со тоа да избегнат директно казнување.

Другите кои се спротивставуват на дефинирањето на тероризмот се повикуваат на тоа дека терористите извршуваат криминални дела и врз основа на тоа можат да бидат изведени пред суд дури и без дефинирање на тероризмот со што би се избегнала политичката дименизија на тероризмот во неговото дефинирање. Нивните препораки се дека со забранување одредени специфични акции како киднапирање авиони, напади со експлозивни направи, и пиратство, ќе се спречи терорзимот и без да се дефинира.

Трети, како луѓето од безбедносната сфера го застапуваат ставот дека тие меѓусебно се разбираат и функционираат без меѓународно прифатена дефиниција за тероризмот. Тоа нивно разбирање е базирано на претпоставката „кога ќе видиш тероризам знаеш дека тоа е тероризам". „Јас доаѓам од военото поле и точно знам што е тероризам, штом некој пука во мене јас веднаш возвраќам без да го прашам дали е терорист, герилец или криминалец". Да, тоа е точно, на военото поле ти не поставуваш прашања, туку дејствуваш. Но, кога не си на военото поле ти мора да поставуваш прашања, бидејќи за да го стопираме современиот тероризам не е доволно само дејствувањето на военото поле. Тоа што ќе го стопира тероризмот е многу повиско ниво на противтерористичка стратегија, кое не можеме никогаш да го постигнеме без да го дефинираме тероризмот.

Поддржувачите на потребата од дефиниција за тероризмот и нејзино меѓународно прифаќање не само што веруваат дека тероризмот може да биде објективно дефиниран и да се дојде до меѓународен договор за дефиницијата на тероризмот туку и дека без таква дефиниција не е можна меѓународна ефективна борба со тероризмот. Според нив, не само разузнувачките операции и воените интервенции, туку и останатите сфери имаат потреба од консензус во борбата против тероризмот.

- Како може да забраниме тероризам ако не се сложиме што е тероризам?

- Како може да забраниме поттикнување тероризам без да се дефинира тероризмот?
- Како може да му се суди на некој дека е член на терористичка организација без да се дефинира што е терористичка организација?
- Како да се изврши екстрадикција на терористи ако не се дефинира тероризмот и ако не постои меѓународно прифатена дефиниција за тероризмот?
- Како ќе се спречи перењето на пари и финасирањето на терористичката организација кога не сме се сложиле за дефиницијата за тероризам?
- Како ќе се сложиме дека една држава е спонзор на тероризмот ако не се сложиме за дефиницијата за тероризам?
- Како ќе постигнеме поголема соработка во противтерористичката борба без општо прифатена дефиниција за тероризмот?
- Како да се формулира нормативен и обврзувачки систем кој ги дефинира правилата на војувањето, што е дозволено, а што е забрането во војувањето помеѓу држава и организација, што е легитимно, а што е нелегитимно во таа борба, ако не постои меѓународно прифатена дефиниција за тероризмот?

Непостоењето на меѓународно прифатена дефиниција за концептот на тероризам и во иднина ќе создаде услови државите- спонзори на тероризмот да се декларираат како поддржувачи на националното ослободување на угнетуваните луѓе, а не на тероризмот.

## 1.2 Тероризмот и криминалот

Пред да го дефинираме тероризмот ние мораме да го определиме контекстот кој го опкружува тероризмот, дали е тероризмот обичен криминален акт кој може да се третира со кривичниот закон или е акт на војна и справувањето со него треба да биде согласно правилата и нормите на војувањето. Истражувачите се поделени по ова прашање.

Многу истражувачи, организации и држави сметаат дека дефиницијата за тероризмот не е од критичка важност во борбата со тероризмот и се повикуваат на тоа дека терористите извршуваат криминални дела кои се забранети според законите на сите држави, според тоа, тие можат да бидат изведени пред суд без

да да се дефинира тероризмот. Ова е уште еден аргумент кој се спротивставува во дефинирањето на тероризмот, а се однесува на правната сфера. Актуелниот тренд во оваа сфера е дека врз тероризмот може многу успешно да се дејствува преку законските решенија кои ги забрануваат специфичните активности на киднапирање авиони, пиратство, користење експлозивни направи и сл. Според поддржувачите на овој пристап нема потреба од постигнување договор за концептот на тероризмот во разузнувачките и воените операции, бидејќи таа заедничка борба против тероризмот веќе се случува.

Во 1994 год. Генералното собрание на Обединетите нации постигнало согласност за криминалната природа на тероризмот, нарекувајќи го тероризмот криминал и неоправдан. Државите-членки на Генералното собрание најостро ги осудуваат сите акти, методи и практики на тероризмот - како криминален и неоправдан, без разлика кога и кој е извршителот, вклучувајќи ги и оние кои ги загрозуваат пријателските односи помеѓу државите и луѓето и го загрозуваат територијалниот интегритет и безбедноста на државата.[30]

Веднаш после 9/11 Обединетите нации дојдоа многу блиску до меѓународно прифатена дефиниција за тероризмот, но и покрај многуте компромиси кои беа направени за да се дојде до дефиниција на тероризмот, 56 членки на Исламската конференција го отфрлија предлогот за дефиницијата, бидејќи таквата дефиниција не ги исклучила националните ослободителни движења кои се борат против странска окупација како што е израелската окупација на Палестина.[31]

Втората пречка за прифаќањето на дефиницијата во Обединетите нации беше „државниот тероризам“, бидејќи се покрена прашањето зошто активностите на групи, поединци и организации се означуваат како тероризам, а истите акции на државите не се означени како тероризам!?

Криминален акт, според протоколот на Обединетите нации за борба со тероризмот, е означен како: акт на киднапирање, акт на авионски саботажи, акт на насилство на аеродроми, акт на нарушување на безбедноста на морскиот

[30]Declaration on Measures to Eliminate International Terrorism, U.N. GAOR, 49th Sess., 84th plen. mtg., U.N. Doc. A/RES/49/60 (1994).

[31]Lederer, M. E. (2002) *Annan Hopes UN. Will Approve Comprehensive Treaty Against Terrorism*, SAN BERNADINO SUN, available at http://63.147.65.31/ socal/terrorist/0102/25/terror 17.asp.

сообраќај, акт против заштитени меѓународни претставници(дипломати), незаконска употреба на нуклеарни материјали, акт на финансиска поддршка за терористичката организација, самоубиствени напади со бомби и импровизирани експлозивни направи.[32]

Обединетите нации ги забраниле овие акции, преземени од терористите, без притоа да го дефинираат тероризмот.

Тоа што го прави тероризмот многу поопасен од обичниот криминал е тоа што ја загрозува безбедноста на луѓето на јавните места во државата со што го нарушува личното чувството за безбедност и довербата во националниот безбедносен систем на државата и има политичка цел, и точно поради ова тероризмот мора да се третира поразлично од криминалот.

Стравовите дека борбата со тероризмот може да биде искористена од државите или владите за пресметка со своите политички противници се реални и оправдани. Но, за да се надмине овој страв државите треба да донесат јасни закони за борба со тероризмот и да бидат повнимателниво селекцијата на методите со кои ќе се спротивстават на тероризмот. Методите треба да бидат селектирани за да ја минимизираат штетата врз демократско–либералните вредности и да се создадат инструменти за јавна и законска контрола врз безбедносните структури со што ќе се намалат можностите за оправдување на борбата со тероризмот во остварување незаконски цели.

Тоа што го прави тероризмот многу поопасен од обичниот криминал е насилниот политички акт.

Терористите, мотивирани од политичка цел се многу поопасни за општеството од било кој криминал. Модерниот тероризам многу повеќе ги загрозува меѓународните норми и закони и поради тоа станува голема закана за светскиот мир. Терористите многу често се мотивирани од религиозни мотиви што им дава за право дури и да го жртвуваат животот со што уште еднаш стануваат поопасни од било којкриминалец.

За да се направи разлика помеѓу тероризам и криминал неопходно е да се потенцира дека и едните и другите користат насилство како средство за

[32]For the text of the international and regional instruments against terrorism, see "UNITED NATIONS, OFFICE OF LEGAL AFFAIRS, INTERNATIONAL INSTRUMENTS RELATED TO THE PREVENTION AND SUPPRESSION OF INTERNATIONAL TERRORISM, U.N. Sales No. 01.V.3 (2001) [hereinafter INTERNATIONAL INSTRUMENTS".

постигнување на нивната конечна цел. Чинот на нивното дејствие може да биде идентичен: убиства, киднапирања, земање заложници, предизвикување страв, но секогаш суштинските цели и мотивите се различни.

## 1.3 „Терористи или борци за слобода“

Денешните дефиниции за тероризмот ги рефлектираат интересите и вредностите на оние кои го дефинираат тероризмот како на пример „терорист или борец за слобода“.

Во средината на Студената војна, Западот ја поддржувал борбата на народите за национално ослободување од странска окупација и правото на самопределување. Ваквата состојба била искористена од многу терористички организации кои се претставуваа како борци за слобода. Повикувајќи се на правото на национална слобода и самоопределување, борците за слобода користеле насилство за да остварат легитимни цели и согласно целите одбиваа да бидат наречени терористи. Западот го прифати ова објаснување дека терористите и борците за слобода се две точки од скалата на политичкото насилство. Борбата за национално ослободување е видена како позитивна и оправдана, а тероризмот е виден како негативен и неприфатлив. Според овој пристап не е можно една организација да биде и терористичка организација и движење за национално ослободување ниту нивниот припадник можел да биде во исто време терорист и борец за слобода.

ХенриЦексон вели:„Верувањето дека една иста личност за едни е терорист, а за другите ослободител е погрешно. Борците за слобода или револуционерите не поставуваат бомби во автобуси во кои има цивили, туку тоа го прават терористите и убијците. Борците за слобода не убиваат деца во школите, туку терористите го прават тоа. Борците за слобода не киднапираат бизнисмени, жени и деца, туку терористите“.[33]

Извинете, но секако дека не постојат основи со сигурност да се тврди дека борците за слобода, не можат да извршат терористички масакри и убивања, и тврдењата дека борецот за слобода не може да изврши тероризам или убиства

[33]George P Stultz, P. G., (1987) *„The challenge to democratic nations“ in Benjamin Netanyahu „Terrorism – How the west can win“*

немаат основа. Многу борци за слобода во минатото извршиле терористички дела и намерно убивале цивили. Пример: Движењето за израелската независност „Хагана", своите напади ги насочило кон британските сили и воени бази во времето на Палестина, но вршеле и напади врз палестински цивили. Ова движење се нарекувало борци за слобода. Затоа, една терористичка организација може да биде и национално движење за слобода кое се бори да ја ослободи својата територија од окупаторите.

Пристапот кој тврди дека термините терорист и борец за слобода се контрадикторни оди само во корист на терористите, бидејќи терористите се повикуваат на тоа дека тие се борат против надворешна окупација за остварување национална слобода и не можат да бидат наречени терористи. Според ова, акцијата на организацијата, поединецот или групата е ирелевантна кога се зборува за национално ослободување од окупација, нивната акција не е тероризам туку легитимна акција за ослободување од окупацијата, односно целта ги оправдува средствата.

За да се избегнат замките кои ги поставуваат терористите мора да се прави разлика помеѓу целта (слободата) и средствата (тероризмот) кои се користат. Ако целта е слободата (ослободување од окупација или добивање независност) и се обидуваат да го постигнат тоа, тогаш може да се наречат борци за слобода, но ниту една цел не му дава право на борецот за слобода да користи средства (тероризам) и намерно да ги напаѓа цивилите.

Во дефинирањето на терористот или борецот за слобода, не е важна целта што сакаат да ја постигнат туку средствата со кои сакаат да ја остварат целта. Тероризмот е тактика, тероризмот е средство, тероризмот е *модус операнди*, тероризмот не е цел сам по себе.

Реалната состојба е таква што концептот на „тероризмот" и концептот „борци за слобода" не се воопшто контрадикторни еден на друг. Разликата помеѓу терорист и борец за слобода не е субјективна и зависна од перспективата на тој што дефинира, туку е суштинска и доаѓа од идентификацијата на целите на извршителот на нападите и методите за остварување на тие цели. Тероризмот е средство за остварување на конечната цел, која може да биде и ослободување од окупација. Целта не е одлучувачкиот

фактор кој ја прави разликата дали една група е терористичка или се борци за слобода, туку средствата кои се користат за да се постигне целта.

Ниту слободата, ниту било кое друго легитимно политичко барање не може да го оправда користењето на тероризам како средство за остварување на крајната цел.

## 1.4 Герилско војување

Герилското војување е насилна борба во која насилството е намерно употребено против воени мети за постигнување политичка цел. Тероризмот и герилското војување често се користени за опишување еден ист феномен, но терминот тероризам има негативна конотација и укажува на заземање став и страна во конфликтот, односно е субјективен; додека терминот герила е прифатен како неутрален и има повеќе позитивна конотација.

Разликата помеѓу тероризмот и герилското војување е во нормативните принципи на меѓународните закони кои забрануваат извршување напади врз цивили, но се дозволува извршување напади врз воени цели за време на војна (под одредени услови и ограничувања). Прифаќајќи ја оваа разлика во принцип се потврдува легитимноста во користењето на сила на недржавен актер под одредени услови за постигање на политичката цел.

Герилското војување се изедначува со тероризмот најчесто поради истите тактики што ги користат, како што се атентатите, киднапирањата, поставувањето бомби и таканаречените идентични мети, за да заплашат или да изнудат нешто.

Една организација може да реши од тероризам да премине на герилско војување и со тоа ќе премине од терористичка во герилска орагнизација. Исто така е можна транзиција и во спротивна насока.

Во дефинирањето на тероризмот целта која сака да ја постигне организацијата е ирелеванта (сè додека станува збор за политичка цел). Важни се средствата кои се избираат за да се постигне крајната цел, бидејќи терористичката и герилската организација може да имаат иста цел, но секоја од нив може да избере различни средства за да ја постигне својата цел.

## 1.5 Што е тероризам?

Тероризмот е вид политичко насилство во кое недржавен актер користи намерно сила и насилство против цивилни мети за остварување политичка цел (национална, социоекономска, религиозна и идеолошка).[34]

Во оваа дефиниција тероризмот не е виден како обичен криминал со кој ќе се справуваме со помош на кривичниот закон, туку тероризмот е виден како акт на војна. Тој акт на војна во себе содржи и форма на психолошко војување. Терористите сакаат преку своите напади да внесат страв и загриженост за безбедноста кај народот-жртва на тероризам, кој треба да се преточи во притисок врз владата да ги промени своите политики со што би се создале услови терористите да ги остварат целите.

Како таков, современиот тероризам сака да ги искористи вредностите налиберално-демократските држави и да ги присли владите да ги прифатат терористичките барања како резултат на физички, психолошки и економски последици од терористичките напади. Ако на тероризмот гледаме како на акт на војна тогаш и мерките кои ќе се преземат за справување со него ќе бидат согласни со меѓународните норми и закони на војувањето.

Оваа дефниција се базира на следниве три елементи:

1. Суштината на акцијата–форма на насилна борба

   Според оваа дефиниција секоја акција која не вклучува насилство не е дефинирана како тероризам, како на пример: мирни протести, штрајкови, демонстрации или неплаќање данок.

2. Целта на тероризмот е секогаш политичка, насочена кон остварување нешто во политичка сфера како промена на режимот/државното уредување, промена на системот, промена во економијата, а без политичка цел акцијата не е тероризам. Насилните активности врз цивилите без политичка цел се чист криминал или акт на лудило што немаат ништо заедничко со тероризмот.

3. Мета на насилство–цивилите

[34]Ganor, B., (2005), *"The Counter-Terrorism Puzzle: A Guide for Decision Makers"*,(New Brunswick, NJ: Transaction ), Kindle book, p. 575

Во оваа насока тероризмот може да биде одвоен од другите форми на насилство како герила, бунтовници и револуционери.

Тероризмот носи две големи опасности, а тоа се: има политичка цел и намерно напаѓа цивили. Дефиницијата потенцира дека тероризмот не е резултат на нанесување штета врз цивилите кои случајно се нашле во областа на насилната политичка активност, туку тероризмот е намерно, директно и примарно насочено насилството кон повредување цивили. Намерното напаѓање цивили не само што помага во дефинирањето на тероризмот туку и го разликува од сличните феномени на политичко насилство. Тероризмот ги искористува и дејствува врз релативно слабо заштитените цивилни мети и создава голем страв кој потоа се шири преку медиумите.

## 1.6 Психолошко–(де)морализирачки ефекти на тероризмот

Тактиките кои ги користат терористите можат да бидат експлозивни направи, киднапирања, земање заложници, напади извршени со возила-бомби, напади со лесно оружје, но терористичките организации често имаат ограничени финасиски и човечки ресурси. Ако се земе предвид претходно кажаното, се поставува прашањето, како мислат терористите дека можат да ги остварат своите големи цели со ограничена тактика и ограничени ресурси?

За да се одговори на ова прашање ќе треба да се анализира психолошкиот ефект на терористичката страгегија.

Денешниот тероризам има форма на психолошко војување кое има цел да рашири страв и загриженост кај луѓето за својата безбедност. Стравот е трансформиран во политички притисок врз Владата за да ги промени своите политики во насока на остварување на терористичките цели. Според тоа, терористите сакаат да ги искористат либерално-демократските вредности и да ја присилат Владата да ги прифати нивните барања како резултат на физички, психолошки и економски последици од нивните напади.

Тероризмот настојува да го наруши секојдневниот живот на луѓето и нивното чувство на безбедност, со цел да го оневозможи нормалното функционирање на државата. Ваквата стратегија сака да создаде јавно мислење кое ќе влијае врз државниот врв да ги прифати терористичките барања, а со

тоа и да се врати чувството на лична безбедност кај населението. На овој начин населението станува алатка во рацете на терористите за промовирање на нивниот политички интерес. Можеби и не е од голема важност за терористичката организација да предизвикува стотици жртви во секој напад, но предизвикувањето на чувство на страв кај населението-жртва на тероризмот, е примарна потреба.

Со фокусирањето на тероризмот врз цивилното население како главна мета за напад, тероризмот ги крши сите меѓународни форми на војување. Цивилното население не само што е лесна мета за терористичките напади туку е и ефективно средство за постигање на терористичките цели.

Случајниот избор и неселективноста на метите во терористичките напади придонесуваат за создавање загриженост ка јнаселението во државата–жртва на тероризмот. Пораката која ја испраќа терористичката организација е: „Секој и секаде, во секое време може да биде жртва на терористички напад “. Заканата од ваков тип го нарушува чувството за стабилност и безбедност во секојдневниот живот на населението. Нарушувањето на секојдневниот живот предизвикува кајлуѓето пресметување на ризикот и можноста да биде жртва на терористички напад. Тогаш секојдневниот живот станува исполнет со несигурност и загриженост.

Ефективноста на терористичкиот напад лежи во способноста да се испрати терористичката порака до различните групи во државата дека тие се следните жртви на тероризмот.

Најефективниот метод за креирање страв кај поединецот е „персонализацијата на нападот“. Со „персонализацијата“ на терористичкиот напад, терористите ја испраќаат својата порака во стилот „Само поради тоа што имаше среќа ти или некој близок не беше жртва денес на нападот“ и логично е да се заклучи дека следниот пат ти или некој твој близок ќе биде жртва на тероризам. Ваквите чувства немаат основа во реалноста, имајќи ја предвид и статистиката за веројатноста да се биде жртва на тероризам во споредба со другите опасности по човечкиот живот. Можноста некој да биде удрен од автомобил на улица се неколку пати поголеми од можноста да биде жртва на терористички напад на истата улица.

Стравот кој се создава од терористичкиот напад може да се подели во две групи: ирационален страв и рационален страв.

Рационалниот страв е производ од логичната можност да се биде повреден во терористички напад. Овој страв е пропорционален со опсегот на заканата и со можноста да се случи напад. Рационалниот страв во општествата кои се жртви на секојдневни терористички напади е природен феномен кој не може да се искорени и има позитивно влијание во создавањето на безбедносна свест кај населението за можноста да се случи терористички напад. Ваквата безбедносна свест им помага на безбедносните сили да спречат напади, да ги откријат и уапсат терористите. Но, постои и друг уште поголем страв кој се создава кај населението, а тоа е ирационалниот страв кој не е во сооднос со опсегот на заканата и можноста да се биде жртва вотерористички напад.

Ирационалниотстравецелтанатерориститеиусловотзауспехнамодернататерористичкастратегија. Ирационалниот страв е создаден за да го парализира и ограничи поединецот во општеството-жртва на тероризам, да ја намали неговата способност да дава придонес во општеството и да ја наруши секојдневната рутина во животот на населението. Ирационалниот страв е наменет да го префрли фокусот во општеството од национална безбедност на лична безбедност и безбедност на семејството. Тероризмот сака да ги присили граѓаните своите интереси да ги поставaт над националните интереси на државата.

Покрај ширењето на страв со терористички напади, друг начин на кој терористичката организација го шири стравот е со испраќање пораки со заканувачка содржина до различни групи во општеството, имено дека тие или нивните блиски се следните жртви на терористички напади. Каква корист би имала терористичката организација со испраќањето на предупредување досвојот непријател, освен ако не сака да создаде постојана загриженост кај населението?

Многу често медиумите, политичарите, дури и личностите од безбедноста, поради недостаток од знаење за тероризмот како метод за психолошко војување, ги зголемуваат ирационалните стравови што оди во корист на терористичката организација. Ова е очигледно преку повторувањата на терористичките закани и нивните декларации со цел да ја прикажат

големината на терористичката закана и оправданоста на противтерористичките мерки.

# ГЛАВА 2. ПРОТИВТЕРОРИЗАМ

## 2.1 Поим за противтероризам

Според Ганор (2005) противтерористичките политики може да бидат разбрани како збир на офанзивни, дефанзивни и казнени методи на работата и средствата кои се така дизајнирани да овозможат истовремено дејствување врз намалувањето или елиминирањето на терористичките оперативни капацитети и терористичката мотивација за вршење напади. Исто како и концептот на тероризмот така и концептот на противтероризмот е оптоварен со различен пристап во неговото дефинирање. Сите се сложуваат дека тероризмот треба да биде сопрен, но тоа  не е доволно за да се добие усогласеност каков треба да биде пристапот на противтерористичките политики со кои сакаме да го сопреме тероризмот и која би била целта на тие политики.

Многу истражувачи се сложуваат дека секој што сака да ја формулира противтерористичката политика прво мора да ја дефинира целта на војната со тероризмот, односно да ја одреди мисијата на безбедносните сили и другите владини тела кои учествуваат во таа битка.

Некои од главните цели кои можат да ги постават владите пред политиките на противтероризмот можат да бидат: елиминирање на тероризмот, минимизирање на штетите и превенција на ескалацијата на тероризмот.

Елиминирањето на тероризмот како цел која е поставена на врвот на пирамидата на приоритетите подразбира: уништување на терористичката организација, отстранување на поттикот кај непријателот за извршување терористички напади и користење сила против државата и нејзините граѓани и разрешување некое политичко прашање поради кое и започнал тероризмот.

Поттикот за тероризмот најчесто доаѓа од политичката сфера и може да биде сопрен само таму. Решавањето на некое важно политичко прашање кое е поттикот за тероризам, може да повлече некои контраверзни барања за кои ќе треба Владата да плати многу висока цена и затоа оваа цел за елиминирање на тероризмот најчесто е недостижна.

Минимизирањето на штетите од тероризмот може да вклучува намалување на терористичките напади, намалување на жртвите и спречување одреден тип напади, како самоубиствените напади или нападите со ракети и намалување на материјалната штета.

Превенцијата на ескалација на тероризмот опфаќа две помошни цели:

- намалување на условите кои водат кон проширување конфликт (спречување регрутација и технички развој на терористичката организација, спречување на остварување политички придобивки за терористичката организација дома и на меѓународен план, и спречување поддршка на организацијата од други држави);
- намалување на опсегот на нападите (преземање мерки да се осигура дека нападите и жртвите не се зголемуваат и спречување сериозни типови напади).

Без разлика која ќе биде целта на противтерористичките политики, крајната цел е секогаш да се намали можноста за нови напади.

Целите кои им се поставуваат на безбедносните сили во борбата противтероризмот се предмет на промени, зависно промените кои настануваат во тероризмот, во меѓународната заедница и во политиките на државата.

## 2.2 Равенката на противтероризмот

Двата основни услови кои влијаеле врз опсегот и природата на тероризмот во минатото, денес и во иднина, претставуваат збир на терористичка мотивација и оперативни капацитети за дејствување согласно мотивацијата.

Врз основа на ова можеме да ја извлечеме противтерористичката равенка: „Кога се бориме со тероризмот и ако сакаме да ја намалиме заканата од него мораме да изведуваме различни активности со кои ќе дејствуваме истовремено во елиминирањето на терористичката мотивација и оперативните капацитети за изведување напади“.[35]

[35]Boaz Ganor “The Counter-Terrorism Puzzle: A Guide for Decision Makers”, (New Brunswick, NJ: Transaction Publishers 2005), Kindle book,, p.1000.

Природно е да се надеваме да ги елиминираме и намалиме и двете варијабили, но основната дилема во противтероризмот е фактот дека колку се поуспешни активностите со кои се нанесуваат загуби врз терористичките капацитети кои изведуваат напади, толку повеќе се зголемува нивната мотивација за извршување напади и остварување одмазда. Оваа дилема во противтероризмот е позната како „бумеранг- ефект".

**Мотивациската варијабила** е комбинација од чувства, желби, соништа за одмазда од една страна, и од друга страна, балансирања во однос на рационални пресметки, внатрешни и надворешни притисоци и можни резулатати. На пример, една терористичка организација може да реши да ги прекине своите напади за одредено време поради некои тактички причини. Спротивно, може комплетно да го отфрли насилството, препознавајќи го фактот дека не е во интерес на остварувањето на нивните цели и дури може да го загрози нивното остварување. И во двата случаи, кога терористичката организација има недостаток од мотивација за извршување терористички напади, иако има оперативни капацитети, може да се воздржи од изведување напади.

**Варијабила на оперативните капацитети**

Во некои случаи терористичката организација ќе се обидува да изврши напади, но нема да може да ги изведе поради недостаток на оперативни капацитети. Недостатокот на оперативни капацитети може да биде предизвикан од недостаток на финансии или поради ефектите на против-терористичките методи.

### 2.2.1 Факторите кои влијаат врз мотивација на терористичката организација за извршување напади

Факторите кои влијаат врз мотивацијата на терористите за изведување или за воздржување од напади може да се поделат во четири групи.

**Првата група** притисоци доаѓаат директно од населението кое ја поддржува терористичката организација, односно населението на кое терористите се повикуваат дека го претставуваат. Ова влијание може да се манифестира во две спротивни насоки. Првата насока е поддршката за терористичките напади и барање да се зголеми бројот на нападите, а втора

насока е да се бара стопирање на нападите. Овие влијанија јасно можат да се видат кај терористичките организации кои имаат многу блиски врски со населението кое ги поддржува.

Внатрешните влијанија и односи во терористичката организација-се различните идеологии во една организација, разликите кај раководството во однос на стратешките цели и начинот на нивно остварување, и лични ривалства.

Меѓуорганизациските влијанија се директен резултат од конкуренцијата која постои помеѓу две или повеќе терористички организации кои дејствуваат во иста политичка арена и помеѓу иста популација. Ваквите организации се натпреваруваат помеѓу себе која да ја добие поддршката од населението.

Интернационалните влијанија врз терористичката организација се државите-спонзори кои ја помагаат терористичката организација и можат да влијаат врз политиките на организацијата, и влијанијата од други држави врз државата-спонзор.

Активностите што ги презема државата-жртва на тероризмот со цел намалување на мотивацијата, се: хуманитарна помош, преговори, давање отстапки за населението и др.

**Втората група** фактори кои влијаат врз терористичката мотивација, а со тоа и на опсегот и природата на тероризмот се влијанијата базирани на акциите на државата која се бори со тероризам. Овие акции може веднаш да покажат резултати или резултатите да се појават подоцна.

Опсегот и природата на одбранбените и офанзивните акции, кои се преземени од државата противтерористичката организација ги подразбираат зачестеноста на офанзивните методи и степенот до кој тие успеваат да ја уништат терористичката инфраструктура како и степенот до кој ја зголемуваат мотивацијата за одмазда кај терористите предизикана од офанзивните акции. Ефективните офанзивни акции ќе водат кон намалување на оперативните капацитети на организацијата и можат да ја зголемат мотивацијата за одмаздувањето. Во тој случај терористите нема да можат да извршат напади, поради немањето на доволно оперативни капацитети. Ако на ваквите акции се додадат и дефанзивните методи кои ќе креираат пречка помеѓу терористите и

нивните мети најверојатно ќе водат кон намалување на жртвите како резултат на намален број напади.

Политичките активности кои ги презема државата се започнување стратегиски преговори со терористичките организации и спремност за политички отстапки.

Ставот и односот на државата кон населението кое ја поддржува терористичката организација со спречување хуманитарна помош, насочена кон населението- поддржувач на терористичката организација, и последиците од офанзивните акции врз населението, може да водат кон зголемување на поддршката на терористичката организација и со тоа да влијаат врз опсегот и природата на терористичките активности и напади.

Јавни изјави на политички лидери и раководители на безбедносните служби се изјавите кои доаѓаат од политичките лидери или од раководителите на безбедносните служби кои можат да бидат сфатени од терористичката организација како провокација и да ги предизвика да извршат терористички напади. Од друга страна, умерените изјави можат да бидат протолкувани како слабост и да предизвикаат дополнителни напади со цел да се присили населението да го зголеми својот притисок врз државниот врв.

Државата може да формира политики на застрашување и одвраќање од напади, и овие политики да имаат умерени ефекти, бидејќи можат да влијаат на намалувањето на мотивацијата за изведување напади. Но, од друга страна, ефективна политика на заплашување води кон зголемена мотивација кај терористичката организација да усоврши и да развие нови оперативни капацитети кои ќе ѝ овозможат да го игнорира заплашувањето од државата.

**Трета група** фактори кои влијаат на мотивацијата се ирационалните терористички мотиви. Тие се збир на емоции и чувства на лидерите на терористичката организација, терористичките активисти и нивните поддржувачи. Тука, исто така, може да се вклучи и „бумеранг-ефектот" кој претставува желба за одмазда после успешно изведена офанзивна акција на противтерористичката организација. Другите мотиви можат да бидат резултат од чувствата на пониженост и омраза базирани на национални или социјални причини или поради семејни загуби.

**Четврта група** фактори кои влијаат врз мотивацијата се важните датуми. Различни терористички организации се обидуваат да извршат

терористички напади на важни датуми со цел да одбележат некој историски настан, религиозен или национален празник, важни датуми од организациската историја, на пример, кога била формирана организацијата, или датуми кога се убиени нивните лидери.

За крај, најчесто директниот мотив кој ќе ја присили терористичката организација да изврши напад во одредено време и на одредено место се должи пред сè на можноста терористите да дојдат до потребните информации за слабоста на метата, на можноста да дојдат до метата, и на оперативната подготвеност на терористите и капацитетите за извршување на нападот.

Треба да се разбере дека постоењето на оперативните капацитети само по себе може да послужи како поттик кој ќе ја подигне терористичката мотивација за извршување напади или да влијае врз организацијата да ја промени природата на своите напади.

### 2.2.2 Фактори кои влијаат врз оперативните капацитети на терористичката организација

Човечкиот фактор е основниот елемент кој ги одредува оперативните капацитети на организацијата да изврши напади. Тој влијае врз способноста на организацијата да регрутира, да ги тренира регрутите и да ги активира во потребниот момент со испраќање во мисија да извршат терористички напад. Со цел да обезбеди и натамошно изведување напади, покрај напаѓачите, организацијата има потреба од членови кои можат да собираат разузнавачки податоци, духовни водачи, специјалисти од различни области, поткажувачи, административен и финансиски персонал.

Постоењето на административна и оперативна инфраструктура-како тренинг кампови и бази, канцеларии за регрутација, засолништа за криењапосле успешно изведен напад, возила и оружје, влијае врз опсегот и природата на нападите.

Терористичката организација има потреба од финансиски средства за да може правилно да се менаџира и одржува инфраструктурата, да се плаќаат плати на активистите, за купување возила и оружје. Треба да се земе предвид дека припадниците на терористичките организации, а и самите организации

не се водени од чисто финансиски интерес, но сепак не треба да се занемари и потребата од финансирањето.

Многу терористички организации трошат големи суми пари за да го придобијат населението преку давање пари на семејствата на убиените припадници на организацијата или за срушените куќи, за хуманитарни активности и индоктринација. Затоа финансиите претставуваат еден од најважните фактори кои влијаат врз организациските оперативни капацитети за изведување напади и врз природата на тие напади.

Секој обид да се влијае врз опсегот и природата на терористичките напади преку намалувањето на терористичките оперативни капацитети наметнува потреба од истовремено дејствување во следниве три правци: дејствија врз човечкиот потенцијал на организацијата, дејствија врз инфраструктурата и дејствија врз финансиските можности на организацијата.

Од претходно кажаното за факторите кои влијаат врз опсегот и природата на тероризмот можеме да заклучиме декае природно да се надеваме да ги елиминираме и намалиме и двете варијабли, но основната дилема во противтероризмот е фактот дека колку се поуспешни активностите со кои се нанесуваат загуби натерористичките капацитети, толку повеќе се зголемува нивната мотивација за извршување напади и остварување одмазда.

## 2.3 Категоризација на противтерористичката политика

Денес постои големо недоразбирање помеѓу државите за тоа со каква закана се соочени, какви треба да бидат одговорите на заканата, кои државни институции треба да бидат вклучени во одговорот и која е временската рамка за да се постигне посакуваната цел во борбата противтероризмот.

Според истаражувачите Алекс Шмиди и Роналд Крелинстан, најопшт начин да се разликуваат противтерористичките политики е да се поделат на „тврди и меки политики кон тероризмот“. „Меките“ политики се насочени кон справувањето со причините за тероризам, а „тврдите“ политики се насочени кон справување со терористичката организација. [36]

[36]Crelinstein, R. D. and Schmid, A. P.; “Western Responses to Terrorism: A Twenty-Five Year Balance Sheet”, Terrorism and Political Violence, Vol. 4, no. 4, 1992.

Вториот метод кој го предлагаат овие истражувачи е разликувањето на противтерористичките политики кои гледаат на тероризмот како на криминал и дејствуваат само со полициски сили, и политики кои гледаат на тероризмот како на надворешна воена закана, односно војна со мал интезитет и ќе дејствуваат врз терористичката организација со воени средства. [37]

Државата има на располагање четири одговори во борбата со тероризмот.[38]

1. Демократско-политички пристап - гледа на тероризмот како на политички проблем и решавањето е оставено во рацете на политичарите и дипломатите кои со помош на преговори и компромиси дејствуваат на економско-социјален план со цел да се намалат причните кои можат да водат кон тероризам. Сите активности на овој модел се согласно законот.
2. Воен пристап- гледа на тероризмот како на акт на војна и се справува со тероризмот со помош на армијата која на располагање ги има сите средства да ја елиминира терористичката организација. Законите на војната ги диктираат противтерористичките политики. Сите уставни и законски ограничувања се од второстепено значење. Се суспендираат цивилните закони и се заменуваат полициските сили со воени сили и воени судови. Главни актери се воените единици и разузнавањето.
3. Кривично-правниот модел гледа на тероризмот како на криминал и одговорноста за справување со тероризмот е на полицијата и законодавството. Овој модел се справува со тероризмот со апсења и осудувања на терористите.
4. Одбранбен модел-овој модел гледа на тероризмот како на физичка и психолошка закана, не дејствува директно на терористите и причните за тероризам туку ги заштитува жртвите и метите од терористички напади. Во најголем дел случаи е компактибилен со елементите на либералните демократи. Главни актери се полицијата, приватното обезбедување, службите за прва помош и противпожарната заштита.

[37]Iibid, p.310.
[38]Pedahzur, A. (2008) "The Israeli Secret Service and Struggle Against Terrorisam", p.4

Ниту една демократија во борбата со тероризмот не може да се потпре само на еден од овие пристапи и да верува во својот успех, а политичкиот пристап треба да биде неопходен елемент во континуираниот процес на противтероризмот.

Колкава треба да биде застапеноста на армијата во противтерористичката политика?

Колкава ќе биде доминацијата на армијата во противтерористичките политики најмногу зависи од ставот и начинот на кој државата гледа на тероризмот.

Една школа на учење се залага за изведување воени операции противтерористичките организации, а друга школа е против изведувањето на ваквите акции со образложение дека ваквите акции само даваат поттик за тероризам, носат ескалации и го засилуваат тероризмот.

Помеѓу овие две учења се наоѓа трет став кој се залага за комбиниран воено-политички одговор во една заедничка политика кој ќе се стреми кон елиминирање на тероризмот. Искуството на државите кои се бореле против тероризмот укажува на потребата од истовремено дејствување во двете сфери за да се победи овој феномен.

Во Шпанија, начинот на кој Франко се справувал со тероризмот преку воените акции не само што не го елиминирал тероризмот, туку и придонел за негов поголем развој како резултат на зголемената репресија што ја вршела војската. [39]

Пристапот кој се залага за политичко решение, примерот на Франција која во осумдесеттите години развила „доктрина на политички азил“ во напорите да ги спречи меѓународните терористички групи да вршат напади декларирајќи се како неутрална земја, мораше да ја промени својата политика откако и самата стана жртва на тероризмот.[40]

Во Израел ова прашање се појавува одвреме-навреме и е рефлектирано во следниот коментар „Желбата на израелската противтерористичка политика е

[39]Pollack, B.and Hunter, G. (1988) "Dictatorship, Democracy, and Terrorism in Spain" in Juliet Lodge Ed, The Threat of terrorism Whitesheaf Books Great Britan p130

[40]Wieviorka, M. (1990) 'French Politics and Strategy on Terrorism" in Bary Rubin ed, The Politicks of Counterterrorism: The ordeal of Demiocratic Staes. School of Advance International Studies Washington DC pp 68, 70

да се стави крај на тероризмот, но корените на палестинскиот тероризам и неговите цели се политички. Неможно е да се елиминира палестинскиот тероризам само со воени средства, бидејќи тоа ќе бара остри мерки кои ќе бидат спротивни на домашните и меѓународните стандарди“.[41]

И покрај овој заклучок најголем дел од активностите на Израел во борбата со тероризмот биле воените акции противтерористите и нивните поддржувачи.

Интифадата исто така потврди дека воениот пристап како дел од противтерористичката политика не е доволен за да се елиминира тероризмот.

Бенјамини Нетанјахи кој се смета за најжесток претставник на „тврдите“ политики, на прашањето дали може да се елиминира тероризмот само со воени средства, одговорил: „А зошто да не? Да, секако дека може, исто како да ме прашувате дали може да се елиминира криминалот со полиција!“

Зошто воен пристап кон тероризмот?

На национално ниво физичката штета од модерниот тероризам е релативно мала во споредба со другите причини за смрт како што се сообраќајните несреќи и болести. Дури и да се земат предвид и материјалните штети кои се создаваат од терористичките напади, тероризмот сè уште нема да претставува ништо повеќе од тактичка закана за државата, со исклучок на некои неконвенционални напади.

Но, тероризмот има многу поголемо влијание врз населението отколку другите закани. Кога го избираат моделот за справување со тероризмот политичарите го знаат овој факт. Политичарите се многу заинтересирани за намалувањето на психолошкиот ефект на тероризмот и со тоа да го убедат населението дека ги преземаат сите потребни мерки за да го решат проблемот и да ги заштитат. Ова води кон изборот на воениот модел кој се докажал дека е ефективен во брзото намалување на психолошкиот ефект на тероризмот за разлика од другите модели, а со тоа и подигање на рејтингот на Владата.

Затоа, дури и воениот модел да не е многу ефективен, и да постојат и други алтернативи за одговор на тероризмот, политичарите тешко ќе се решат да го променат својот избор.

[41] Yavivi, A. (1985) "Countering Palestinian Terrorism" in Ariel Merari (ed): On Terrorism and Combating Terrorism. University Publications of America Inc pp3-4

## 2.4 Офанзивни противтерористички методи

Еден од главните елементи во борбата со тероризмот се офанзивните методи, тоа се акции иницирани од безбедносните сили и насочени кон терористичките мети и се извршени на територии каде терористите се сместени и слободно дејствуваат. Офанзивните акции обично се случуваат на територијата на државата спонзор, на териториите на државата кои не се под нејзина контрола и врз тајни бази на терористите низ земјата.

На териториите каде терористите слободно дејствуваат или имаат делумна или целосна контрола офанзивните акции се базирани на копнени интервенции, воздушни бомбардирања, артилериски напади, напади од море, и специјални операции.

Вообичаено е државите кои извршуваат офанзивни акции во борбата со тероризмот да се соочат со критики од надвор и од внатре во државата. Офанзивните акции се сложен збир кој може да создаде краткорочни и долгорочни последици.

### 2.4.1 Цели на офанзивните акции

Целите кои се поставуваат пред офанзивните акции можат да бидат:

- **Спречување терористички напади**- најважната цел на офанзивните акции е да спречат изведување терористички напади. Оваа цел е базирана на верувањата дека нанесувањето штети врз терористичката оргнизација, нејзините членови и инфраструктурата ќе води кон нарушувањена барем на една од фазите на подготовка на нападот како: планирање на нападот, тренинг на напаѓачите, подготовка на оружје и експлозиви и други активности за поддршка на нападот.

Помеѓу сите цели на офанзивните акции, целта за спречување терористички напади е многу веројатно дека ќе биде прифатлива и за оние кои се противат на офанзивни акции, бидејќи целта е да се спасат животи со спречување терористички напади. Токму поради оваа причина политичарите често се повикуваат на извршување офанзивни акции за спасување животи, а всушност офанзивните акции имаат некоја трета цел:како победа на избори!

Многу тешко е да се докаже дека напаѓањето на некоја терористичка мета со сигурност го спречила извршувањето на нападот, или како што викаат противниците на офанзивните акции дека тие офанзивни акции ќе ја зголемат мотивацијата кај терористите и ќе ескалира целиот конфликт. Во ваков случај офанзивните акции се губитничката комбинација. Меѓутоа, иако постои веројатност дека терористичката организција ќе реагира на офанзивните акции со нови напади, не треба да се отфрлаат овие акции и добивката од нив треба да се испита во однос на долгорочните терористички напади, нивната природа и опсег.

- **Нарушување на секојдневна рутина на терористичката организација**– ова може да се постигне со убивање на терористичките лидери и важни активисти, а тоа може да предизвика и внатрешна борба за власт во организацијата. Уништувањето на важна терористичката инфраструктура ќе ги принуди терористите да ги насочат своите ресурси во обнова или градење нова инфрастурктура со што ќе ги оддалечи од изведување на нападите.
- **Одмазда и казнување**– ужасот од терористичкиот напад и ослабеното чувство на безбедност кај народот може да изврши притисок врз државниот врв за одмазда и казнување на виновниците.
- **Заплашувањето и одвраќањетоод напади заедно со казнувањето** - се дел од целите на офанзивните акции и овие цели често се испреплетуваат една во друга во насока дека одговорните за нападот ќе бидат казнети со плаќање висока цена, а другите ќе се заплашат и одвратат од напади и ќе се научат на лекција. Овие пораки најчесто се испраќани од израелските лидери и директорите на безбедносните служби. На пример, после убиството на Абас Мусави, лидерот на Хезболах, министерот за одбрана на Израел, Моше Аренс рекол: „Ова е порака за сите терористи: кој и да започне нешто со нас ние ќе го довршиме, ова мора да им биде јасно на сите терористи и нивните лидери“. [42]

Неколку години претходно, по убиството на Абу Ијад, премиерот на Израел Јицак Шамир рекол: „Да, се надевам дека нашите непријатели ќе

[42] Haaretz February 17, 1992, p.A-2

разберат дека Израелците знаат како да се борат и секој кој ќе не повреди ќе биде 7 пати повеќе повреден“.[43]

После убиството на Фати Шекаки, израелскиот министер за надворешни работи, Симон Перез рекол на конференцијата во Ерусалим:„Исламскиот џихад е организација на убијци. Шекаки беше нивниот водач. Секој кој ќе биде вмешан во убиство презема ризик да биде убиен“. [44]

- **Деморализација кај терористичката организацијаи населението**-терористичките лидери и главните активисти на терористичката организација се свесни дека се постојано под притисок од напад врз нив или врз нивната организациска структура. Овој притисок може да влијае врз нивниот начин на однесување, размислување и секојдневна рутина. Но, како и да е, овој притисок го чувствуваат и поддржувачите и симпатизерите на терористичката организација. Деморализацијата помеѓу членовите на организацијата е резултат на штетата предизвикана од офанзивните акции преку кои ќе се демонстрира и супериорноста на нацијата на технолошки, оперативен и разузнувачки план, а ќе предизвикаат и страв со информација која е добиена од извор од организацијата, дека офанзивната акција е успешно изведена. Овој страв често води кон тоа организацијата сама да се исчисити од шпионите. Тоа беше и првиот чекор на Хасан Насарла кога го презеде Хезболах после убиството на Мусави.[45]
- **Зголемување на моралот кај државата-жртва на тероризмот** - примарната штетапредизвикана од терористичките напади не е само физичка, туку повеќе е психолошка. Тероризмот сее страв и чувство на беспомошност. Успешна и компликувана воена акција која ќе ги манифестира воените капацитети, одлучноста, креативноста, технолошката и разузнувачка супериорност најверојатно ќе го подигне моралот кај населението- жртва на тероризам, и ќе го зајакне чувството на безбедност и способност да се справат со тероризмот. Многу луѓе се

[43]Yediot Aharonot April 20, 1988, p.2
[44] Maariv October 10, 1995, p.3
[45] Maariv April 2, 1996

против офанзивни акции, насочени кон подигање на моралот, бидејќи гинат луѓе за популистички цели.

- **Несоодветни причини за изведување офанзивни акции** - често се мисли дека акциите кои се насочени кон подигање на моралот на народот се несоодветни за извршување офанзивна акција и како нелегитимни се гледаат обидите да се дејствува преку воени акции врз политичкиот изборен процес бидејќи на овој начин луѓето ќе се оттргнат од економските и социјалните проблеми.

Да, точно, ова е нелегитимна цел, но подигнувањето на моралот е легитимна цел во борбата против стратешките цели на тероризмот, затоа е важно да се изведуваат акции што ќе го подигнат и зацврстат моралот на населнието- жртва на тероризмот.

Ефективноста на офанзивните акции е директен резултат на степенот до кој тие акции успеале во постигнување на сите претходно поставени цели или само на дел од тие цели.

## 2.5 Одбранбени противтерористички методи

Одбранбените методи ги опфаќаат сите активности што државата ги спроведува на својата територија за заштита на луѓе, важни инсталации, објекти, транспортни патишта и други важни цели. Одбранбените активности се виталниот елемент на противтерористичките политики и се со примарна цел за спречување напади. Одбранбените методи треба да спречат пристап до локацијата каде треба да се изврши нападот и пристап во државата, лоцирање и апсење на терористите на својот пат кон метата на нападот и минимизирање на штетите од нападот. Покрај овие цели одбранбените активности можат да имаат и други цели, како одвраќање на терористите од нивните намери за напад и зголемување на чувство на сигурност кај народот.

За разлика од офанзивните активности кои временски се темпирани и насочени кон спречување напади пред да се изведат, уште во фазата на планирањето, одбранбените активности се насочени кон нарушување на напорите на терористите да го изведат својот напад кога веќе се во различни фази на имплементација. Тоа е времето кога терористите ја напуштаат базата и

се движат кон метата, нивното пристигнување во близина на метата и подготовкатаза да го извршат нападот.

Многу терористи можат да бидат одвратени од напади поради одбранбените мерки бидејќи нема да можат лесно да поминат покрај обезбедување и бидејќи постои голема можност да бидат фатени. Спротивно на ова, недостаток на безбедносни мерки може да биде поттик за терористички напад на таа локација.

О'Брајан вели дека дури и сите безбедносни дефанзивни мерки да се користат и да се успешни во намалување бројот на нападите, сепак сѐ уште ќе биде можно некои напади да се изведат.[46]

За да се постигнат целите на одбранбените акции, безбедносните сили вршат патроли, поставуваат заседи, блокади на улици, користат метал-детектори, бариери, огради, и прават општа проценка на безбедноста во однос на терористичките намери. Некогаш безбедносните сили можат да добијат и разузнавачки информации за можен напад што ќе им овозможи да го засилат обезбедувањето на потенцијалните мети. Но, најголем дел од одбранбените тактики се изведувани без претходни разузнавачки известувања за напад, и се базирани најмногу на искуство и на општа проценка на намерите на терористичката организација.

Поради потребата да се затворат многу пукнатини во одбраната, како границата, транспортните центри, рути испецифични мети, одбранбените тактики имаат голема потреба од луѓе, технологија и физички препреки. Сето ова ја прави овој вид акција многу скапа и отвора расправи во однос на вложените средства и ефективноста на одбранбените методи.

Дилемата за користењето на одбранбените средства се зголемува уште повеќе со земањето предвид на цената на чинење, заштитувањето на голем број мети и фактот дека максимална безбедност на некоја мета не значи и 100% заштита од напад.

Ако се земе предвид сето ова ќе се види дека голем дел од средствата од буџетот на државата одат во одбранбените методи со што се развива дилема за

[46] O'Brian, V. W. (1986) Terrorism-What Should We do? In Steven Anzovin (Ed), Terrorism, the Reference Shelf 58(3), p 155

ефективноста на користење на буџетот, бидејќи се скратуваат средства за другите елементи од противтерористичката политика.

Поради своето искуство воголем број напади, Израел морал да инвестира огромни средства во одбранбените компоненти, а границата на Израел топографски бара да биде технички обезбедена бидејќи нема природни препреки.

Одбранбените методи се покажале како многу успешни од аспект на превенција на тероризмот и намалување на штетите од терористичките напади.

Одбранбените акции се последната алка во синџирот на превенција од тероризмот. Важноста на одбранбените методи е очигледна во ситуација кога разузнавањето навреме не обезбедило инфорамации и кога политиките на заплашување и одвраќање се неуспешни. Тогаш е потребно да се има безбедносна структура на терен која кореспондира со големина, можности, методи и средства на терористичката организација да ги заштити можните мети од напади.

## 2.6 Казнени противтерористички политики

Еден од важните делови во дефинирањето на политиката за борба со тероризмот е формулирање казнени политики за инволвираност во тероризам, учество во терористички напади и помагање тероризам.

Казнените методи се наменети, покрај другото, за да се стават во затвор опасните терористи и да се тргнат од јавниот живот како опасност за цивилите. Овие методи служат и за да се изврши одмазда врз некој кој е вклучен во нападот. Казнените методи служат за да се врши постојан притисок врз терористите и поради притисокот првенствено да се занимаваат со решавање проблеми, предизвикани од казнените методи, а не да мислат на изведување напади. Тие исто така служат да ги заплашат и одвратат другите од изведување терористички напади.

Многу земји користат различни казнени методи, бидејќи користењето на овие мерки испраќа порака во јавноста за ефективни противтерористички политики и решителност на Владата за борба против тероризмот.

„Во односот помеѓу терористичката организација и државата, државата е таа која е во ситуација да биде самореактивна во однос на терористичката организација, но со казнените методи државата ја презема инцијативата“.[47]

Казнените стратегии можат да се поделат во две групи: офанзивни и судски казни.

Офанзивните казнени методисе користат за казнување лидери,активисти и казнување на државата- спонзор. Со офанзивните методи државата изведува противтерористички акции врз организацијата или активистите со цел казнување на одговорните за терористичкиот напад и да ги заплаши другите од терористичката организација, да го намали моралот на терористичката организација или да го подигне моралот на нацијата- жртва на тероризмот. Офанзивните казнени методи се акција која обично е административна одлука на лидер на држава, безбедносните организации или на некоја друга гранка на безбедносно-разузнавачкиот сектор и може да биде изведена без претходен судски процес.

Судско казнување е казнување на терористите кои биле фатени пред извршување напади, за време на напад или после нападот, на нивните соработници и други кои се вклучени во акцијата. Судскиот процес се води низ правниот систем на државата или низ специјално тело, оформено за таа намена.

Специјалните карактеристики на тероризмот некогаш наметнуваат потреба од специјални казнени методи кои обично не се среќаваат во кривичниот закон. Во некои случаи таквите казнени методи имаат директен или индиректен ефект врз населението кое не е вмешано во терористичките активности. Таквите чекори се: полициски час, целосно затворање одредена територија или делови од град, рушење куќи, како и др. строги мерки. Овие казнени методи често се нарекуваат методи за колективно казнување –методи кои се во спротивност со вредностите на либералните демократи.[48]

[47]William V. OBriean "Terrorism What Should We do?" in Steven Anzoin (Ed), Terrorism, The Reference Shelf 58(3), 1986, p. 155
[48]Shashar, M. (1992) Conversation with Rehavam Gandhi Zeevi, Yediot Aharonot Sifrei Hemed, Jerusalem, pp 132-133

### 2.6.1 Колективно казнување како метод во борбата против тероризмот

Една од најголемите дебати, поврзана со противтероризмот се води за колективното казнување; тоа е казна која не е наменета и насочена кон поединци или помали групи на активисти туку против поголема група од населението од каде што потекнува терористичката организација. Се прави со цел да се креира притисок и да се спречи населението да ја поддржува терористичката организација, да им помага и да се солидаризира со нив.

Целта на колективните казнени методи е да се изолира терористичкта организација од изворот на поддршка, да се изолира помошта за набавување оружје, храна, експлозив и разузнавачки податоци. Според Мао Це Тунг, логиката на овие мерки е да се спречи терористичката организација зада се чувствува како риба во вода. Поддржувачите на оваа теорија сметаат дека:„Државата мора да се обиде да ја измеша водата и да се обиде да ги направи терористичките активности тешки и со тоа да го искорени феноменот".[49]

Овој пристап го опишал Вили Брант кога во 1977 зборувал за киднапирањето на Ханс Мартин Шелер „Поддржувачите повеќе се одговорни од тие што го повлекуваат чкрапалото. Без нив терористите би биле беспомошни. Тие се оние што создаваат атмосфера во која убијците можат да бидат херои. Без психолошка поддршка и тајни засолништа нема да може да се изврши убиство".[50]

Од друга страна, противниците на овој пристап велат дека колективното казнување само ја зајакнува јавната поддршка на терористичката организација, го нарушува имиџот на земјата како либерална демократска држава и води кон губење на меѓународната легитимност.[51]

Хофман и Морисон потенцираат:„Ваквите чекори кои се наменети да ја спречат активната или пасивната поддршка на терористичката организација се покажале како неефективни и на крајот водат само до зголемена поддршка од јавноста за терористичката организација, поради непријатностите и

---

[49]Soule, W. J. (1989) "Problems in Applying Counter-Terrorism to Prevent Terrorism: Two decades in Nortern Ireland Reconsidered" Terrorism: An International Journal, 12(1), p. 41
[50] Janke, P. " The Neutralization of the Red Army Faction" in Peter Janke, (Ed), p. 125
[51] Hofman, B. and Morrison, J. (1992) A Strategic Framework for Countering Terorism and Insurgency, A Rand Note prepared for the US Department of State Santa Monika, p. 29

проблемите што ги создаваат таквите методи и вознемирувањата и нарушувањата во секојдневниот живот кај народот од каде потекнува терористичката организација“.[52]

Во Израел има поддржувачи на овие мерки кои ги препорачуваат за колективно казнување на палестинска популација за да се испрати јасна порака да не се соработува и да не се помагаат насилните активности и тероризмот против Израел.

Рехавам Зави, советник на премиерот за противтероризам, е рециден во врска со борбата противтероризмот:„Мораме, нагласува тој, да најдеме што е тоа што ги повредува нив и тоа да го правиме. Ние се плашиме од колективното казнување иако тоа делува одлично. Немирите во Беит Фарјаке водат кон забранување на извозот на каменот. Ако има немири во Хеброн, грозјето од Хеброн нема да може да се извезе во Јордан. Ако речете дека ова е неморално, јас ќе ве уверам дека е повеќе од морално бидејќи на ваков начин се пролева многу помалку крв од двете страни. Но, луѓето одбегнуваат да ги преземат овие чекори, бидејќи тоа е колективна казна. Владата живее во страв од медиумите и закани од критики од Парламенот“.[53]

Ариел Шарон се залага за поразличен пристап со кој ќе се намали колективното казнување. Според него, за да се стави крај на интифадата не е потребно само да се преземаат поекстремни чекори, туку различни чекори кои ќе имаат поголем ефект.

„Јас отсекогаш сум предлагал преземање различни чекори, а најаважна работа е да се направи разлика помеѓу Арапи кои работат против Израел и неактивен дел од популацијата, и после да се бориме против нив“.[54]

Мао Це Тунг постојано ги предупредувал своите луѓе да не користат непропорцијална физичка сила, да не уништуваат приватна сопственост или да го навредуваат достоинството на граѓаните. Тој сфатил дека ваков тип акции ќе водат кон освета. Ова е вистина и за земјите кои денес се борат со тероризам и со герила, треба да се води грижа за честа, сопственоста, да не се употреби

[52]Ibid

[53]Shashar, M.(1992) Conversation with rehavam Gandhi Zeevi, Yediot Aharonot, Sifrei Hemed , Jerusalem, p. 132-133

[54]Haaretz February 26, 1990

сила врз тие кои не се директно вклучени во планирање, водење и изведување терористички напади.

Земјите кои се борат против тероризмот треба да разберат дека ако сакаат да креираат доволно висок степен на заплашување ќе мора да користат акции за кои нема место во либералните демократии. И тие акции нема да бидат прифатени или толерирани од меѓународната заедница.

Акциите кои можат да бидат изведени од режими или недемократски системи не можат да бидат извршени од држави со демократски вредности и посветени на меѓународната соработка. Со други зборови, ќе биде тешко за демократска земја да го оствари потребниот степен на активност за да создаде заплашување на терористичката организација и нејзините поддржувачи без да го изгуби демократскиот карактер и да стане предмет на критики од меѓународната заедница, а со тоа таа ќе го изгуби својот меѓународен статус и токму затоа штетите од колективните казнувања се поголеми од добивките.

Според други истражувачи, право е на државата, не само да ги казни извршителите, туку и да ги казни тие што се вмешани во терористичките напади, тие што се директно или индиректно вклучени во тој процес, како и тие што знаеле дека ќе се случи напад и не го спречиле. Ова не треба да се разгледува како колективна казна.

Според Обединетите нации колективното казнување вклучува

„...казнување за дело кое не е лично направено од казнетата личност и колективното казнување е забрането“.[55]

Колективното казнување има за цел да ја казни терористичкта организација во целост, но колективното казнување се однесува и на поддржувачите на терористичката организација како и на граѓаните кои немаат никаква врска ниту со терористичката организација ниту го поддржуваат изведувањето на терористичките напади. Затоа се поставува прашањето, каде завршува индивидуалната казна, каде започнува групната, и каде започнува колективната казна?

[55]Internional Committee of Red Cross, "Internatioanl Law Resourses, 4th Geneva Covention.

## 2.7 Либерално-демократската дилема во војната со тероризмот

Најкритична и најтешка дилема со која се соочуваат западните демократи во борбата со тероризмот е демократската дилема. Оваа дилема произлегува од желбата на државите да постигнат максимална ефективност во борбата со тероризмот, а притоа да не ги нарушат основните либерално-демократски вредности како што се човечките права и слободи, правата на малцинствата и избегнувањето да се повредат недолжните граѓани.

Демократската дилема се манифестира и на друго ниво, а тоа е грижата на Владата за својата судбина. Владата е задолжена да ги штити либералните вредности - непочитувањето на овие вредности носи опасност по легитимноста на Владата. Од друга страна, од Владата се бара да направи сè што е во нејзина моќ да ги заштити животите на народот од тероризам, во спротивно гласачите ќе помислат дека Владата не направила доволно за да го победи тероризмот и на изборите ќе гласа за друга партија. Сето ова ја создава дилемата за „правото на владеењето“.

Демократската дилема во владеењето подразбира пронаоѓање на вистинскиот баланс помеѓу добивањето на довербата од народот, одржувањето на легитимноста и зачувувањето на правото на владеењето.

Многу истражувачи веруваат дека тероризмот нашол место кај либералните демократи каде може да расте и да се развива. Вредностите на демократите оставаат простор каде што може да се развијат активности на терористичката организација, а во исто време тие вредности ја спречуваат владата да преземе ефективни акции против тероризмот. [56]

Оваа школа верува дека либералните демократи, нивните вредности и институции се поттик за тероризам.

Спротивно на оваа школа постои друго учење кое верува дека демократските вредности и институции се всушност, пречка за развојот на терористичката организација.

---

[56] William R. Farrell, The U.S Goverment Response to Terrorism: In Serch of an Efective Strategy, Westview Press Boulder, CO, 1982, p.119

„Цели демократии добро се справиле со тероризмот и ја ограничиле заканата од тероризмот. Тероризмот позитивно влијае врз демократиите со тоа што се создава единство помеѓу граѓаните и безбедносните служби“. [57]

Третата група истражувачи ги базираат нивните теории на статистички податоци кои докажуваат дека терористичките напади најчесто се изведувани врз држави кои имаат демократско владеење.

Според Вилкинсон: „Терористите можат слободно да ги користат демократските слободи во државите и да ја шират својата пропаганда како и да ги навредуваат вредностите на демократијата со цел да вршат дестабилизација на државните лидери и институциите на државата“. [58]

Тероризмот не се јавува само во демократиите, модерниот тероризам се изведува по случаен избор на жртви. Тероризмот не се интересира за идентитетот на жртвите, единствена цел му е да создаде страв кај народот, што подоцна ќе влијае врз ставовите и однесувањето на граѓаните и на политичкиот процес.

Терористите навистина наоѓаат плодно тло во демократиите, бидејќи тоа се отворени општества во кое постои јавно мислење кое може да влијае врз одлуките на владата. Постојат рестрикции за казнувањата на терористите, постојат ограничувања за безбедносните сили и постојат слободни медиуми.

За Ирвин Колтер борбата против тероризмот значи и стремеж да се исполни основното човеково право, а тоа е правото на животот. [59]

Понекогаш во остварувањето на стремежот да се обезбеди правото на народот да живее безбедно, лидерите на државите мора да донесат тешки одлуки. Во таквите случаи лидерите мора да се стремат кон што помало ограничување на човековите слободи и доколку таквите ограничувања се потребни, треба да се осигура да се однесуваат само на минимални намалувања на слободите и правата. Ваквите одлуки треба да се донесат само откога ќе се исцрпат сите алтерантиви.Тие треба да бидат само времени и да бидат предмет на судска контрола.

[57]Dror, Y. (1983) “Terrorism as a Chalange for the Stiving of Democacies to Govern” Terrorism, Legitimacy adn Power, Wesleyen Univesity Press Middletown, CT, pp. 71, 79, 80.
[58]Wilkinson, P., (1976)“Terrorism versus Democracy: Anataomy of a Conflict” Cyclone (1) p. 11
[59]Cotler, I. (2004) “Address to the fifth meeting of Ministers of Justice of the Americans”

Лидерите мора да ги користат либерално- демократските вредности како нивен морален компас и мудро да ја препознаваат нивната должност во обезбедување на граѓаните со најмала штета врз либералните вредности. Лидерите не можат да ја игнорираат либерално –демократската дилема кога се борат со тероризмот, бидејќи порано или подоцнаќе се соочат со нејзината сурова реалност. Ова не значи дека ефикасноста на противтерористичките политики треба секогаш да прави преседан во однос на демократските вредности. Јасно е дека разбирањето на либерално-демократската дилема е основа во изнаоѓање на балансот помеѓу овие контрадикторни потреби.

# ГЛАВА 3. ХАМАС

## 3.1 Создавањето на Хамас и неговата идеологија

Хамас е кратенка за „Исламско движење на отпорот“ и претставува фундаменталистичко сунитско исламско движење, кое било создадено во декември 1987 година, како воено крило на Муслиманското братство во Палестина.

Како организација, која намерно применува насилство против цивили со цел постигнување политички цели, може да се смета дека Хамас е терористичка организација.

Шеикот Ахмед Јасин, кој во времето на интифадата ја предводел мирната фракција на Палестинското муслиманско братство-позната како Исламска муџамаха, донел заклучок, дека за да се остане релевантен и да се спречат млади луѓе да преминуваат во другите терористички организации, неопходно е да се формира конкурентна организација која активно би учествувала во насилното востание во териториите, а таа организација била Хамас.

Идеологијата на Хамас претставува мешавина од палестински национализами погледна радикален сунитски ислам. Заедно, тие ги генерираат главните цели на организацијата: да воспостават независна палестинска држава на целата територија на Палестина и да обезбедат независната палестинска држава да биде владеена од исламски закони.[60]

ПовелбатанаХамас (1988) ја отсликува идеолошката основа на организацијата: фундаменталните принципи, главните мотивации и целите. Членот 1 од Повелбата го дефинира исламот како нормативна поддршка на идеологијата на организацијата и како владејачки и оперативен извор на насоки за нејзините активности. Како што е наведено во Повелбата „Исламското движење на отпорот“, своите насоки ги добива од исламот,од него го црпи своето мислење, интерпретациите и погледите околу постоењето, животот и хуманоста, се консултира со него за негово извршување, и е инспирирано од него во секој чекор што го презема. Исламското движење на

[60]Ganor, B. (1992) “Hamas: The Islamic Resistance Movement in the Territories”, Survey of Arab Affairs, Jerusalem Center for Public Affairs.

отпорот од исламот ја црпи инспирацијата, насоките, и афинитетот кон Муслиманското братство.[61]

За разлика од другите палестински организации и партии, противењето на Хамас за постоењето на државата Израел, само по себе не е водено од национализам. Тоа е повеќе поради тоа што исламот секој дел на „палестинската земја" го гледа како света муслиманска земја, дури и ако лидерите на Хамас би го сакале спротивното, исламскиот закон забранува нивна компромитација во однос на дозвола за постоење неисламска земја на било кој дел од палестинската територија. Следствено на тоа, во членот 11 на Повелбата на Хамас е определенодека:

„Исламското движење на отпорот верува дека земјата на Палестина низ генерациите била исламска сопственост и сè до денот на воскресението никој не може да се откаже од неа или од дел од неа, или да ја напушти неа или дел од неа. Ниту една арапска земја, ниту здружување на сите арапски земји и ниту еден арапски крал или претседател, ниту сите здружени претседатели го немаат тоа право, а тоа право го нема ниту било која организација или здружение на организации, без разлика дали се палестински или арапски, бидејќи Палестина претставува исламска сопственост на сите генерации до денот на воскресението". [62]

Уништувањето на државата Израел е цел на Хамас и предуслов за реализација на главна цел за воспоставување на палестинската исламска теократија. Според членот 6 од Повелбата на Хамас „се стреми да го возвиши знакот на Алах над секој квадратен сантиметар од Палестина".[63]

Во членот 13 јасно стои дека: „Мир и иницијативи за мир, т.н. мирољубливи решенија и меѓународните конференции за решавање на палестинскиот проблем, сите се спротивни на верувањата на Исламското движење на отпорот. Откажувањето на било кој дел од Палестина, значи откажување на дел од религијата.

Национализмот на Исламското движење на отпорот е дел од неговата судбина, движењето ги едуцира неговите членови да се придржуваат до

[61]The Charter of Allah The Platform of the Islamic Resistance Movement (Hamas)"-Translated and annotated by Raphael Israel
[62]Ibid
[63]Ibid

неговите принципи и да го возвишат знакот на Алах во нивните родни места во текот на нивниот џихад: „Алах е семоќен, но повеќето луѓе не се свесни за тоа“.[64]

Воениот џихад, а тоа е тероризмот, претставува помошна цел, дефинирана во Повелбата за основањето на Хамас. Џихадот е претставен како лична обврска која е должност на секој муслиман (член 15). Ваквата помошна цел има задача промовирање на главната цел „целосно слободна Палестина по пат на уништување на државата Израел“. Во членот 8 од Повелбата на Хамас е сумирана идеолошката фондација (формирање) на Хамас како: „Алах е целта, Пророкот е возвишен пример, Куранот е уставот, џихад е патот, смртта за доброто на Алах претставува највозвишената аспирација и цел“.[65]

## 3.2 Хамас како хибридна терористичка организација

Хибридната терористичка организација е организација која има најмалку два составни елементи. Велиме најмалку два елемента, воено и политичко крило, бидејќи може да развие и трет составен елемент или крило кое е одговорно за добивање и освојување на јавната поддршка (освојување на срцата и умот) од цивилното население од каде потекнува терористичката организација. Таа поддршка терористичка организација се обидува да ја добие преку влијанието во социјалната сфера на општеството, преку давање бесплатни услуги во образованието, здравството и религијата. Сите овие активности се насочени кон сиромашното население кое го сочинува најголемиот процент на населнието во конфликтните подрачја. Во исламот ваквите активности се познати како „*da'wa*“.

Хибридните терористички организации преземаат и одговорност за јавната безбедност и судството преку кои покажуваат решеност за борба со локалниот кримнал, трговијата со дрога, корупцијата, граничната контрола, и гарантирањена личната и материјалната сигурност на населението, сè со цел да се покаже дека организацијата е способна да владее и да обезбеди порамноправен живот на територијата под своја контрола од претходната форма на владеење.

---

[64]Ibid
[65]Ibi

Популарната хибридна терористичка организација која дејствува спротивно од аспирациите на заедницата за која тврди дека ја претставува или е отуѓена од заедницата од која потекнува, за брзо време може да се перцепира како непријателски, опасен елемент, и да стане жртва на прогони од страна на таа заедница и од државите или властите на кои им се спротиставува.

Како што хибридната терористичка организација настојува да зборува во името на нејзината заедница и да влијае врз обликувањето на верувањата и надежите на таа заедница на ист начин организацијата може да биде под влијание од страна на мислењето на таа заедница. Посебно, одлуката организацијата активно да спроведува насилство, и типот на насилство кој го одбира да го спроведува, може да бидат под влијание од ставовите на заедницата. Заедницата може да помага за полесна изведба на терористичките напади од страна на организацијата или со подигање на гласот може да ги ограничи таквите напади.

Процесот на освојувањето насрцата и умот на јавноста не само што креира комфорна работна средина за хибридната терористичка организација туку исто така го проширува секторот за потенцијални регрути за организацијата.

Културата на *шухада* (маченииштво, мартидром) и поттикнување тероризам во палестинската арена, претставува уште еден пример за тоа како терористичките организации ги освојуваат срцата и умот на заедница од која потекнува. Овие организации со години користеле „*da'wa*“ концепт за да генерираат емпатија за тероризмот, а посебно самоубиствени напади. Тие креираат јавна поддршка за своите активности преку графити и натписи на ѕидовите, величејќи ги актите на терористите самоубијци, низ палестинските села и градови, потоа преку делење видео-клипови и фотографии на маченици по социјалните мрежи и на интернет-страниците, преку имами кои поттикнуваат на тероризам во џамиите, преку образовниот систем и преку летни кампови каде што децата учат како да користат оружје и да преживеат на терен.

Деца кои од рана возраст биле одгледувани да се поистоветуваат со моделот на *шахид*(маченик), тежнеат самите да се навлекуваат на маченииштво

кога ќе пораснат и претставуваат кадар за идни регрутирања и поддржувачи на тероризам.

Користејќи го „*da'wa*" концептот, хибридната терористичка организација ги користи демократските изборни процеси за да ја воспостави и да ја зацврсти политичката моќ во заедницата и да ја освои власта на изборите.

## 3.3 Рационалниот пристап кај терористичките органзации

Првата грешка што се прави во проценувањето на тероризмот е дека терористите се ирационални актери „неразумен свет", и затоа не можат ефективно да бидат разбрани и проценети. Поради тоа, невозможно е да се предвиди однесувањето на организација која е составена од неразумни луѓе и нивното однесување кон противтерористичките политики.

Како резултат на тоа се развива противтерористичка доктрина која се базира само на рационалните пресметки на државата без да се земат предвид непријателските пресметки, проценки и реакции. Ваквиот пристап е предодреден на неуспех.

Втората грешка е претпоставката дека терористите прават рационални пресметки на иста основа како западниот свет, базирани на иста етика, вредности и рационалност. Ваквата грешна претпоставка на креаторите на политиките на противтероризмот ги наведува да веруваат дека можат да предвидат како ќе реагира терористичката организација кога ќе биде соочена со политиките на државата. Кажано со други зборови, тие очекуваат дека терористите кога се соочени со одредени предизвици ќе реагираат исто како што би реагирале западните држави.

Ако е грешка да се претпостави дека денешните терористи се ирационални, тогаш се поставува прашањето која е рационалноста што ги тера на такви акции? Кој е процесот што ќе натера радикална организација да прифати терористичка тактика?

Рационалниот модел се чини дека е најдобар избор за да се опише однесувањето на терористичката оргнизација. Овој модел се базира на идејата

дека кога се соочени со избор на повеќе акции тогаш луѓето најчесто избираат акција која ќе им даде најголеми добивки".[66]

Едноставно кажано, носењето на одлуки или одлучувањето е процес во кој, тој што ја носи одлуката, прави анализа на добивки-загуби од можниот избор на акции и ја избира акцијата во која тој верува дека ќе му донесе поголема добивка од загуба и во исто време ќе ги оствари своите цели.

Терористите го следат овој модел на одлучување и може да се сложиме со Хофман дека терористите се сосема нормални и далеку од тоа што се зборува за нив дека се неразумни фанатици и луди убијци. Како што објаснува Хофман многу терористи прават внимателни пресметки и одлучуваат да извршат терористички акт како производ на сосема рационална одлука. [67]

Терористичката рационална анализа е резултат на субјективни проценки за добивки и загуби на тој што ги носи одлуките. Во субјективни карактеристики на носителот на одлуката влегуваат неговите искуства, културата, религиските верувања, идеологијата, моралот и вредностите. Терористите го користат истиот рационален модел на одлучување, но со сосема други вредности за добивките и загубите.

Проблемот на погрешните претпоставки дека терористите се ирационални актери, или неразбирањето на нивната рационалност и процесот на донесувањето на одлуките може да водат кон развивање несоодветни противтерористички стратегиии кои можат да создадат повеќе штета од корист.

Најголем предизвик за сите вклучени во борбата со тероризмот е да се влезе во „мозокот" и начинот на размислување на терористите за да се разберат нивните пресметки за рационалноста.

[66]Elster, J. (1988) Nuts and Bilts for the Social Science (Cambridge: Cambridge Univesity Press, ) p.22
[67]Hoffman, B, (1988) Inside Terrorism, (New York Columbia University Press), p.7

# ГЛАВА 4. МИРОВНИОТ ПРОЦЕС

## 4.1 Историската димензија на мировниот процес

Мировниот процес помеѓу Израел и Палестинците се однесува на повремените разговори, конференции и самити кои се воделе во услови на постојано насилство со цел постигнување решение за меѓусебниот конфликт, признавање на Израел и решавање на палестинското прашање. Според Палестинците - почетокот на конфликтот е од 1948 со создавањето на државата Израел, а за Израел почетокот на конфликтот е од 1967 год. Враќањето на окупираните територии е централното прашање во преговорите како и правото на палестинските бегалци да се вратат во Израел.

Официјалната позиција на Израел е дека мирот треба да се постигне врз основа на предавање дел од окупираните територии во размена за прекинување на насилствата и конфликтот, односно решение „територија за мир". За да може да се постигне мировен договор, според Израел, преговарач од другата страна треба да биде Махмуд Абаз лидерот на Фатах, а не Хамас. Спогодбата од Осло и Самитот во Кемп Дејвид ја потврдија согласноста на Израел за договорот за две држави како можно решение за постигнување долгорочен мир.

Сите претседатели на САД се придржувале кон позицијата дека Израел мора да се откаже од некоја територија која ја освоил во војната во 1967 год за да може да се постигне мир, а палестинските власти мора активно да го спречат тероризмот и да го прифатат правото на Израел да постои.

Постојат голем број отворени прашања помеѓу двете страни кои треба да се решат за да може да се постигне долгорочен мир. Тие прашања се границите и поделбата на територијата, големите емоции кои постојат на двете страни од конфликтот, израелските населби во Западниот Брег, статусот на Ерусалим, палестинските терористички закани, безбедните граници, поттикнувањето на насилство, правото на палестинските бегалци кои живееат надвор од територијата на Палестина и враќањето на природните богатства.

Од израелска страна, главно прашање кое треба да се реши е безбедносното прашање, и дали палестинските институции и палестинските лидери се борат противтероризмот и насилството или го поттикнуваат. Ова

израелско прашање се базира на минатите искуства кога палестинските лидери го промовирале и го поддржувале тероризмот и терористичките организации. Победата на Хамас беше доказ за ваквиот став на израелската страна.

После војната во 1967 год., Советот за безбедност на Обединетите нации ја изгласа *Резолуцијата 242* која повикува на повлекување на Израел од окупираните територии од војната во 1967 во замена за прекинување на сите непријателства кон Израел и признавање на суверeноста, територијалниот интегритет и политичката независнот на сите држави во таа област.[68] Во резолуцијата, која беше усвоена во 1974 год. Генералното собрание ги потврди правата на Палестинците, вклучувајќи право за самоопределување без надворешно мешање, право на назависност и суверинитет, право бегалците да се вратат во нивните домови и да си ја вратат сопственоста. Оттогаш па сè до денес во сите резолуции на Генералното собрание се повторуваат овие права на Палестинците, но нема никаква промена во реалноста.

Спогодбата од Осло не претставува мировен договор помеѓу Израел и Палестинците, туку е договор за методите и временскиот рок за постигнување траен мир и градење на привремените палестински власти до конечното решение.

Спогодбата која носи официјален наслов „Декларација за принципите на привремените палестински власти“ беше потпишана на 13 септември 1993. Декларацијата опфаќа: трансфер на власта и одговоноста за Западниот Брег и Областа Газа од Израел на палестинските власти. Палестинските власти добија целокупна власт во најголемите градови во Западниот Брег и целата Област Газа. Израел го задржа правото на воено присуство во Западниот Брег поради безбедносните закани и ја задржа контролата на 61% од територијата.

Со Спогодбата, палестинските власти беа одговорни за спречување секакво терористичко насилство врз Израел од териториите под нивна контрола. Спогодбата од Осло се базира на формулата „територија за мир“. Овој процес ќе продолжи сè додека палестинските власти го спречуваат насилството на Палестинците - насочено кон Израел и кон населбите.

[68]Porta. D. (2013) "The threat of a one-state solution," Al Jazeera (26 January 2011). Retrieved 17-12-2013.

Договорите кои беа склучени на самитот во Хеброн и Веј Ривер беа потпишани откога Израел се уверил во напорите на Арафат во борбата со тероризмот. Хеброн-договорот подразбира повлекување на израелските сили од Хеброн и предавање на палестинските власти.

Бил Клинтон, тогашниот претседател на Соединетите Американски Држави одржал Мировен самит во Кемп Дејвид во 2000 година, помеѓу палестинскиот претседател Јасер Арафат и израелскиот премиер Ехуд Барак. „Израел им понудил на Палестинците 66% од територијата на Западниот Брег да биде под палестинска власт, 17% од територијата да бидат анексирани кон Израел, а 17 % од територијата да бидат неанексирани и даостанат под израелска контрола и без можност за компензација на територија да биде направена од израелската страна“. Источен Ерусалим би останал под израелска контрола со исклучок на деловите кои не се населени со еврејско население. Прашањето за правото на враќање на бегалците ќе биде решено со финансиска компензација. Арафат ја одбил оваа понуда и не се постигнало решение кое ќе ги задоволи и двете страни и покрај големиот притисок на Соединетите Американски Држави.

Во јуни 2002 „квартет“ предводен од ЕУ, САД, Русија и ООН, ги презентирал принципите на мапата „Пат до мирот“ вклучувајќи и независна палестинска држава. Планот предвидувал палестинските власти да преземат видливи чекори со апсењето и спречувањето на поединци и групи кои планираат и изведуваат напади врз Израел, да ги засилат и доизградат палестинските безбедносни сили за да почнат со акции против терористичките групи и уништување на терористичките капацитети и инфраструктура, додека Израел да ја прифати палестинската влада, и да ги повлече населбите кои беа изградени после 21 март 2001, да ги стопира сите активности во населбите, да ја повлече армијата од палестинските области кои се окупирани после 28 септември 2000 година и да ги прекине сите рестрикции врз слободата на движење и полицискиот час. Исполнувањето на овој план ќе води кон преговори за финалниот статус на окупираните територии. Овој план останал неимплементиран сè до денес.

Во истата година, Арапската лига усвоила предлог на Саудиска Арабија, арапските земји да воспостават нормални односи со Израел во контекстот на сеопфатен мир кој ќе го овозможи создавањето на палестинската држава.

Во 2009, премиерот на Израел, Бенјамин Нетанјаху како реакција на говорот на Барак Обама во Каиро објави по првпат поддршка за идната палестинска држава, но инсистираше на прифаќање неколку принципи од страна на Палестинците, демилитаризација на идната палестинска држава и додатни безбедносни гаранции за израелската држава. Според Нетанјаху, Палестинците треба да прифатат дека Ерусалим ќе остане главен град на Израел и да го повлечат своето барање за „правото" на враќање на бегалците. Тој, исто така, се повика на правото на Израел да ги шири и развива населбите во Западниот Брег. Палестинците веднаш го отфрлаат овој предлог.

На 25 август 2014 палестинскиот претседател Махмуд Абаз го објави својот план за мировниот процес. Планот повикува на деветмесечни директни преговори, со тригодишен план за повлекување на Израел во границите од 1967 и Ерусалим како главен град на Палестина. Како дел од планот, Израел мора да ја стопира изградбата на сите населби и да ги ослободи сите палестински политички затвореници.

Заедничка карактеристика на сите преговори била тоа што и покрај сите ветувања кои биле дадени од двете страни дека ќе преземат чекори на добра волја - тоа никогаш не било направено. Преговорите за конечниот статус биле најчесто прекинувани поради избувнувањето на насилствата. Резулататот е дека и двете страни се уморени од процесот. Израелците го потенцираат фактот дека Областа Газа е под целосна контрола на Хамас кој не сака мир со еврејската држава. Според сѐ, ова ги лимитира можностите на Палестинците да постигнат долгогодишен мир со Израел, а уште повеќе фактот дека постојат реални услови Хамас да ја преземе власта и во Западниот Брег. За поддршка на ваквите ставови на Израел придонесуваат и изјавите на високи претставници на Фатах кои ветуваат целосно враќање на палестинските бегалци, што е крајно неприфатливо за Израел, бидејќи ќе го растури еврејскиот карактер на Израел.

# ГЛАВА 5. ПРИЧИНИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ИЗРАЕЛСКАТА ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКА ПОЛИТИКА

## 5.1 Израелскиот безбедносен концепт

Израелскиот безбедносен концепт се однесува на систем од вредности и принципи кои влијаеле врз формирањето на националните безбедносни политики и институции. Исто така овој концепт се однесува и на начинот на кој израелската држава ги користи своите капацитети во областа на безбедноста и надворешната политика за обезбедување опстанок на државата и безбедност на нацијата.

Овој концепт е креиран од првиот израелски премиер Бен Гурион уште во првите години на независноста на Израел и е соодветно модифициран во текот на годините поради промените во политичката и безбедносната сфера. Националниот безбедносен концепт никогаш официјално не бил потврден во пишана форма од ниедна влада на Израел. Израел е држава за која безбедноста е најважното прашање од нејзиното создавање до денес и затоа слободно може да се каже дека безбедносната политика ја формирала израелската внатрешна и надворешна политика.

За создавањето на израелскиот безбедносен концепт постојат повеќе различни фактори кои се поврзани со историско-религиозното минато, зајонизмот, воените закани, невоените закани и тероризмот.

Историјата на Евреите е составена од масовни прогони, живот исполнет со истребување, масакри, холокауст, а сето тоа водело кон создавање силни чувства на загрозеност и небезбедност, кои продолжиле да доминираат и во новосоздадената држава на Евреите.

Чувството на постојана загрозеност на егзистенцијата и опстанокот на израелската држава и еврејската нација беа засилени од арапското непријателство кон еврејската држава и арапските напади врз Израел веднаш по прогласувањето на независноста.

Вториот фактор кој влијаел врз израелскиот безбедносен концепт е религијата и верување во концептот на „избрани луѓе“ и „еверејската света земја“. Најдобар приказ за влијанието на религијата е неповлекувањето од

териториите кои биле окупирани во војната во 1967 и градењето на израелски населби во тие територии, кои беа за многумина „света земја“ на Еверeите и право на „избраните луѓе“ да живеат таму.

Третиот елемент е идеологијата на ционизмот. Ционизмот е национално движење на Евреите кое го поддржува создавањето на еврејска држава на историските територии кои се дефинирани како „ветена земја“ или „света земја“ за Евреите, а тоа е територијата на Палестина која во тој период била под турска власт. Според ционизмот најаважна задача на државата е да го обезбеди својот опстанок и со тоа да се создадат услови за безбедност и преживување на еврејската нација. Влијанието на ционизмот врз израелските безбедносни перцепции е базирано на чувството на „опсада“ и „немање доверба во другите држави или во сојузи“. Ваквиот став создаде услови за „употреба на сила“ како единствен начин за заштита на израелската држава и го создаде концептот на „самопреживување“. Во идеологијата на ционизмот, самопреживувањето или потпирањето на сопствените сили за да се обезбеди опстанокот на државата е концепт според кој за да опстане дрвата мора да се потпира само на сопствената армија, а многу помалку на надворешни сили, меѓународни договори или одбранбени сојузи.

Уште од создавањето на Израел како најголема надворешна закана со која би се загрозил опстанокот на државата Израел и еврејската нација е координираниот напад од источниот фронт на коалицијата на арпските држави составена од Јордан, Сирија и Ирак комбинирано со напад на Египет на Јужниот фронт.

Арапските земји одбиле да го признаат Израел како суверена земја и го перцепирале како закана, и го отфрлиле планот на Обединетите нации од 1947 за создавање две држави-Израел и Палестина на територијата на поранешна Палестина. Во Израел сѐ уште постои верувањето дека Арапите нема никогаш да се откажат од перцепцијата дека Израел е нивниот непријател број еден и никогаш нема да се двоумат координирано да го нападнат и да го уништат.

Втора најголема надворешна воена закана за Израел е создавањето на палестинската држава на територијата на Обласа Газа и Западниот Брег, територии кои беа окупирани од Израел во војната од 1967 година.

Израел не гледал на палестинската држава како на закана за сопствениот опстанок сè до 1964 кога се создала Палестинската ослободителна организација. Во заклетвата на Палестинската ослободителна организација од 1968 стои вооружената борба против нелегитимната ционистичка држава која треба да биде уништена. Подоцна оваа закана од создавањето на Палестинската држава беше перцепцирана како закана за опстанокот на државата Израел.

Прва опасност од Палестинската држава е можноста нејзината територија на Западниот Брег да се користи за копнена инвазија врз Израел од арапските сојузници.

Втора воена опасност од создавањето на Палестинската држава е палестинскиот иредентизам и национализам кој по формирањето на Палестинската држава ќе сака да го ослободи и другиот дел од Палестина каде денес се наоѓа државата Израел.

Прва невоена закана е наталитетот на палестинското малцинство-оваа закана кон Израел е од внатрешен карактер и се однесува на арапското малцинство во Израел. Еврејското мнозинство е потребниот услов за постоење на Израел како еврејска држава. Арапското малцинство со зголемувањето на наталитетот се обидувало да го наруши еврејскиот карактер на Израел, а со тоа се создала и внатрешна закана за израелската држава.

Имиграционата политика на Израел е поддржана уште од првиот ден на независната израелска држава. Според Бен Гурион, не требаше само да се зголеми армијата со мигранти, туку и да се заштити бројот на мнозинство на Израелци во однос на Арапите. Идејата за миграцијата се потпира на верувањето дека народот пожестоко ќе се бори за земјата каде што живее ако за неа е емотивно врзан.

Подоцна политиката на имиграција се поврза со политиката на населбите, која стана една од пречките за постигнувањето на мировниот договор со Палестинците.

## 5.2 Влијанието на Првата интифада врз израелскиот безбедносен концепт (1987-1993)

После окупацијата на териториите во 1967 тероризмот е перцепиран како втора воена закана, а примарна закана се смета заканата од заеднички напад на арапските држави, насочен кон уништување на Израел. Тероризмот останал втора закана со мигранти до Првата интифада.

Првата интифада започнала во 1987, траела до 1993 и влијаела врз промената на израелското перцепирање на заканите. Таа промена на перцепцијата на заканите го префрлила фокусот од заканите за голем напад на арапските држави кон тероризмот.

Интифадата е палестинско востание и претставува првиот конфликт со низок интензитет со кој требаше да се справува Израел на своја територија. На почетокот, како на конфликт со низок интезитет, Израел не му давал приоритет во агендата на Израелските одбранбени сили во однос на закана од арапските земји. Истакнувањето на целите на интифадата во кои се бараше повлекување на Израел во границите пред војната во1967 и создавање Палестинска држава како и интезитетот и траењето на востанието кое сѐ повеќе ја загрозуваше личната безбедност го направија тероризмот приоритет број еден за Израел.

Вистинскиот успех на интифадата се покажал по 1991 кога се појавија нови форми на добро организирано востание. Новите форми беа успешната политичка димензија на интифадата со широкиот публицитет на палестинската борба за самоопределување и национално ослободување од израелската окупација; координираност помеѓу масовните демонстрации и јавниот отпор; мутацијата на интифадата во терористичка кампања.[69]

Зголемениот успех на интифадата на почетокот на 1990 резултираше со промена на рангирањето на заканата. Таа го замени конвенцијалното војување и стана многу поважна закана за Израел. Ова беше голема промена на израелската перцепција на заканите и безбедносното размислување, бидејќи заканата број еден не претставуваше закана за опстанокот на Израел туку закана насочена кон личната бебедност на израелското население.

[69] Horowitz, D., (1975) "Israel's Concept of Defensible Borders", Jerusalem: Jerusalem Post Press, p. 11.

Интифадата имашеи големо психолошко влиајние врз израелското население во деморализацијата на израелското општество, нарушувањето на чувствата за лична безбедност и во нарушувањето на секојдневната животна рутина на луѓето.

Сето ова создава притисок врз Владата на Израел која мора да ги задоволи барањата на народот и да ја врати неговата безбедност, а со тоа и да го зајакне својот статус меѓу израелските гласачи.

Една од најважните должности на државата е да ги обезбеди своите граѓани. Ова е уште поважно во случајот на Израел, бидејќи според принципот на ционизмот единствена гаранција за физичка безбедност на Евереите е независна и силна еврејска држава, но овој принцип беше разнишан од тероризмот.[70]

Загрозената лична безбедност на Израелците и намалениот морал кај населението од терористичките напади ја приморaa Владата да примени офанзивни политики во справувањето со тероризмот. Офанзивните политики беа прифатени од две причини, прво: Владата беше доведена под прашање, бидејќи ако луѓето се чувствуваа небезбедни, сигурно дека на изборите ќе гласаат за промена и второ: офанзивните политики се многу популарни во Израел и го подигнуваат моралот на луѓето.

Политичкиот ефект на тероризмот беше толку голем што Израел ја редефинираше терористичката закана од тактичка во стратегиска закана. Со ова редефинирање на заканата денес противтерористичката политика стана најважна политика на Владата на Израел.

И покрај различните стратегии Израел не можел да стави крај на интифадата сѐ до потпишувањето на Спогодбата во Осло во 1993. Успехот на интифадата беше виден како еден од најважните фактори кој го присили Израел на мировни преговори, бидејќи многу Израелци почнаа да го покренуваат прашањето за присуството во окупираните територии и стануваа сѐ поподготвени да направат територијални отстапки.

Бројот на Израелци кои го поддржуваа создавањето на Палестинската држава во окупираните територии после повлекувањето на Израел од некои

[70]Barzilai, G., and Inbar, E., (1996), "The Use of Force: Israeli Public Opinion on Military Options", Armed Forces and Society, Vol. 23, Number 1, p. 51

делови на Западниот Брег во 1993 беше двојно зголемен, од 37% во 1990, на 74%во 1994.[71]

Палестинскиот тероризам го потврди израелското стравување за водење војна во Израел. Бомби експлодираа во Хаифа, Тел Авив и во Ерусалим. Фактот дека нападите можеа да се случат секаде во Израел го засили влијанието на теророт врз граѓаните и го зголеми предизвикот за заштита на израелското население. Тоа што не можеа да го направат арапските држави успеа да го направи тероризмот, ја донесе војната во Израел, го направи општеството ранливо и ја наруши нормалната секојдневна рутина на населението.

Главен инструмент на Владата за спроведување на противтерористичките политики е армијата на Израел во соработка со разузнавачките служби кои ги снабдуваат потребните информации за успешно извршување на воените операции.

Противтерористичката политика на Израел е базирана на воената доктрина на Израелската армија која има дефанзивна стратегија и офанзивна тактика составена од превентивни напади, водење кратки војни и префрлање на војната на територијата на непријателот.

## 5.3 Воената доктрина на Израел

Воената доктрина на Израел има за цел да спречи физичко уништување на државата Израел од нападите на арапските држави или од која било друга закана насочена кон опстанокот на државата и еврејската нација.

Стартна позиција на Израел во формирањето на воената доктрина била потрагата по решение за два фундаментални проблема, нееднаквоста на воените сили во споредба со арапските земји и проблемот со немање стратегиска одбранбена територијална длабочина. Официјалната и ненапишана воена доктрина на Израел била развиена кон крајот на 50-тите и почетокот на 60-тите години како резултат на доминантните политички и стратегиски услови во тоа време.[72]

[71]Bowker, R., (1996) Beyond Peace: The Search for Security in the Middle East, Boulder: L. Rienner Publishers, p. 75

[72]Naveh, S., (1996), "The Cult of Offensive Preemption and Future Challenges for Israeli Operational Thought", in Efraim Karsh, (ed)., Between War and Peace, Dilemmas of Israeli Security, London: Frank Cass, p. 169

Израел како мала држава прифатила две реалности: првата реалност е мала популација Израелци против голема популација Арапи со што се манифестира асиметријата помеѓу војските во однос на луѓе и вооружување и втората реалност - потребата од поддршка од некоја супер-сила.

Уште од првиот ден на создавањето на Израел, инфериорноста во однос на воена човечка сила беше еден од главните проблеми на Израелската армија.

Бен Гурион за овој дисбаланс рекол:„Ние имаме многу уникатен воен проблем, ние сме малку, а нашите непријатели се многу. Дури и да ја зголемиме нашата нација двапати, па и четирипати, ние пак ќе бидеме помалку во однос на нашиот сегашен и иден непријател“.[73]

Бен Гурион како претседател на Израел се обидел да го реши овој проблем со формирањето на Израелските одбранбени сили со структура која ќе се состои од мал број високо професионален офицерски кадар, регуларна армија со задолжителна воена обврска подготвена веднаш за воено дејствување на секаква закана и цивилен резервен состав од каде доаѓа воена сила на армијата.

Израелските одбранбени сили се виталниот дел на Израел, тие не само што ја обликувале израелската историја, туку се и главниот инструмент на противтерористичката политика. Армијата, исто така го формирала идентитетот на Израелците, а со тоа и на целото израелско општество.

Влијанието што го има армијата врз секојдневниот живот на Израелците во однос на другите општества се гледа во тоа што создала голем број искусни и тренирани борци и учество во политиката на поранешни воено-безбедносни припадници.

Хамас своите самоубиствени напади ги оправдувал со тврдењата „Во Израел нема цивили-Израел е воено општество“.[74]

Целокупното израелско општество популарно е наречено „вооружена нација или нација во униформа“.

Друга лимитираност на Израел поради асиметријата е потребата да се минимизира траењето на војната и да се избегнат војните на уништување кои

[73]Levite, A., (1989) Offense and Defense in Israeli Military Doctrine, Jerusalem : Published for the Jaffe Center for Strategic Studies by Jerusalem Post and Westview Press, Boulder, Colo., p. 31

[74]The International Institute for Strategic Studies; (2004) “The Hamas Factor”, Strategic Comments, Vol. 10, Issue 4,

на крајот би биле само од корист на Арапите. Асиметријата го принудува Израел да следи стратегија на брзо уништување на непријателските војски и материјални добра. Но, ова дава само моментна предност за Израел бидејќи арапските држави во овој поглед имааат неограничени ресурси.

За да ја надмине асиметријата во човечкиот потенцијал, покрај резервниот состав, второ решение било да се даде поддршка за голема миграција на Евреите од дијаспората во Израел. Ова е политичко решение кое е многу важно и за воените цели.

Покрај проблемот со населението, Израел имал и асиметричен однос со арапските земји во вооружувањето. Стратегијата која Израел ја развил како одговор на оваа асиметричност била квалитет наспроти квантитет. Концептот на квалитет во израелското безбедносно размислување се однесува на поефикасно користење на расположливите ресурси во споредба непријателот.

Најважниот фактор кој му дава на Израел квалитативна супериорност во однос на арапските земји е израелската високо развиена воена технологија која овозможува супериорност во воздух, вода и на копно. Втор фактор е високото ниво на обученост на армијата, пилотите и офицерите, а трет, тоа што е многу повеќе економски развиено и многу подобро образовано општество.

Оваа квалитативна супериорност му донесе на Израел големи предности во војните со арапските земји и покрај нивната квантитативна супериорност.

Развојот на квалитативната супериорност и квантитативното зголемување на вооружувањето наметнува потреба од голем буџет за воени цели.

Постојаната потреба од софистицирано оружје и воена опрема ја зголемувале политичката, економската и воената зависност од Соединетите Американски Држави, што не е посакуваната состојба во Израел, согласно ционистичката идеоелогија.

Реалноста на мала земја е потребата од голема сила за сојузник.

Израел е мала држава со ограничени ресурси опкружена со непријателски арапски земји, и тоа го оновозможува да преживее без поддршка од голема сила која за да ја заштити територијата, да добие оружје и да биде призната како легална држва, особено во првите десет години.

Добрите односи со Соединетите Американски Држави во текот на студената војна му овозможија на Израел да создаде не само моќ на застрашување туку и намалување на можностите од вклучување на Советскиот Сојуз во израелско-арапските конфликти, како поддржувач на арапските земји.

Во однос на Соединетите Американски Држави постои и друга перспектива на соработката, бидејќи тие гледаат на Израел како на стратешки партнер и затоа соработката не се базира само на зависноста на Израел од Соединетите Американски Држави.

Највлијателниот фактор во формирањето на израелската воена доктрина е недостатокот на стратегиска длабочина на територијата на Израел.

Виталните области на Израел се Еруслим-Тел Авив-Хаифа, а овој триаголник е срцето на Израел. Границите од 1948 не му овозможија на Израел растојание помеѓу најистурените гранични линии и виталните области, и затоа овие граници се оценети од Израел како небезбедни и неодбранбени. Овие граници се прифатени како небезбедни, не само поради краткото растојание до виталните области, туку и поради нивната топографија.

Небезбедноста најмногу се однесува на малото растојание до населените места и индустриските области на Израел, на источната граница со Јордан.

Оваа блискост на просторот и опасноста од координиран напад на арапските држави од источната граница водат до заклучок дека на непријателските сили ќе им требаат само неколку часа да стигнат до виталните области на Израел и да ги уништат.

Територијалната асиметрија и недостатокот на стратегиска длабочина помеѓу арапските држави и Израел дава чувство на небезбедност и ранливост на Израелците на источната граница со Јордан, до војната во 1967, кога Израел ги окупирал териториите на Голан, Западиот Брег и Газа.

После војната во 1967, Израел се здоби со стратегиска длабочина со окупираните територии и не се повлече од тие територии тврдејќи дека се од примарна важност за израелската безбедност. Овие нови окупирани територии создадоа нови безбедносни проблеми за Израел - се појавија терористички и герилски закани за безбедноста на израелската држава.

## 5.4 Израелските стратегиски цели во борбата со тероризмот

На крајот на 1960 година и после војната во 1967, целта на Израел била да се искорени тероризмот преку уништување на терористичката инфрастуктура и апсења или убивања на терористите во Областа Газа и Западниот Брег. На почетокот на 1970 целта е да се заплашат терористичките организации и да се одвратат од изведување терористички напади преку убивање лидери и членови како и извршување одмазднички напади врз државите каде нападите биле подготвувани. Кон крајот на 1970 год. и почетокот на 1980 Израел препознал дека како резултат на меѓународните и регионалните политички случувања и успехот на палестинскиот тероризам на политички план, и имајќи ја предивид длабочината и комплексноста на конфликтот, ќе биде невозможно да се инсистира на политика која има за цел да се елиминира тероризмот само со воени средства. Затоа државниот врв прифатил многу пореалистична цел, а тоа е да се намалат штетите, предизвикани од тероризмот.

Премиерот Шамир: „... едноставно да се превенира и намали“.[75]

Премиерот Шимон Перес нагласил: „... да се постави бариера помеѓу народот и тероризмот“.[76]

Меир Деган, советник за противтероризам во владата на Израел,потенцирал: „... да се држи тероризмот на ниво кое нема да влијае врз секојдневниот живот на народот“.[77]

Јаков Пери поранешен директор на израелската разузнавачка служба рекол: „Дефиницијата која ние секогаш ја користевме е да се уништи и елиминира тероризмот, а сите ја знаевме вистината дека во ефективна војна можеме само да го минимизираме тероризмот, но потполното уништување е неможно“.[78]

Липкин Шахак - советник на Владата потенцирал: „Нашата цел е да се минимизираат штетите до најмало можно ниво и потоа да им нанесеме максимални штети на терористите“. [79]

[75]Ganor, B. (2005) “The Counter-Terrorism Puzzle: A Guide for Decision Makers”, (New Brunswick, NJ: Transaction Publishers), Kindle book,p. 741
[76] Ibid, p. 741
[77] Ibid, p. 741
[78] Ibid, p. 741
[79] Ibid, p. 741

Премиерот на Израел Бенјамин Нетанјаху, за разлика од своите претходници ја подига повисоко границата за тероризмот и вели:

„... Систематско намалување на арапскиот тероризам. Секој договор кој ќе го потпише Израел со Арапите мора да биде согласно оваа цел. Договорот мора да води кон намалување на тероризмот, а не кон зголемување“.[80]

Без разлика на целта која ја имал Израел во борбата со тероризмот секогаш го користел знаењето и искуството на воената доктрина за развојот на својата противтерористичка стратегија.

[80] Ibid, p. 742

# ГЛАВА 6. ИЗРАЕЛСКИТЕ ОФАНЗИВНИ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ МЕТОДИ

## 6.1 Контекст на настаните

Противтерористичките политики и настаните, кои се предмет на анализа во ова истражување, не може да бидат разгледувани изолирано, бидејќи тие се дел од еден поширок контекст со длабоки корени во долгогодишната израелска окупација врз палестинските територии и во политичката и насилната конфронтација која ја карактеризира историјата на овој регион.

Израел од своето создавање во 1948 до денес, водел осум војни, но војната од 1967 е најзначајна бидејќи таа географски ги оформила границите кои се познати денес и влијаела врз израелската воена доктрина. Оваа воена победа на Израел била и причина за создавањето на Палестинското движење на отпорот кое се залага за независна палестинска држава. Подоцна ова движење започнало да користи и тероризам како метод за постигнување на своите цели.

Голанските Височини, Западниот Брег, заедно со Источен Ерусалим и Областа Газа биле ставени под израелска контрола, после шестдневната војна која започнала на 5 јуни, а завршила на 10 јуни 1967. Оваа војна е позната уште и како Трета израелско-арапска војна во која учествувале Египет, Јордан и Сирија.

Израел ја задржал воената контрола врз Областа Газа, Западниот Брег, ИсточниотЕрусалим и Голанските Височини сѐ до денес.

Источен Ерусалим беше анексиран кон израелскиот дел на градот во 1980. Израелскиот парламент донесе одлука со која објави дека Ерусалим е комплетен и обединет и го прогласи за главен град на Израел. Обединетите нации во 1980 не го признаа ова анексирање и го осудија секој обид да се промени карактерот и статусот на Ерусалим.

Со победата на Ликуд партијата на изборите во 1977, изградбата на населбите во окупираните територии во Западниот Брег и Областа Газа значително се забрзала, а со тоа и присвојувањето на палестинската земја кое не сопрело се́ до денес.

Многу години постојано зголемување на тензиите и насилството поради нерешениот статус на палестинските окупирани територии, доведе во 1987 да се случи Првата интифада, општо прифатено востание на Палестинците, кое многу насилно беше нападнато од израелските безбедносни сили и траеше до 1993 кога Палестинската ослободителна организација и Израелската влада се договорија за заемно признавање и ја потпиша декларацијата, позната како „Спогодбата од Осло“.

Втората интифада наречена Ал Акса,започна во септември 2000 год. после контраверзната посета на Ариел Шарон на џамијата Ал Акса која е трето најсвето место за Исламот. Вторта интифада постави основи за еден невиден круг насилство.

Нападите со ракети и минофрлачки гранати започнаа од Областа Газа кон Израел во 2001, иво периодот 2001-2008 Израел бил нападнат со повеќе од 12.000 ракети и минофрлачки гранати, а само во 2008 со 3000 ракети и минофрлачки гранати. [81]

Во јуни 2002 започна изградбата на заштитниот ѕид кој го дели Израел од Западниот Брег. Ѕидот навлезе и во палестинската територија. Целта на ѕидот е да ги штити израелските населби во Западниот Брег и Источен Ерусалим од терористички напади.

Во 2004 Меѓународниот суд на правдата го даде своето мислење и препорака за легалноста на заштитниот ѕид на барање до Обединетите нации. Судот побарал да се стопира неговата изградба, да се сруши делот кој е навлезен во Западниот Брег, и да се надоместат штетите на Палестинците кои се резултат на изградбата на ѕидот.[82]

Израел не се сложил со препораките на судот и продолжил со изградбата на ѕидот.

Во периодот 2004-2005 год. Врховниот суд на Израел донесол одлука со која се потврдува дека некои делови од ѕидот го нарушиле принципот на

[81]Intelligence and Terrorism Information Center at the Israel Intelligence Heritage & Commemoration Center, “Rocket threat from the Gaza Strip, 2000-2007”, December 2007, available at: http://www.terrorism-info.org.il/ malam_multimedia/English/eng_n/html/rocket_threat_e.htm; and “Summary of rocket fire and mortar shelling in
2008”, January 2009, available at: http://www.terrorism-info.org.il/malam_multimedia/English/eng_n/ pdf/ipc_e007.pdf

[82]Legal Consequences of the Construction of a Wall in the Occupied Palestinian Territory, Advisory Opinion of 9July 2004, I.C.J. Reports 2004.

пропорционалноста во однос на меѓународните и израелските закони, предизвикувајќи штета врз окупираното население. Конструкцијата на ѕидот треба да продолжи со што е можно помалку кршења на правата на Палестинците кои живеат таму. Судот наредил пренасочување на ѕидот во некои делови од веќе планираната рута, но изградбата на ѕидот ја смета во принцип за легална.[83]

На 6 јуни 2004 Израелската влада усвои план за унитерално повлекување од израелските населби и војниците распоредени во Областа Газа. По повлекувањето од Областа Газа на 12 септември 2005 Израелската влада објави дека „повеќе нема да има основи за тврдењата дека Областа Газа е окупирана“. Но планот на повлекувањето од Областа Газа подразбираше израелската војска да продолжи со контролата на копнените граници на Областа Газа - морскиот појас на Областа Газа и воздушниот простор.

Израел дополнително го задржал и правото на самоодбрана во реактивна и превентивна форма, вклучувајќи дека може да користи сила против заканите од Областа Газа, каде што има потреба. Израел ја презел и контролата врз телекомуникациите, водата, електричната енергија и канализацискиот систем, регистрирањето на луѓето, движењето на народот и стоките од и кон Областа Газа, а во употреба е и израелската парична единица.

После долги години негирање на Спогодбата од Осло, Хамас ја променил својата позиција во однос на легитимноста на палестинските власти и решил да учествува на демократските изборите во јануари 2006. Листата на реформи и промени кои Хамас ги предложил во предизборната кампања како и корупцијата на претходната влада му донеле победа на изборите на Палестинскиот законодавен совет (Парламентот) и формирал Влада.

Веднаш по изборната победа на Хамас меѓународните организации и државите донатори ја пренасочија својата помош од палестинските власти кон хуманитарните организации и интернационалните организации за да ја изолираат новата Влада и да ја натераат да ги прифати принципите на „квартетот“.

---

[83]The Court opened its deliberation by stating that “since 1967, Israel has been holding the areas of Judea and Samaria [...] in belligerent occupation”, see Beit Sourik Village Council v. The Government of Israel and Commander of the IDF Forces in the West Bank, case No. 2056/04, Judgement of 30 June 2004 and Mara’abe et al. v. The Prime Minister of Israel et al., case No. 7957/04, Judgement of 15 September 2005.

Израел наметна економски санкции врз Владата, предводена од Хамас и стопирање исплата на даноците кои ги собира Израел за увоз на стоки за Областа Газа и наметна остри санкции за движење на стока и луѓе од и кон Областа Газа. Израел објави дека санкциите ќе бидат симнати само тогаш кога палестинската влада ќе ги прифати принципите на квартетот. [84]

Во јуни 2006, Касам бригадите кои се военото крило на Хамас, заедно со другите терористички групи во Областа Газа ископаа подземен тунел под границата со Израел и ја нападнаа израелската воена база Керем Шалом, при што уништија тенк, убија двајца војници и го киднапираа војникот Гилад Шалит. Како реакција на овој напад, Израел на 27 март извршил убиства на лидери и припадници на Хамас, ги уапсил членовите на Хамас кои учествувале во Владата на Палестина во Западниот Брег, ја уништил цивилната инфраструктура во Областа Газа - како централата за електрична енергија, главниот мост во Областа Газа, зградата на Владата во Областа Газа, наметнал цврста економска блокада и извел воени напади во Областа Газа за првпат по 2005.[85]

По одбивањето на политички поразениот на изборите во 2006, партијата Фатах да ја предаде контролата врз институциите на палестинските власти, а особено контролата врз безбедносниот апарат на новатаВлада на Хамас, и започнаа вооружени конфликти во Областа Газа.

Во февруари 2007 г. лидерите на Хамас и Фатах потпишаа договор во Мека, спонзориран од Саудиска Арабија, кој водеше кон создавање коалициона Влада која беше одобрена од Палестинскиот парламент во март 2007.[86]

Коалиционата влада беше предводена од Хамас и имаше членови од Фатах и други помали партии. Само после неколку месеци се случија поголеми вооружени судири помеѓу безбедносните сили, лојални на Фатах и силите на Хамас. На 15 јуни 2007 Хамас ја презеде целосната контрола врз безбедносните

[84]In June 2006, Hamas subscribed to the so-called Prisoners Document, a common political platform shared by Fatah, Hamas, Islamic Jihad, the Popular Front for the Liberation of Palestine (PFLP) and the Democratic Front for the Liberation of Palestine (DFLP). An implicit recognition of the State of Israel could be traced to the statement that "the right to establish their independent state with al-Quds al-Sharif as its capital on all territories occupied in 1967". See http://www.miftah.org/Display.cfm?DocId=10371&CategoryId=32.
[85]See International Crisis Group, "Israel/Palestine/Lebanon: Climbing out of the abyss", Middle East Report N° 57,25 July 2006.
[86]"Briefing to the Security Council on the situation in the Middle East", by Mr B. Lynn Pascoe, 25 April 2007, available at: http://www.unsco.org/Documents/Statements/MSCB/2007/April%202007.pdf.

сили и безбедносни институции во Газа, ја распушти коалиционата Влада, објави вонредна состојба и создаде нова Влада.[87]

На 19 септември 2007 Владата на Израел ја прогласи Областа Газа за непријателска територија.[88]

Ова беше проследено со наметнување дополнителни тешки економски санкции за Областа Газа. Од тогаш па до денес Израел само одвреме-навреме дозволува отворање на премините за влез на луѓе и стоки од и кон Газа.

На 18 јуни 2008 Владата на Хамас и Израелската влада објавија шестмесечно прекинување на насилстваташтo започнаа на 19јуни 2008 во 18 часот. Ова примирје беше договорено со египетски медијатори.

Условите за примирјето не се никаде запишани или официјално потврдени, но останува впечатокот дека двете страни имаат различно толкување на условите за примирје. Според податоците на Обединетите нации, договорот опфаќал заложба на владата на Хамас да ги стопира и спречи сите напади од Областа Газа кон Израел, а Израел да ги стопира сите свои воени операциии во Областа Газа. Според некои извори, Израел се сложил и да ја олесни блокадата на Областа Газа и да го зголеми бројот на дозволени стоки кои можат да влезат во Областа Газа. Според египетските извори, после три недели од примирјето требало да започнат преговори за размена на заробеници и за отворање на граничниот премин Рафах кон Египет.

Иако се чини дека вака договореното примирјее успешно, реалноста на теренот била друга.

Нападите кои биле изведувани врз Израел во овој период на примирје, главно, биле изведувани од другите терористички групи воОбласта Газа, а не од Хамас. Хамас се обидуваи делумно успева да ги спречи таквите групи кои се обидувале со ракетни напади да го нарушат и прекинат примирјето.

Израел продолжил со своите гранични воени упади во Областа Газа, воената морнарица и натаму вршела напади врз рибарите и крајбрежниот дел

[87]See International Crisis Group, "After Gaza", Middle East Report N°68, 2 August 2007. See also Vanity Fair, "The Gaza bombshell", April 2008, available at: http://www.vanityfair.com/politics/features/2008/04/gaza200804

[88]"Security cabinet declares Gaza hostile territory", 19 September 2007, and "Behind the headlines: Israel designates Gaza a 'hostile territory'", 24 September 2007, available from the website of Israel's Ministry of Foreign Affairs at www.mfa.gov.il

на Појасот Газа и воздушни напади продолжувале. Блокадата на Газа станувала сè позасилена после секое ново насилство изведено од областаГаза.

Во тој период секоја страна ја обвинува другата страна дека ги крши правилата на непотпишаното примирје, Хамас бара Израел да ја подигне блокадата, а Израел бара Хамас да ги стопира ракетните напади и да го ослободи заробениот војник Гилад Шалид.

Израел ги користи повремените ракетни напади за да ја оправда потполната блокада врз Областа Газа за протокот на стоки и луѓе, и е дозволено подигнување на блокадата само за базичната хуманитарна помош и итните медицински случаи.

Израелската влада верува дека со целосна блокада врз Газа ќе се заврти населението против Хамас и ќе го симнат од власт, но имаше и такви кои тврдат дека блокадата ќе го направи населнието уште позависно од Хамас. Според проценките на Обединетите нации повеќе од 80% во Областа Газа живеат под линијата на сиромаштијата.

Јасно е дека и двете страни го искористиле ова шестмесечно примирје како можност за подготовка за евентуалниот конфликт. Хамас продолжил да работи на своите тајни тунели кон Египет преку кои ќе може да шверцува оружје. Постои мислење дека и двете страни сакале да се прекрши или заврши примирјето со што Хамас би се обидел да си го врати статусот на храбар борец против Израелската влада и да им покаже на Израелците пред изборите, што биле планирани за 8 февруари 2009 дека Владата не е способна да ги заштити своите граѓани од нападите на Хамас.

Насилството веќе започнало да се зголемува како се приближувал крајот на примирјето, а Хамас ја издал својата изјава „Примирјето заврши, бидејќи ционистите не ги почитуваат условите на примирјето“.[89]

[89]International Crisis Group, Ending the War in Gaza, Middle East Briefing No. 26, January 5, 2009.

## 6.2 Воената операција „Леано олово“ 27 декмври 2008–18 јануари 2009(3 недели и 1 ден)

Воената операција е координирана воена акција изведена од државен или недржавен актер. Овие акции се така креирани и планирани за остварување одредени цели. Операциите можат да бидат од борбен или неборбен карактер и се означени со кодирано име и често се повеќе познати по своето кодирано име отколку по целите за кои биле изведени.

Воената операција е дел од израелските политики, насочени кон остварување политичка цел на Израел во однос на Областа Газа и општо кон окупираните територии.

Офанзивните израелски методи се мета на остри критики на меѓународната заедница, бидејќи се базирани на кршење на меѓународните хуманитарни закони и законите на војувањето.

Кога започнувавоената операција „Леано олово“, Областа Газа е под посебен режим на блокада, затворање и рестрикција на движење на луѓе, производи и услуги.

Воената операција и начинот на кој е извршена блокадата дополнително ги влошува ефектите од блокадата и нанесува долгорочни штети врз луѓето, нивниот развој и обновата на Областа Газа.

Воената операција „Леано олово“ е поразлична од сите претходно изведени операции во окупираните територии, пред сè поради невидената дотогаш офанзивна жестокост и последиците кои ќе траат уште многу години.

Катастрофалниот разурнувачки ефект на воената операција врз куќите, фабриките, продолженото влијание на операцијата врз животните услови во Областа Газа, траумите доживеани во текот на нападите, стресот од несигурната иднина, тешкиот живот и стравот од идните напади се дел од долгорочниот ефект на операцијата врз луѓето.

Во воената операција Израел ги користел трите вида воени сили кои ги имал на располагање, копнена војска, морнарица и военото воздухопловство.

Воената операција се одвива во две фази: воздушни бомбардирања од 27 декември 2008 до 3 јануари, 2009, и копнена инвазија придружувана со воено бомбардирање, од 3 јануари до 18 јануари.

Во воздушните напади Израел имал план да нападне 603 мети кои му припаѓале на Хамас или биле дел од тоа што Израел го нарекува „инфраструктура за поддршка на тероризмот“.

Морнарицата била задолжена за континуирано гранатирање на крајбрежниот појас на Областа Газа што било практикувано за време на целиот конфликт за спречување на борците на Хамас да навлезат во Израел по морски пат.

Во втората недела на војната (3-18 јануари 2009) копнените сили ја започнале инвазијата која ја поддржало военото воздухопловство. Израелските копнени сили влегле во Областа Газа од север и од исток. Тактиката која ја користела израелската војска била дејствување на мали тимови со голема независност и слобода на теренот за да можат да се адаптираат и да креираат решенија. Најголем дел од овие тимови биле концентрирани на северот на Областа Газа, а метите за напад на југ биле уништувани со воздушно бомбардирање. Една од првите цели на копнената офанзива била да се подели Областа Газа на помали делови.

Во копнената инвазија учествувале копнените сили, тенковските единици, инженерските едници кои користеле оклопни булдожери за уништување на експлозивни направи и за отворање коридори за копнената армија. Исто така, активна улога имало и военото разузнавање во собирање, обработка и доставување на потребните информации за сосотојбите на теренот и позициите на Хамас.

На 5 јануари, копненената армија на Израел ја освои и пресече главната патна комуникација „Салхадин“ во Областа Газа, ја става под своја контрола и се доближува до градот Газа. Копнената армија не се сретнала со поголем вооружен отпор од борците на Хамас. Со успешното ставање под контрола на главната магистрала, Хамас е спречен да транспортира од југ кон север борци и воена опрема.

Копнените сили, движејќи се кон своите цели, уништуваат цивилни куќи и цивилни објекти. Заробените палестински цивили ги користат како живи штитови во пребарувањата на куќите во потрага по борците на Хамас.

Во копнената операција, за да ги заштити своите војници, а и да ги намали жртвите меѓу војниците,Израел користи тешка артилерија дури и во густо населените места. Тенковските гранати што се користени во гранатирањата биле со фосфорни гранати,  кои се забрането оружје за користење во војна.

На 15 јануари копнените сили на Израел почнуваат да се повлекуваат.При повлекувањето систематски уништуваат куќи, водоводи, обработливо земјиште и земјоделски култури.

Во процесот на повлекувањето од јужниот дел на Областа Газа од градот Рафа, Израел ги обновил воздушните бомбардирања, и се вршеле напади и врз цивилни објекти (куќи и згради во приватна сопственост), за разлика од првата фаза кога се вршеле селективни напади.

На 17 јануари е потпишан меморандум во Вашингтон, со кој се става унилатерален крај  на воената операција, и Хамас ги сопира ракетите на 18 јануари.

Според податоците на Бтселем, во воената операција се убиени вкупно 1387 Палестинци, од кои 773 не биле учесници во насилствата, 320 деца и 108 жени, 330 учесници во насилствата, и 248 палестински полицајци кои биле убиени во бомбардирањето на полициските станици во првите денови на воздушната офанзива.[90]

Со военото повлекување на Израелската армија од Областа Газа, не престануваат повремените борби помеѓу Хамас и Израел. Израел континуирано одговара со воздушни напади на лансирањето на секоја ракета.

Воената операција „Леано олово“ се одвива непосредно пред парламентарните избори во Израел, кои биле закажани за 18 февруари 2009. Тука се поставува прашањето дали Израелската влада сакала да ја искористи војната за да јаоствари предноста на изборите?

[90]http://www.btselem.org/

## 6.3 Стратегијата на израелските воени операции

Сите израелски воени офанзивни операции имаат одредени константни карактеристики, убивање цивили, рушење куќи и други цивилни објекти.

Специфичните методи и средства кои Израел ги користи за остварување на своите воени цели во окупираните територии постојано се осудувани од Обединетите нации, особено нападите врз цивили и цивилните објекти.[91]

За првпат во воените операции во Либан, 2006, се применува новата израелска воена стратегија, која е позната под името„Дахија“. Истиот тој пристап еприменет и во војната во Газа.

Генерал-мајор Гади Еисенкот, одговорен за северната команда на армијата на Израел, подвлече: „Тоа што се случило во Дахија (населбата во Бејрут) во 2006 ќе се случи на секое место од каде се лансирани ракети врз Израел. Ние ќе користиме непропорционална сила врз нив и ќе предизвикаме големи штети и разрушувања. Од наша гледна точка ова не се цивилни места - тоа се воени бази. Ова не е наша препорака до Владата, ова е нашиот план и тој план е прифатен и одобрен“.[92]

После војната во Либан во 2006, најголем дел од воениот врв на Израелските одбранбени сили почнал да развива еден нов воен пристап кој ја следел стратегијата на генералот Еисенкот.

Гиора Еиланд, пензиониран генерал на Израелската армија изјавил: „Во случај на нова војна со Хезболах целта не треба да биде поразот на Хезболах, туку елиминирањето на либанската војска, уништување на националната инфраструктура и интензивното страдање на населението, што се последици кои можат да влијаат врз Хезболах повеќе од било што друго.[93]

Габриел Сибони, пензиониран генерал на Израелската армија, подвлече во истиот стил: „Во конфликтот Израелската армија мора да дејствува брзо, одлучно и со сила која е непропорционална со акцијата на непријателот. Таквиот одговор е насочен кон предизвикување штети и казни до тој степен што ќе биде потребен долг период на реконструкција. Нападот мора да биде

[91]Security Council resolutions 101 (1953), 106 (1955), 111 (1956), 171 (1962), 228 (1966), 248 (1968), 265 (1969), 270 (1969), 313 (1972), 316 (1972), 332 (1973), 347 (1974), 450 (1979), 501 (1982), 515 (1982), 520 (1982) and 1544 (2004).

[92]Ynet, “Israel warns Hizbullah war would invite destruction”, 10 March 2008.

[93]Eiland, G., (2008), “The third Lebanon war: target Lebanon”, Strategic Assessment, vol. 11, No. 2, p. 9

изведен што е можно побрзо и мора да се напаѓаат приоритетните мети и лансирни рампи. Казнувањето мора да биде насочено кон лидерите и елитите на Либан, а секој напад мора да биде насочен кон воените капацитети на Хезболах и кон економските центри на цивилите кои ја поддржуваат таа организација. Колку е поблиску Хезболах до Владата, толку повеќе мети за напад има. Инфраструктурата треба да биде нападната и уништена. Таквата акција ќе создаде долгогодишна меморија кај либанските лидери и ќе води кон зголемување на стратешкото одвраќање и заплашување и намалување на можностите за нови насилства врз Израел на долг период. И во исто време ќе ги натера Хезболах и Либан да ги наменат своите средства за реконструкција. Овој пристап е применлив и во Областа Газа. Израелските сили треба да го нападнат Хамас, а не да си играат игри „мачка и глушец“ со Касам бригадите и лансирните рампи. Израел не треба да очекува дека ќе ги смали ракетните напади врз Израел само со напади врз лансирните рампи, туку само со средства кои ќе му наметнат прекин на огнот на непријателот“. [94]

Кога генералот Еисенкот ги искажал своите ставови сè уште бил во активна служба во армијата на Израел и потврдил дека ова не е теорија туку општо прифатен план од лидерите на Израел. Тоа што било опишано како најдобра стратегија е токму тоа што се случувало во Областа Газа во текот на воената операција „Леано олово“.

## 6.4 Цели на воената операција „Леано олово“

Израелската влада ја претставила воената операција „Леано олово“ како детално планиран одговор на ракетните напади и го потенцирала правото на самоодбрана. Случувањата во текот на операцијата укажуваат дека планот, ако не целиот барем дел од него, бил насочен кон друга мета, населението во Областа Газа во целост.

Официјалните цели на Израел во воената операција „Леано олово“ се: да се стопира ракетирањето врз израелските цивили и уништувањето на минофрлачите и ракетните лансирани рампи, уништување на терористичката инфраструкурта за поддршка во изведувањето на терористички напади, да се

[94] Siboni, op. cit. This appears very similar to the so-called Dahiya doctrine. See, for example, Ed Blanche, Jane'sRockets and Missiles, 3 February 2009, citing Major General Gadi Eisenkot.

подобри безбедноста и сигурноста во Јужен Израел со намалување на капацитетите на Хамас и на другите терористички групи за извршување идни напади и обновување на израелското заплашување и одвраќање од терористички напади за кое многумина веруваат дека е ослабено по либанската војна.[95]

Може да се каже дека воената операција „Леано олово“ е во склад со вкупните политики на Израел насочени кон казнување на населението во Областа Газа за својата отпорност и поддршка за Хамас и со намера да се предизвика промена во поддршката за Хамас.

Вакавото размислување се базира на фактите од теренот, кажувањата на луѓето во Областа Газа, кажувањата од израелските војници кои биле дел од операцијата „Леано олово“ и од тоа што е кажано и напишано од политичарите и офицерите на Израелските одбранбени сили кои се носители на оваа стратегија и политика.

## 6.5 Концептот „инфраструктура за поддршка на тероризмот“

Тоа што привлекува особено внимание во израелската стратегија е концептот на „инфраструктурата за поддршка на тероризмот“.

Во текот на воената операција „Леано олово“, на 6 јануари, израелскиот заменик- премиер Ели Шихаи ја даде следнава изјава: „Треба да се уништи Газа за да разберат дека не треба да си играат со нас. Ова е голема можност да се уништат илјадици куќи на сите терористи за да размислат пред да извршат напади врз Израел. Јас се надевам дека оваа операција ќе биде голем успех за нас и целосно уништување на Хамас и тероризмот. Мое мислење е дека треба да бидат срамнети со земја илјадници куќи, тунели и индустријата. Населението од југот на Израел ни дава поддршка за операцијата и таа ќе продолжи до потполно уништување на Хамас“.[96]

[95]See “The operation in Gaza...”, para. 83

[96] ”During the military operation in Gaza, Eli Yishai served as Deputy Prime Minister and Minister of Industry,Trade, and Labour in the Government of Mr. Olmert. He serves in the current Government headed by Mr.Netanyahu as Internal Affairs Minister as well as Deputy Prime Minister. During the military operations in Gaza, hewas also a member of the Security Cabinet for National Security within the Israeli Cabinet. Its duties include settingthe targets of the security system and its policies; questions related to the Israeli armed forces, issues related to intelligence, foreign policy, military and security operations, and coordination of the activities of

На 2 февруари 2009, после воената операција Ели Јишаи додал:„Ако ракетите паднат во море или на отворен простор ние треба да им ја нападнеме инфраструктурата и да уништиме 100 куќи за една испукана ракета“. [97]

На 13 јануари 2009, министерката за надворешни работи на Израел Тзипи Ливни рече:„Ние му докажавме на Хамас дека ја променивме равенката. Израел не е земја врз која може да лансираш ракети и нема да ти одговори. Израел е земја која ќе ги заштити своите граѓани од нападите со ракети и ќе одговори на досега невиден начин“.[98]

Ова е контекст во кој треба да бидат разбрани масивните уништувања на бизниси, фарми, фабрики и куќи, особено големите рушења кои беа направеникога се повлекуваше Израелската армија. Беа разрушени околу 1000 куќи. Ова е точно стратегијата „Дахија“, масовно и непропорционално рушење на цивилната инфраструктура.

Концептот инфраструктура за поддршка на тероризмот треба да биде разбран не само во контекст на воената операција, туку и во заострувањето на рестрикциите врз производи за Областа Газа, и за преминување на луѓе од Областа Газа кон Израел и обратно. Овие рестрикции не можат да бидат разбрани само како обид да се лимитира пристапот на Хамас до различни производи и материјали, туку посакуваниот ефект е да се доведе населението во ситуација во која животот ќе биде толку тежок што ќе бидат принудени да ја напуштат Областа Газа ако можат, или ќе го симнат Хамас од власт.

Според Израелската влада, иако Хамас управува со министерствата и извршува многу традиционални функции на влада во Областа Газа, тие се сé уште терористичка организација. Многу елементи на цивилниот режим се всушност активни компонети на терористичките и воените активности. Хамас не ги дели своите политички и цивилни активности како легитимна Влада, туку го користи владиниот апарат за промовирање и извршување тероризам.

Блокадата која била наметната уште пред 2007, укажува дека Израел го одредил својот став за тоа што значат напади врз инфраструктура за поддршка

the Government in“Judea, Samaria and Gaza”. See http://www.pmo.gov.il/PMO/Archive/Decisions/2006/05/des20.htm (in Hebrew).

[97]http://www.ynet.co.il/Ext/Comp/ArticleLayout/CdaArticlePrintPreview/1,2506,L-3665452,00.html (2 February 2009, in Hebrew).

[98]The Independent, Israeli cabined divided over fresh Gaza surge, 13 January 200

на тероризмот и јасно е дека во тој концепт ефективно ги опфатил и цивилите во Областа Газа.

Изјавата на генерал-мајорот Дан Херел која ја дал во текот на воената операција на состанок со населението на Јужен Израел, јасно укажува за намерното напаѓање на цивилните објекти. „Оваа операција е поразлична од сите претходни. Поставивме високи цели кои сакаме да ги оствариме. Ние не ги напаѓаме само лансирните рампи и терористите, туку ние ја напаѓаме целата Влада на Хамас. Ние вршиме напади врз владини згради и фабрики. Ние бараме одговорност од Хамас како од Влада и не правиме разлики помеѓу различни крила во Хамас. После оваа операција нема да остане зграда на Хамас и ние планираме да ги промениме правилата на играта“. [99]

Израелскиот воен концепт за војните со Хамас е развиен од последната војна со Либан во 2006. Овој концепт има своја основа во воената доктрина која се базира на непропорционална употреба на сила и создавање максимално нарушување на секојденвниот живот на луѓето во Областа Газа како легитимен начин за остварување воени и политички цели.

Широкото дефинирање на „инфраструктура за поддршка на тероризмот" е концепт кој создава тешки последици за цивилите во Газа, а изјавите на лидерите на Израел пред, во текот и после војната, јасно укажуваат дека непропроционалното рушење и насилството против цивилите е дел од намерните политики и одлуки донесени од лидерите на Израел.

## 6.6 Последици врз палестинското население во Областа Газаод концептот „инфраструктура за поддршка на тероизмот“

Последиците од овој концепт имаат долгогодишно негативно влијание на населението во Областа Газа, во сите сфери на животот.

Во текот на воената операција во Областа Газа се целосно уништени фабрики за храна, индустриска инфраструктура, водоводна станица, водоводна мрежа, канализациски системи, прочистителни станици за отпадна вода, болници, објекти на меѓународната заедница, министерства на Владата и зградата на Парламентот.

[99] *Ynet*, “Deputy chief of staff: worst still ahead

Уште на почетокот на воената операција единствената фабрика за брашно беше четири пати погодена од воздушното бомбардирање. Природата на нападот и точно насочените бомби врз важната машинерија на фабриката јасно кажуваат за целта - да се онеспособи производството во фабриката. [100]

Фармата за кокошки во областа Зејтун, јужно од градот Газа, е најголема фабрика за јајца во Областа Газа. Израелските сили систематски ја уништиле целата опрема за работа на фармата, убиле 31000 кокошки и ја уништиле целата храна за кокошките. [101]

Во воздушните напади е намерно погоден и уништен едниот ѕид на прочиститилната станица за отпадни води, што предизвика излевање на 200000 кубни сантиметри отпадна вода на околното земјиште. Станицата е погодена неколку пати од воздушните бомбардирања. Овде, исто така, не станува збор на можна грешка туку за директен и намерен напад. [102]

Бунарите за вода за пиење во Јабалија биле погодени повеќе пати во воздушното бомбардирање, што исто така укажува дека и овој напад е намерно изведен и дека не станува збор за грешка .[103]

Сето ова укажува на намерна и систематска акција на рушење индустриски капацитети и водоводна инфраструктура воГаза.

Големите уништувања на станбени комплекси и куќи, предизвикани од авионско бомбардирање, тенковско и артилериско гранатирање и дејствување со булдожери со цел подготвување терен за копнена инвазија, се пример за уште едно систематско уништување цивилни објекти, особено во последните денови на воената операција, свесни за повлекувањето на израелските сили кои систематски уништувале цивилни објекти.

Биле изведени и напади врз фабриката за цемент која е единствена во Газа и на фабриката на пепси.

Во операцијата „Леано олово", Израелските одбранбени сили извршиле повеќе од 9 директни напади врз цивилното населние кои имале смртоносни

[100]Ibid, p. 199
[101]Ibid, p. 204
[102]Ibid, p. 207
[103]Ibid, p. 209

последици.[104]Овие напади се случиле кога израелските воени сили имале потполна контрола врз теренот и можеле да ги видат луѓето кои ги напаѓаат. Во многу од овие инциденти состојбата станува уште полоша за Израел поради одбивањето да им се овозможи евакуација на луѓето и да се дозволи пристап на брза помош за повредените лица.

На 14 јануари Израелските одбранбени сили започнале силно тенковско гранатирање врз градот Газа, а на 15 јануари била погодена болницата Алкудс со фосфорни гранати, при штонекои делови на болницата се рушат и се предизвикува пожар. Болницата ги евакуирала сите болни и луѓето кои биле таму за да се засолнат од војната. Во истиот ден била погодена и амбулантата на Црвениот крст.

Зградата на Парламентот што се наоѓа во градот Газа, е нападната на 31 декември 2008 со три напади од воздух. Според спикерот на Парламентот, зградата била обновена пред три години и имала видео-конференциска сала каде се одржувале заеднички парламентарни сесии со Парламентот од Западниот Брег, бидејќи поради блокадата и рестрикциите за движење парламентарците од Областа Газа не можеле да патуваат во Западниот Брег и обратно.

На 6 јануари во напад со гранатирање биле испукани 4 фосфорни гранати кои експлодирале во близина на училиштето кое се наоѓа на улицата Ал Фукраи, кое било прифатен центар на Обединетите нации за раселените лица од воените дејства. Во нападот од едната граната биле убиени 11 луѓе, меѓу кои 4 девојчиња. Другите три гранати убиле 24 луѓе, а 40 биле повредени, а од експлозијата на трите гранати бил уништен и дел од прифатниот центар во кој имало регистрирано 1368 бегалци.[105]

На 6 јануари 2009 куќата на семејството Ал Даца била погодена со проектил од Ф16 и биле убиени 22 члена на семејството, 12 од нив биле деца под 10 год. На 22 април 2009 Израелската влада излезе со соопштение дека нападот врз куќата на семејството Ал Даца е резултат на оперативна грешка со несакани последици. Израеалското воено воздухопловство сакало да го нападне магацинот за оружје кој се наоѓал во зградата до куќата на семејството

[104]Ibid, p. 159
[105] Report of the United Nations Fact-Finding Mission on the Gaza Conflict in 2009, "UNRWA compound, Gaza City", p. 133-140.

Ал Даца.[106] Она што е збунувачки во оваа изјава е тоа дека после нападот врз куќата не биле извршени никакви напади врз „магацинот за оружје“ во таа област.

На 15 јануари главната канцеларија на Агенцијата на Обединетите нации за помош и работа за палестинските бегалци, сместена во градот Газа, била мета на директен напад со фосфорни тенковски гранати. Фосфорните гранати со кои била нападната канцеларијата предизвикале пожар од кој се запалил главниот магацин и се нанела голема штета, бидејќи изгорела целата хуманитарна помош која била наменета за бегалците. Во дворот на канцеларијата, до магацинот, се наоѓала и бензинската станица за возилата на Обединетите нации каде во тој момент имало 170000 литри бензин. Но со пожртвуваноста на вработените на Агенцијата наОбединетите нации пожарот бил изгаснат и се избегнала поголема катастофа. Во моментот кога била нападната главната канцеларија, таму се наоѓале 700 бегалци кои се обидувале да најдат засолниште и безбедност од израелските напади.

Во официјалното извинување на Израелската влада, стои дека фосфорните гранати биле користени за да се создаде завеса од чад за заштита на израелските тенкови од напади на Хамас. Израел ја презел одговорноста за овој напад и одвоил свои финансиски средства за обнова на уништениот магацин и околните објекти на Обединетите нации во просторот на главната канцеларија.

На 3 јануари 2009 околу 200 луѓе биле во џамијата Ал Макадма во Јабалија за утринска молитва и ракетата која паднала во близина на влезната врата убила 15 луѓе меѓу кои и едно дете, додека 40 луѓе билеповредени.Ставот на Владата на Израел е дека џамијата воопшто и не била нападната, а цивилите кои се убени биле всушност борци на Хамас.[107]

Потпаролот на Израелската армија Бенјамин Рутланд за воените дејства изјавил: „Нашата дефиниција е: секој што е вклучен во тероризам е валидна мета“.[108]

---

[106]Ibid, p. 187
[107]Ibid, p. 184
[108]BBC News, “Gaza conflict: who is a civilian?”, 5 January 2009, available at: http://news.bbc.co.uk/2/hi/middle_east/7811386.stm.

Ваквата дефиниција подразбира широк опсег на мети од воени инсталации до политички институции кои даваат логистичка поддршка и човечки ресурси.

Поранешниот советник на Безбедносната агенција на Израел, Мати Стеинберг изјавил: „Цивилната инфраструктура на Хамас е многу чувствителна мета, ако сакаш да го ставиш Хамас под притисок, ова е вистинскиот начин да се направи тоа“.[109]

Од овие изјави лесно може да се заклучи дека за да биде ефективна воената операција мора да биде насочена не само кон воените мети туку и кон цивилните мети.

Потврдата дека за Израел не постои разлика помеѓу воени и цивилни мети во Областа Газа дојде со изјавата:„Хамас ја води Владата во Областа Газа и е одговорен за различни административни и традиционални функции, но таа сè уште останува терористичка организација. Многу од привидните цивилни елементи на Хамас во реалноста се активни елементи на нивните терористички и воени напори. Хамас не ги дели своите цивилни и воени активности како што прави легитимна Влада. Наместо тоа Хамас го користи целиот апарат што го контролира вклучувајќи ги тука и квази-владините институции за извршување терористички акции“.[110]

## 6.7 Воената операција „Столб на одбраната“, 14–21 ноември,2012 (8 дена)

На 14 ноември, 2012, во 16 часот Израел ја започна воената операција „Столб на одбраната“, најголемата воена операција извршена во Областа Газа по завршувањето на операцијата „Леано олово“. Воената операција започнува со насочениот напад и убиството на Ахмед ел Џабари, командант на военото крило на Хамас наречено „Касам бригадите“. Тој е главниот преговарач на Хамас во размената на затворениците кога е ослободен киднапираниот израелски војник Гилад Шалит. Во размената за Гилад Шалит, Израел ослободи 1027 затвореници Палестинци во октомври 2011. Џабари се движел

[109]“All-out war...”

[110]Siboni, G. (2008) “Disproportionate force: Israel’s concept of response in light of the second Lebanon war”, Institute for National Security Studies Insight, No. 74 (2 October 2008), available at: http://www.inss.org.il/publications.php?cat=21&incat=&read=2222.

со своето возило во центарот на градот Газа кога бил извршен насочен напад од беспилотно летало врз неговото возило.

Убиството на Џабари било проследено со израелски воздушни бомбардирања врз Областа Газа кои биле проследени со канонада од ракети и минофралчки гранати од Областа Газа кон Израел, што го означило почетокот на воената операција „Столб на одбраната“.

На убиството на Џабари му претходеле напади изведени од палестинските терористички организации врз Израелските одбранбени сили позиционирани на границата. На 10 ноември 2012 палестинските терористички организации ја нападнале граничната патрола на Израелските сили во делот на границата познат како Малака, и нападот резултирал со 4 повредени израелски војници од кои двајца биле потешко повредени. Нападот врз патролата бил проследен и со ракетни и минофрлачки напади во кои биле повредени 3 цивили во Израел во областите покра јграницата. Израелската страна одговорила со тенковски гранатирања и притоа биле убиени 6 Палестинци, а 26 повредени.

Во текот на воената операција „Столб на одбраната“ убиени се 140 Палестинци, меѓу кои 101 цивил, вклучувајќи 33 деца и 13 жени, а илјадници луѓе се повредени. Шест цивили, вклучувајќи и една жена и три деца се убиени од ракетните напади на палестинските вооружени групи, а ракетите паднале во територијата на Областа Газа.

За првпат во оваа војна ракетите од Областа Газа стигнале до Ерусалим и Тел Авив. Во првите денови на воената операција израелските воздушни напади главно се извршувани врз воени мети како отворени полиња и простори за кои се сметало дека се позиции од каде Хамас ги лансира ракетите. Потоа следуваат воздушни напади врз тренинг-базите на „Касам бригадата“ и другата воена инфраструктура. Исто така бомбардирани се и полициски станици, министерства и друга инфраструктура која според Израел е дел од концептот на „инфраструктура за поддршка на тероризмот“. Во последните денови од воената операција биле бомбардирани станбени блокови со што значително се зголемил бројот на жртвите.

Промените кои настанле во регионот со „Арапската пролет“, формирале став кај Хамас дека колку повеќе ќе трае конфликтот во Областа Газа, толку повеќе ќе расте незадоволството кај народот во Египет којќе бара од

Исламската влада на Египет да го заштити населението во Областа Газа, што ќе создаде ситуација во корист на Хамас. Турскиот министер за надворешни работи Давутоглу пред посетата наОбласта Газа ја дава следнава изјва: „Турција нема никогаш да ја остави Газа сама. Вашата болка е и наша болка, вашата судбина е и наша судбина, вашата иднина е и наша иднина“.[111]

Ова е прво големо признавање на Владата на Хамас и создаде многу поквалитетна состојбаво корист на Хамас од 2008.

Најголем дел од ракетните напади биле извршени во радиус од 40км од Газа вклучувајќи ги градовите:Бер Шева, Ашкелон, Ашдод Кирјат Малаки, а неколку ракети стигнале до Тел Авив и Ерусалим.

## 6.8 Цели на воената операција „Столб на одбраната“

Во операцијата„Столб на одбраната“ целите кои што биле дефинирани од израелските лидери, и пренесени од министерот за одбрана Ехуд Барак, се: да се зајакне заплашувањето и одвраќањето од извршување терористички напади врз Израел од Хамас и другите фракции во Областа Газа, да се уништат терористичките капацитети,особено ракетите со долг дострел, и да се врати нормалниот живот кај населението во Израел.

Главната цел на операцијата на „Столб на одбраната“ била да се заштитат израелските цивили кои живеат во подрачјата кои се на дострел на неселективните ракетни напади и минофрлачки гранатирања извршени од терористите во Областа Газа.

Дефинирањето на широки цели им дозволила на политичарите голем опсег во однос на мисијата која им се дава на Израелските одбранбени сили и во однос на можноста за завршување на операцијата. Вклучувањето на копнената војска е само опција, која можела да се избегне ако се постигнат поставените цели само со бомбрадирањето.

Копнените операции, и покрај бројните предности, се многу чувствителни на жртви во сопствените трупи бидејќи создаваат незадоволства кај Израелците и бараат подолг период за остварување на целта.

---

[111]http://www.dailysabah.com/turkey/2012/11/21/fm-davutoglu-turkey-will-never-leave-gaza-on-its-own

Во „Столб на одбраната“ покрај нападите врз лансирните рампи, нападите врз борците и лидерите на Хамас, Израел продолжил да го применува својот концепт за уништување на „инфраструктурата за подрдшка на тероризмот“ како владините згради, полицијата, мостовите и комуникацијата. Според Израел, овие капацитети се капацитетите кои ѝ овозможуваат на една држава да води војна и затоа се легитимни мети.

Според некои тврдења оправданоста на ваквиот концепт е во тоа што Областа Газа е држава во секоја смисла на зборот и затоа со неа треба да се однесуваме како со држава. Ако е држава, тогаш уништувањето на националана инфраструктура е опција.

Во оваа операција Израел докажал дека може ефективно да дејствува врз тактичките капацитети, врз терористичката инфраструктура и врз објектите на владата на Хамас, само со масовно воздушно бомбардирање, без да ја вклучи копнената офанзива.

Со договорот за примирје, постигант помеѓу Хамас и Египет, некои мислат дека Хамас добил меѓународна легитимност. Други мислат дека за ваквиот однос Израел ќе плати голема цена, но тоа не е точно - сега светот ќе мора да се однесува кон Областа Газа како кон држава. Колку повеќе Хамас ќе биде присилен да ги исполнува државничките должности толку помалку ќе може да изведува напади врз Израел. На овој начин Израел може да осигура долгогодишен мир и намалување на можностите на Хамас.

После воената операција двете страни се повикуваат на победа. Израелската влада објави дека целите се остварени - убиен е лидерот на „Касам бригадите“, уништени се арсеналите и магацините за ракети на Хамас, и уништени се лансирните рампи. Израел ја демонстрирал ефективноста на „Железната купола“ со минимални штети, и го зајакнал своето застрашување и одвраќање од напади.

Хамас објавил победа и дека ја постигнал својата цел-олеснување на граничните премини и запирање на нападите од Израел врз Областа Газа.

Во Израел многумина верувале дека нивниот успех не е комплетен и ќе мора да има уште една рунда борби во блиска иднина.

Може да се заклучи дека воената операцијата „Столб на одбраната“ е многу поразлична од операцијата„Леано олово“. Војната трае осум дена и е

изведена целосно само со воздушни напади. Помалиот број цивлни жртви и повредени како и помалиот број разрушени цивилни објекти се должи на промена во политиките на дефинирање на употребата на сила и бомбардирањата се попрецизни.

Со примирјето малку се олеснува пристапот кон морето и областите во копнената бафер - зона која ги дели Израел и Областа Газа. Нема никави промени во однос на слободното движење на народ и производи преку граничните премини Ерез и Карем Шалом.

## 6.9 Последици од воената операција „Столб на одбраната" врз цивилното население

Во голем број случаи цивилите се убиени само поради тоа што се нашле или поминувале низ полиња, области и локации за кои Израел сметал дека се места од каде Хамас ги лансира ракетите.

На 19 ноември, еден татко со својата 12-годишна ќерка и 19- годишен син се убиени од напад на беспилотно летало додека работеле на нивата која била непосредно до нивната куќа - северно од градот Газа. На сличен начин 84-годишен старец со неговата 14-годишна внука е убиен на својата фарма за маслинки источно од Кхан Јоунис. Во двата случаја немало militanti на тие локации во текот на целата криза.[112]

На 19 ноември, двајца цивили и дете биле убиени од беспилотно летало кога се движеле низ полето во областа Кхан Јоунис. Според жителите тоа бил единствениот напад таму во текот на кризата. Истиот ден двајца фармери со камион, во кој пренесувале зеленчук, биле нападнати од беспилотно летало и убиени.На 20 ноември било убиено дваесетгодишно момче, кое ловело птици во полето во близината на Рафах. Израелските сили, по извршениот напад не дозволиле возилото за прва помош да дојде до местото на нападот. [113]

Израелските одбранбени сили во текот на целиот конфликт се повикувале на тоа дека отворените области и полињата биле користени за лансирање напади и затоа биле легитимна мета на напади.

[112]Report of the United Nations High Commissioner for Human Rights on the implementation of Human Rights Council resolutions S-9/1 and S-12/1
[113]Ibid

Израелските одбранбени сили извршиле напади врз станбени згради во приватна сопственост во последните денови на војната: 383 станбени објекти биле уништени или претрпеле големи штети како резултат на ваквите израелски напади.[114]Во некои случаи во нападите имало и цивилни жртви.

На 18 ноември бил извршен воздушен напад врз куќата на семејствотоАл Далос во Газа. Вонападот биле убиени 12 члена на семејството од кои 5 деца и 4 жени. Израел тврдел дека еден член од фамилијата бил припадник на Касам бригадите и тој бил мета на нападот. Местото каде се случил нападот е област со густо население.

Ова не е единствен случај кога Израел извршил напади врз борци на Хамас, а се убиени и цивили.

Израел извршил воздушен напад врз зградата во сопственост на семејството Азам во Шеџаија каде што еден член од семејството бил поврзан со исламски џихад. Во нападот животот го загубиле две жени и две деца, а биле повредени25 лица, меѓу кои 22 деца.

Во текот на воената операција се целосно уништени или се нанесени штети на многу фарми и бизниси. Некои биле директна мета на нападите, а другите биле уништени поради блискоста до метата на нападот.

Во воената операција Израелските одбранбени сили нападнале неколку новинари и медиумски канцеларии во градот Газа. Во нападите животот го загубиле двајца камермани кои се движеле во јасно обележано медиумско возило и биле повредени 8 новинари. На 20 ноември, новинар од Ал Акса телевизијата бил нападнат додека се движел низ Газа со јасно обележано медиумско возило. Израелската влада ги опишала и двата случаи како новинари кои имале контакти со терористички активности, објаснувајќи дека Ал Акса и Ал Кудс се телевизиски станици на Хамас. Програмите на овие телевизиски станици ги поддржуваат и повикуваат на напади врз израелски цивили.[115]

[114]Shelter Sector Gaza, available from www.sheltergaza.org; according to Al Mezan 52 houses were directly attacked, 35 of which including with smaller missiles for advance warning purposes, available from: http://www.mezan.org/en/details.php?id=15976&ddname=IOF&id2=7&id_dept=22&p=center_more

[115]IDF Blog, How Hamas and Islamic Jihad Use Journalism as a Cover for Terrorism, 29 November 2012. Available at: http://www.idfblog.com/2012/11/29/how-hamas-and-islamic-jihad-usejournalism-as-a-cover-for-terrorism

На 18 ноември 2012, Израелските одбранбени сили го нападнале покривот на зградата Шаува во градот Газа со најмалку четири ракети, а на 11 кат во таа зграда се просториите на Ал Кудс телевизијата и седум новинари биле повредени. Не било дадено никакво предупредување дека следи напад за да се евекуираат цивилите. Следниот ден била погодена Ал Акса телевизиската станица која се наоѓа на петнаесттиот кат во зградата Шурук медија. Израелските одбранбени сили се повикале на тоа дека ги напаѓаат комуникациите на Хамас, особено антените на зградите кои Хамас ги користи за изведување напади врз израелските цивили.

За време на конфликтот била направена и материјална штета врз 13 центри за примарна медицинска заштита, некои биле делумно оштетени, а некои целосно уништени. Девет од овие центри се под Министерството за здравство и четири на Агенцијата на Обединетите нации за палестинските бегалци. Три болници биле директно погодени: јорданската болница, европската болница и болницата во Бет Ханоун.

На 20 ноември, бил извршен напад врз зградата на Националната исламаска банка во Газа. Израелските одбранбени сили тврдат дека оваа банка е користена од Хамас. Менаџерите на банката потврдиле дека владата на Хамас е клиент на банката и платите на Владата се исплаќале преку оваа банка. Банката не е во сопственост на владата на Хамас.

Два стадиона, осум спортски клубови и Министерството за спорт се уништени од воздушните напади. Израелските одбранбени сили тврдат дека стадионот на Палестина е нападнат поради лансирање ракети оттаму, а очевидците велат дека ракетите биле лансирани од околните улички, а не од стадионот.

На 21 ноември израелските воздушни сили ги бомбардирале двата моста, уништувајќи ја комуникацијата помеѓу градот Газа со централниот и јужниот дел од Областа Газа.

Континуираното бомбрадирање врз Областа Газа создало страв и трауми врз населението, принудувајќи голем дел од нив да станат бегалци и да ги напуштат своите домови, заминувајќи во потрага по засолниште и безбедност. Бомбардирањето било особено интезивно во северната гранична зона околу Бел Лахиа и Бет Ханун. Многу куќи претрпеле оштетувања, децата биле

трауматизирани и со психолошки последици манифестирани преку ноќни кошмари и чувства на несигурност. Голем број родители се чувствувале депримирани поради неможноста да ги заштитат своите деца.

Голем број цивили биле изложени на напади ако нивната куќа била во близина на воена мета за Израелските одбранбени сили. Израелските одбранбени сили објавиле дека исфрлиле 200.000 летоци во кои се повикуваат Палестинците да не се мешаат со Хамас и да ги избегнуваат нивните локации и објекти. Биле направени 20000 телефонски повици и до населението биле испратени 12000 пораки со исто предупредување. Врз многу области во Газа биле фрлени летоци во кои се советува населението да оди кон центарот на Газа.Во летоците била дадена и рутата по која да се движат.[116]

На 20 ноември 12000 Палестинци ги напуштиле своите домови и се засолниле во 14 училишта на Агенцијата на Обединетите нации за палестински бегалци.[117]

## 6.10 Воената интервенција„Заштитно шило“, 7јули – 26 август,2014 (7 недели)

На 7 јули 2014, Израел ја започна воената операција „Заштитно шило“со цел стопирање на ракетните напади на Хамас и уништување на неговите капацитети за извршување напади врз Израел.

Воената операција започна во текот на Рамазан, светиот месец за муслиманите - месецот на постите. После првата фаза која била фокусирана на воздушно бомбардирање, на 17 јули 2014, Израел ја започнал копнената офанзива. Целта на Израел во оваа војна била да се уништи терористичката инфраструктура и да се неутрализираат тунелите на границата со Областа Газа.

Третата фаза започнала на 5 август и била карактеристична поради честите прекини на огнот и воздушните напади. Воената операција завршила на 26 август кога и двете страни се договориле примирје.

Операцијата „Заштитно шило“ го подигнал конфликтот на сосема друго повисоко ниво од сите претходни конфликти. Израелските сили во оваа војна биле изложени на силен фронт на палестинските терористички организации

[116]IDF website, Operation Pillar of Defense: Days 3-8, November 21, 2012, available from http://www.idf.il/1283-17607-en/Dover.aspx.
[117]UNRWA Gaza situation report, 22 November 2012

кои користеле различна герилска тактика за да одговорат на копнената офанзива, со различно оружје. Палестинските организации користеле напади со импровизирани експлозивни направи за да ја спречат копнената офанзива, користеле противтенковски гранати, борците на палестинските организации влегувале во директни борби со израелските сили, а судирите продолжиле 4 недели. Како резултат на тоа значително се зголемиле израелските воздушни бомбардирања и тенковското гранатирање.

## 6.11 Последици врз цивилното население од воената операција „Заштитно шило"

Војната од 2014 има катастрофално влијание врз животот на Палестинците. Степенот на разрушување во Областа Газа претставува нешто дотогаш невидено. Бројот на убиени Палестинци е 2251, и вклучува 1462 цивили, 299 жени и 551 дете. Бројот на повредени Палестинци изнесува 11231,од кои 3340 жени 3436 деца.[118]Од повредените деца 10% ќе имаат инвалидитет доживотно.[119]

Неексплодираните остатоци од бомбите и гранатите уште долго ќе претставуваат опасност за жителите на Областа Газа. Околу 7000 неексплодирани бомби чекаат да бидат деактивирани. [120]

Покрај големиот број жртви, има и екстремно рушење на цивилна сопственост во Газа. 18000 куќи се сосема уништени, околу 80000 куќи треба да се реновираат.[121]

[118]United Nations Protection Cluster figures of 31 May 2015. The Protection Cluster is the mechanism for coordinating humanitarian action by humanitarian organizations (UN and non-UN) working in the protection sector. It is one of several such sectoral clusters. OHCHR leads the Protection Cluster in the OPT. OHCHR compiled figures on fatalities in its capacity as leader of the Protection Cluster. The methodology used involves the compilation of initial reports of fatalities from the media and other sources which are then crosschecked and verified in collaboration with a number of international, Palestinian and Israeli partner organizations. Where available, each individual's name, age, sex and place of death is determined, as well as their status as a civilian or combatant where possible. Multiple sources are cross-referenced, not only from media and various human rights organizations, but also information released by the IDF and by the Palestinian armed groups regarding the identity of combatants. Information from the Ministry of Health in Gaza is one, but not an exclusive, source of information. Verification of the information collected is continuing. Figures are published on the website of OCHA on behalf of the Protection Cluster.

[119]Palestinian Ministry of Health, quoted in A/HRC/28/80/Add.1, para. 24.

[120]OCHA Fragmented Lives. Humanitarian Overview 2014. March 2015.At http://www.ochaopt.org/documents/annual_humanitarian_overview_2014_english_final.pdf; See also report by Handicap International, Bombs under Rubble, January 2015, at: https://d3n8a8pro7vhmx.cloudfront.net/handicapinternational/pages/1949/attachments/original/1421265536/HI_Report_Gaza_Bombs_under_Rubble.pdf?1421265536.

[121]Ibid.

Бројот на внатрешно раселените лица достигна 500.000 што е 28% од популацијата. Ова не е прв пат тие лица да бидат раселени поради воени активности, бидејќи мора да се справуваат со стрес и паника проследени со чувство на безизлезност и немање безбедно место каде да се оди. Многу од нив се сместија во прифатните центри за бегалци кои беа преполни со бегалци. Имаше воздушни напади и врз тие центри каде имаше жртви и повредни со што уште повеќе се комплицираше недостатокот на безбедност и сигурност од израелските напади. [122]

Електричната централа во Газа беше трипати мета на напади и мораше да престане со работа на 29 јули како резултат на експлозијата во резервоарите кои беа погодени со израелска тенковска граната. Поради престанувањето со работа на централата, и уништените далноводи и трансформатори,Областа Газа се соочи со 22-часовна рестрикција на струја. Недостатокот на струја влијаеше врз работата на болниците, намалување на притисокот на пумпните станици за вода за домовите. Пумпите работеа на струја и се наруши работата на прочистителната станица.[123]

Областа Газа уште во периодот пред војната имаше недостаток од 200 училишта и уништувањето и оштетувањето на 209 училишта дополнително го зголеми овој проблем;три универзитети беа директно погодени, а 8 беа оштетени, 274 градинки беа оштетени и 11 уништени.[124]

Според проценката на Светската банка поради војната, економијата во Областа Газа е на работ на пропаст, невработеноста е 60%, што е највисок процент во светот. Според овој извештај губењето на економските капацитети се должи на цената за обнова на уништената инфраструктура, немање доверба кај инвеститорите и трговскиот дефицит. Голем дел од земјоделството е уништено поради војната. Недостатокот на нафтени деривати и струја не дозоволува континуирано производство кое води кон отпуштање на

[122]Report of the detailed findings of the independent commission of inquiry established pursuant to Human Rights Council resolution S-21/1. p. 152

[123]UNDP, Detailed Infrastructure Damage Assessment, Gaza 2014. 28 November 2014. At http://www.ps.undp.org/content/dam/papp/docs/Publications/UNDP-papp-research-dammageassessment2014.pdf. Bellow referred to as UNDP, Detailed Infrastructure Damage Assessment, November 2014.

[124]90% of UNRWA schools and 85% of public schools are operating on double shifts across the Gaza strip, and 2 UNRWA schools in Gaza city were operating on triple shifts. This means that children would spend only between 2.5 to 4.5 hours per day in the school. Information provided by the Education Cluster coordination. And http://www.ochaopt.org/documents/humanitarian_snapshot_25_august_2014_opt_v4.pdf

работниците. Комбинираните фактори како уништената економија, војната и блокадата резултираат со тоа 39% од населението да живее под линијата на сиромаштијата, што силно влијае врз пристапот до храна, работа, медицинска нега и вода.[125]

Според Обединетите нации, скоро целото население во Газа е зависно од хуманитарната помош.[126]

Една болница и 5 амбуланти беа уништени, 15 болници и 51 клиника беа оштетени. Воените дејствија го ограничијапристапот на хронично болните до редовна медицинска грижа. Бројот на населението со инвалидитет се зголеми и повеќе од 1000 деца ќе останат трајни инвалиди.[127]

„Тешко е да се грижиш за своето здравје ако си невработен, ако немаш соодветно место за живеење, ако немаш храна, ако немаш вода и човечка безбедност“.[128]

„Децата во Областа Газа се уплашени да не умрат, и постојано прашуваат дали ќе има друга војна“.[129]

Органичениот пристап до медицинска грижа и војната од 2014 оставија длабоки трауми, изразени преку безнадежност базирана на искуствата видени во војната, како смрт, повреди, губење домови, раселување и немање иднина. Проценките велат дека 20% од населението има потреба од психолошка помош, а меѓу нив 373 000 деца.[130]Повеќе од 1500 деца останале без родители.[131]

[125]The World Bank, Gaza Economy on the Verge of Collapse, 21 May 2015, at: http://www.worldbank.org/en/news/press-release/2015/05/21/gaza-economy-on-the-verge-of-collapse

[126]FAO, Gaza: Damage to agriculture will have long lasting effects; 14 August 2014; at: www.fao.org/news/story/en/item/240924/icode/.

[127]Gaza Strip, Joint Health Sector Assessment Report,September 2014.

[128]Dr. Mads Gilbert, a Norwegian doctor working in Gaza during the hostilities.

[129]Dr. Mona El Farra, a Palestinian doctor in Gaza

[130]OCHA, 2015 Strategic Response Plan oPt.

[131]United Nations Children's Fund. State of Palestine, Humanitarian Situation Report, 23 October 2014 (http://available at www.unicef.org/mena/UNICEF_SoP_SitRep_23_October_2014.pdf), p. 1

# ГЛАВА 7. ИЗРАЕЛСКИТЕ ОДБРАНБЕНИ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ МЕТОДИ

## 7.1 „Железната купола“

Во февруари 2007 год „Железната купола“ била избрана од Министерството за одбрана на Израел како систем за одбрана од ракетните напади, изведени од Областа Газа и Либан.

Во изградбата на „Железната купола“ американската влада учествува со поддршка од повеќе од 900 милиони долари, но финансиското учество во проектот не им дава право на пристап до таа технологија без да ја купат од Израел.[132]

Не постои друг ваков систем на противвоздушна одбрана во светот.Ова само уште еднаш ја потврдува технолошката супериорност на армијата на Израел, односно решеноста да се има квалитет во однос на квантитет кој е еден од принципите на воената доктрина на Израел.

Уште пред почетокот на воената операција „Столб на одбраната“ беше јасно дека не е можно само со офанзиватана воената операција целосно да се уништат капацитетите на Хамас за изведување напади и дека Израел ќе мора да ги издржи ракетните напади од Областа Газа. Но за разлика од другите претходни војни овој пат Израелските одбранбени сили ја користеа активната противвоздушна одбрана на системот „Железната купола“.

Историски гледано, Израел секогаш користел и развивал офанзивни капацитети за да се справува со стратегиските закани, уште повеќе ако се земе предвид дека развојот и употребата на одбранбениот ракетен систем „Стрела“ и високата цена на неговите балистички ракети, се негативни аругменти за градењето на одбранбените капацитети.

„Железната купола“ е подвижен и активен систем за противвоздушна ракетна одбрана. Развиен е од израелската воена индустрија. Системот е дизајниран и наменет за уништување ракети со дострел од 40 до 70 км. „Железната купола“ користи пресретнувачки ракети за да ги уништи ракетите кои се лансирани кон мети во Израел. Најважната карактеристика на системот

[132]CRS Reports & AnalysisIsrael's Iron Dome Anti-Rocket System: U.S. Assistance and Coproduction Jeremy M. Sharp, Specialist in Middle Eastern Affairs (jsharp@crs.loc.gov, 7-8687) September 30, 2014 (IN10158)

е можноста да ја пресмета траекторијатана ракетата која се следи, затоа системот не се активира на ракети за кои пресметува дека ќе паднат во ненаселени обасти на Израел.

Системот е во употреба од 2011 и првиот вистински тест го имал во војната во 2012 год.Израел имал разместено околу Областа Газа четири батерии на „Железната купола" подготвени за борба.

Во операцијата „Столб на одбраната" 1506 ракетни напади беа извршени од Областа Газа. Од нив 152 експлодираа во Областа Газа поради неисправност, 875 експлодираа во ненаселени места во Израел, 421 беа успешно уништени од ситемот на„Железната купола" кој постигна успех од 85%. Само 58 ракети паднаа во населените места.[133]

Уште вториот ден од воената операција „Столб на одбраната" системот се покажа успешен што се потврди и до крајот на воената операција. Медиумите, јавноста и официјалните лица на Израел, сите се сложиле дека системот спасил човечки животи и им дал можност на политичарите и војската да имаат повеќе слобода во одлуките и воените акции без да бидат под притсок на цивилните жртви предизвикани од напади со ракети.

Успехот на „Железната купола" ја отфрли потребата од изведување копнена операција во Областа Газа и ја натера Владата да одвои дополнителни 750 милиони американски долари за набавка на нови 13 единици од „Железната купола".[134]

Во воената операција „Заштитно шило" 4500 ракети биле лансирани од Областа Газа кон Израел, околу 3600 падналe во отворени и ненаселени места во Израел, 200 експлодирале поради неисправноство територијата на Областа

[133] IDF spokesman, November 22, 2012. The information appears only in the video clip attached to the article and mentions only the number of interceptions and the number of rockets that fell in open territory. It notes a success rate of 84 percent. See http://www.idf.il/1133-17723-he/Dover.aspx. The Meir Amit Intelligence and Terrorism Information Center, Update No. 8, November 22, 2012, notes that 875 missiles fell in open territory. The total number of rockets (1,506) appears on the Nana10 web site, http://news.nana10.co.il/Article/?ArticleID=939466, and the NRG web site, http://www.nrg.co.il/online/1/ART2/417/473.html. The numbers indicate a success rate of 87.8 percent, higher than the IDF spokesman's figure

[134] Uzi Rubin writes that the system's three objectives are preserving human life and property, providing a greater degree of freedom to the political leadership, and providing the IDF with time to prepare for offensive operations. Uzi Rubin, "'Iron Dome' vs. Grad Rockets: A Dress Rehearsal for an All-Out War?" BESA Center Perspectives, Paper No. 173, July 3, 2012.

Газа. „Железна купола“ пресретнала 735 ракети, а 225 паднале во Израел и предизвикале материјални штети. [135]

Ограничениот број израелски жртви во воената операција „Заштитно шило“ се должи најмногу на противракетниот штит на „Железната купола“. Според израелските одбранбени сили, „Железната купола“ остварила 90% успех во пресретнувањето на ракетните напади насочени кон градовите на Израел. Ова е подобрување во споредба со операцијата „Столб на одбраната“ кога процентот на успех на „Железната купола“ беше 85%. [136]

Најголема штета од ракетните напади е нарушувањето на секојденвниот живот, стопирањето на секојдневните активности, психолошкиот стрес, трчањето кон засолниште и индиректната штета врз економијата.

„Железната купола“ не може да ги заштити од минофрлачки гранати и ракети со краток дострел израелските заедници кои живеат близу до границата на Областа Газа. Израел почнал да го развива новиот систем за заштита од вакви напади. Системот користи ласерски зрак да ги уништи ракетите со краток дострел и минофрлачките гранати. [137]

Дефанзивните мерки како „Железната купола“ даваат и време за дипломатски активности. Ова е една од причините зошто САД вложува во дефанзвините системи на Израел - не само да ги заштити израелските цивили туку и да ги намали можностите за ескалација на конфликтот.

## 7.2 Последици од „Железната купола“ врз палестинското населние

Одбранбените методи по својата природа се пасивни и се составен дел од правото на самоодбрана на државите, бидејќи никој не може да ја негира потребата и должноста на државта да ги заштити своите граѓани. На прв поглед може да се каже дека одбранбените методи во борбата со тероризмот не ги нарушуваат либерално-демократксите вредности, но во реалноста, а особено во Израел, некои од дефанзивните мерки ги нарушуваат правата на

[135]One report stated that Iron Dome had also intercepted 10 mortar shells – a weapon that is usually not within the range of Iron Dome's capabilities. See Gili Cohen, "Iron Dome Intercepted About 10 Mortar Shells during the Fighting in Gaza," Haaretz, August 13, 2014, http://www.haaretz.co.il/news/politics/1.2405294.
[136] Amos Harel, "Iron Dome Racks Up 90 % Success Rate So Far," Haaretz, July 9, 2014, http://www.haaretz.com/news/diplomacy-defense/1.604039.
[137] Lappin,Y., (2014) "Israeli Iron Beam Laser Air Defense System 'Brings Down Mortars Like Flies' Creator Says," Jerusalem Post,

поединците и групите во општеството и поставуваат ограничувања врз одредени групи. Ова најчесто се случува поради потребата на безбедносните сили да извршат идентификација и да стопираат сомнителни лица, да се изврши претрес на сомнителниот и неговиотбагаж и да се спречи влезот на соменителните во објектите.

Израел со одбранбената метода „Железната купола“ успеал да ги надмине овие претходни слабости на одбранбените мерки и да ги минимизира последиците од „Железнта купола“ врз населението во Областа Газа.

Израел успеал ефективно да ја намали опасноста од терористичките напади без да ги наруши либерално-демократските вредности, со што се потврди дека е можна ефективна борба со тероризмот без да се нарушат либерално-демократските вредности.

Сепак сè уште остануваат прашањата кои треба да се одговорат во однос на:

- цената на пресретнувачката ракета е превисока, бидејќи една ракета има цена 40-50.000 американски долари и во многу случаи потребни се две пресретнувачки ракети за да уништат една ракета;оваа цена беше споредена со цената на ракетите на Хамас, која е 800-1200 долари;
- поради високата цена на набавката, најверојатно во следниот конфликт ќе биде ограничен бројот на пресретнувачки ракети, а се мисли и дека во пролонгирана војна резервите на пресретнувачките ракети нема да бидат доволни;
- ситемот има ограничени можности за пресретнување во случаи кога истовремено се лансирани повеќе ракети.

Сето ова може да има директно влијание врз цивилите во Областа Газа, бидејќи ќе се наметне потреба од дополнителни воздушни напади за уништување на лансирните рампи кои можат да водат кон несакани цивилни жртви.

# ГЛАВА 8.ИЗРАЕЛСКИТЕ КАЗНЕНИ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ МЕТОДИ- „БЛОКАДАТА“

## 8.1 Блокадата како противтерористичка метода за колективно казнување

Влијанието на воените операции не може да се процени правилно ако не се земе предвид и блокадата наметната од Израел врз Областа Газа.

Трите воени интервенции во Газа во периодот 2007-2014 с кулминација на еден долг процес на економско и политичко изолирање и измачување на Областа Газа, наметнато од Израел преку методот на блокадата која е дел од израелските противтерористички политики наменети за колективно казнување.

Блокадата како метод за справување со Хамас беше за првпат применет од Изреал во 2006, кога Хамас победи на парламентарните избори. После победата на Хамас на изборите, голем број држави донатори на финасиска помош за Областа Газа ја стопираа својата помош за палестинските власти што значеше и отворена поддршка на израелската блокада кон Областа Газа. Хамас на 15 јуни 2007 ја презеде целата власт во Областа Газа, а кратко потоа Израел ја нарече Областа Газа непријателска територија наметнувајќи серија економски, социјални и воени мерки дизјнирани да го изолираат Хамас. Блокадата како метод録 имала големо влијание врз секојдневниот живот и животниот стандарад на населението воОбласта Газа.

Блокадата како метод е поразлична од ембаргото или санкциите кои се ограничувања наметнати врз една земја во однос на размената на стоки и трговијата. Блокадата е поразлична од опсадата, бидејќи блокадата се однесува на цела област, а опсадата обично се однесува на град или тврдина и се применува за да се освои еден град, кога не можат да бидат победени или кога не сакаат да се предадат.

Блокадата врз Областа Газа како противтерористички метод ги има во себе и двата претходно спомнати елементи: ембарго за увоз и извоз на производи за Областа Газа и воена опсада. Областа Газа е под целосна израелска воена опсада од копно со копнени сили, од море со воената

морнарица, и со потполна контрола на воздушниот простор од военото воздухопловство.

Блокадата како метод подразбира целосно затворање на граничните премини, воздушниот простор и морскиот пристап кон Областа Газа. Некогаш ова затворање е делумно, а некогаш целосно за движење на луѓе, производи, услуги, нафтени деривати и електрична енергија.

Достапноста на производите, услугите како и секојденвниот живот на Областа Газа се максимално зависни од Израел и нејзините политики. Храната, нафтените деривати, електричната енергија, градежните материјали доаѓаат во Областа Газаисклучиво од Израел. Израел е исто така и единствен излез за комуникација со светотна населението во Областа Газа. Преминот од Областа Газа кон Египет е потполно затворен, согласно договорот помеѓу Израел и Египет, и стравувањата на Египет ако ја отвори границатада не ја добие и одговорноста за грижа за населението во Областа Газа. Овој граничен премин кога е отворен е наменет само за луѓе.

Помеѓу Израел и Областа Газа постојат пет гранични премини. Преминот Ерез е исклучиво наменет за луѓе, Нахал Оз за нафта, Карни за жито, Керем Шалом и Суфа за производи и стоки за широка потрошувачка. Израелската контрола врз овие премини отсекогаш била рестриктивна кон населнието од Областа Газа.

Во првите години блокадата наметна уште поголеми рестриктивни мерки врз движењето на Палестинците од мерките кои Израел ги користел порано. Сега, преминот Ерез е целосно затворен за Палестинците со исклучок на некои бизнисмени и итни медицински случаи. Во однос на рестриктивните мерки врз движењето на луѓето, блокадата го ограничува и движењето на дипломати кои сакаат да ја посетат Областа Газа (најчесто оправдување на Израел е „безбедносни ризици“ за дипломатите), за меѓународните хуманитарни организации (се разгледува случај по случај за издавање дозвола за премин).Во текот на „Леано олово“ и активностите кои Израел ги презеде пред започнување на операцијата, нема ниту еден странски новинар во Областа Газа, а ваквата состојба јасно упатува на намерата да се ограничи пристапот до информациите од теренот кои можат да дејствуваат спротивно од интересот на Израел.

Во периодот 2007-2012 дозволениот увоз на производи за Областа Газа беше ограничен само на хуманитарна помош преку преминот Карем Шалом како и ограниченото количество нафтени производи.

Количеството на производи кои влегуваа во Областа Газа не е доволно да ги задоволиосновните потреби на населнието.Исто така е забранет и влез на стоки кои служат за прозводство на храна,адолго време е забранет и увозот на чоколада.

Израел никогаш не ја објавил листата на забранети производи за Областа Газа, ниту критериумите по кои тие се забранети.

Блокадата значително го намали бројот на камиони со производи за Областа Газа - бројот на камиони е земен како реална мерка за увозот и извоз во Областа Газа. Во текот на војната во 2009 год. бројот на камионите кои влегуваа во Областа Газа беше 23-30 камиони дневно. По завршувањето на војната овој број се зголеми за петпати. [138] Но никогаш овој број не бил ни блиску до бројот пред 2007 или соодветен со потребите на населението во Областа Газа. Кон крајот на 2006 дневно од и кон Областа Газа бројот на камиони е определен на 400.[139] Како ефект од блокадата, економијата е потполно уништена. Дополнително на тоа се додаваат и уништувањата на производствените капацитети во текот на воените операции.

Подземните тунели, изградени на границата со Египет се единствениот начин за снабдување со потребните производи. Преку тунелите доаѓа нафтата и сите други производи, потребни за секојдневниот живот на народот.

Блокадата вклучува и мерки за ограничување на пристапот на море и воздушниот простор на Областа Газа. Според Осло, договорот за пристап до морето за рибарите е дозволен до 20 наутички милји. Но Израел го поставил лимитот на 6 милји, а после војната во 2009, е ограничен на 3 милји. Аеродромот во Областа Газа е потполно уништен во воената операција од 2009 година.

[138]OCHA, The Humanitarian Monitor, No. 33 (January 2009).
[139]International Labour Office, "The situation of workers in the occupied Arab territories", Report of the DirectorGeneral to the International Labour Conference, 98th session, 2009, appendix, para. 24.

Во средината на декември 2008 год, поради ракетните напади на Хамас сите гранични премнини беа осум дена целосно затворени. [140] Секоја терористичка активност на Хамас или на другите групи води кон целосно затворање на сите премини на неодреден временски период. Во декември 2008 како резулатат на блокадата Обединетите нации ги стопира своите хуманитарни активности бидејќи нема повеќе храна во нивните магацини.

Израел досега не одговорил на прашањата поврзани со блокадата: кои се критериумите за забранети производи? Зошто се ограничува протокот на пари за Областа Газа? Зошто се наметнуваат санкции врз итните медицински случаи кои треба да ја напуштат Областа Газа? Зошто е намалена зоната за рибарење? Зошто се ограничува пристапот во Областа Газа на меѓународните донатори и хуманитарни организации?

Легалноста на одлуката на Израелската влада за ограничувањето на електричната енергија и нафтените производи беше ставена на преиспитување пред Врховниот суд на Израел, кој одлучи дека според Женевската конвенција, Израел е долженОбласта Газада ја снабди со електрична енерија и нафтени прозводи за основните хуманитарни потреби. Но судот никогаш не ги дефинира основните хуманитарни потреби, и беа оставени да ги одреди Владата.[141]

## 8.2 Последици од блокадата врз палестинското население

Населението во Областа Газа живее под окупација, која е надградена и со последиците од офанзивните противтерористички методи на Израел. Ова се основните карактеристики на секојдневниот живот на населението во Областа Газа.

Според Хашката конвенција, една територија се смета за окупирана кога е под власт на непријателска армија. Војската на окупаторот мора да ги обезбеди сите мерки за да го врати и одржува јавниот ред и безбедноста во окупираната територија.

---

[140]The Humanitarian Monitor, No.32.

[141]Jaber Al-Bassiouni Ahmed et al. v. Prime Minister and Minister of Defense, case No. 9132/07, Judgement of 30 January 2008, available at http://elyon1.court.gov.il/Files_ENG/07/320/091/n25/07091320.n25.pdf. 195

Според Женевската конвенција: државата-окупатор мора да гарантира заштита на цивилите во услови на војна, без разлика на статусот на територијата.

Израел без сомневање има ефективна контрола врз Областа Газа. Ваквата контрола ја прави Областа Газа окупирана, а Израел окупатор. Затоа за Израел важат законите за заштита на окупираното цивилно население. И покрај военото повлекување на Израел од Областа Газа, сепак меѓународната заедница го гледа Израел како окупатор на Газа.

Специфичната геополитичка положба на Областа Газа и силната израелска контрола на границата се фактори кои го одредуваат квалитетот на животот во Областа Газа. Израел ја контролира целата граница наОбласта Газа, вклучувајќи го и делот кон Египет преку договорот потпишан со Египет.

Израел го контролира морскиот пристап до Областа Газа и има објавено морска блокада и ограничувања за палестинските рибари, а со тоа ги ограничува економските можности за Палестинците. Израел одржува воздушна контрола во Областа Газа и користи беспилотни летала со кои врши набљудување и изведување напади. Околу копнената граница во територијата на Областа Газа, Израел има воспоставено бафер-зони. Израел ја контролира и монетарната политика, бидејќи во Областа Газа се користи израелската монета.

Вкупната одговорност за Областа Газа е врз Израел. Според меѓународните закони и практики мора во една територија да постои окупаторска власт за да постои окупација, тоа е само еден елемент кој можеда постои, а може и да не постои.

Иако постојат основните елементи за окупација во Областа Газа, мора да се земе предвид дека во Областа Газа постои и Влада која ги извршува функциите на палестинската власт според Спогодбата во Осло, дури и во услови на блокада.

Населението во Областа Газа, поради блокадата и поради воените операции веќе подолго време не живее нормален живот. Блокадата и војната креирале состојба во која најголем број на жителите се осиромашени и лишени од човековите права. Ваквата состојба е опишана во извештајот на Светската

здравствена организација како состојба на уништување на човековото достоинство.[142]

### 8.2.1 Економија, средства за егзистенција и невработеност

Уште пред воената операција во 2008/2009 економијата во областа Газа е во многу тешка состојба. Блокадата го ограничи или не дозволи влез на средства за производство во индустријата и не дозволи увоз на електрична енергија неопходна за да функционира економијата.

Од Израел доаѓа 51% од електричната енергија, 7% доаѓа од Египет, а електричната централа во Областа Газа произведува 34%оставајќи 8% дефицит на електрична енергија. Како резултат на блокадата и намалениот дотур на индустриски дизел за електричната централа се намали и производството на струја,што уште повеќе се зголеми недостатокот на струја. Исто така голем удар за електричната централа беше и забраната за увоз на резервни делови за одржување, што уште повеќе ја усложни состојбата. Гасот за домаќинството исто така беше ограничен, а Областа Газа има наоѓалиште за гас во својот дел од морето.Тоа наоѓалиште е експлоатирано од Израел.[143]

Поради ваквите состојби 98% од индустријата беше затворена и пет фабрики 2007 – 2008 год. се преселија наЗападниот Брег и во Јордан. Околу 16.000 работници останаа без работа. Забраната за извоз на земјоделските производи создаде штета од 30 милиони долари до јули 2008 и 40.000 работни места беа затворени. Во градежната индустрија, поради забраната за влез на градежни материјали 42.000 работници останаа без работа. Сите кои останаа без работа побраа хуманитарна помош од Обединетите нации. [144]

Дополнителен удар врз економијата беше и блокадата за транзит на луѓе со што многу семејства ги загубија своите приходи, бидејќи обично луѓето од Областа Газа работат во Израел или во арапските земји.

Деструктивниот ефект на блокадата го осиромаши населнието во 2007, 79% од луѓето живееја под линија на сиромаштијата (4 долари на ден). Риболовот беше место каде повеќе од 3000 луѓе беа вработени пред блокадата,

[142]WHO report 2009, p. 8
[143]OCHA, "Gaza humanitarian situation report: the impact of the blockade on the Gaza Strip", 15 December 2008.
[144]Palestine Trade Center (PALTRADE), "Gaza Strip: A year through siege", July 2008.

повеќе рибарски бродови беа уништени во воените операции. Сето ова и постојаното ограничување на пристапот кон морето создадоа економски последици во рибарскиот сектор во Областа Газа.

Обично земјоделството ги апсорбира луѓето кои остануваа без работа, но недостатокот на пестициди, машини, резервни делови и особено забраната за извоз неможе повеќе да го прави тоа. Извозот бил и понатаму забранет со исклучок на некои камиони со цвеќе кои поминувале во Израел. Без надворешен пазар локалното производство неможе да има развој,нинамаленаневработеност, ни подобрување на животниот стандард.

### 8.2.2 Прехранбени производи

Достапноста на храна во Областа Газа е определена со количината која е увезена од Израел и количината која е локално произведена. Во периодот пред воената операција „Леано олово" и двата извора на храна за Областа Газа беа под големи рестрикции, наметнати од Израел. Затворањето на граничниот премин Карни од каде се увезувало жито и брашно ги присилило мелниците во Областа Газа, да затворат или да ги лимитираат своите операции. Ел Бадер мелницата е единствената која во тој период работи нормално бидејќи имала доволно залихи, но во војната во 2009 била уништена. Намалениот квалитет и квантитет на храната во Областа Газа создавале долгорочни последици врз здравјето на луѓето. Според Светската здравствена организција имало показатели на хроничен недостаток на нутриенти кај населението, најмногу кај децата.[145]

Континуираното уништување на фармите и обработливото земјиште од страна на Израел во текот на воените операции го намали и производството на свежа храна за Газа.[146]

### 8.2.3 Станбени објекти, куќи и повеќекатници

Веднаш по воената интервенција во 2009 год., според извештајот на Обединетите нации 3.354 станбени објекти беа потполно уништени, а 11.112

[145]Nutrition indicators for 2008 and 2009 provided by WHO office in Gaza to the Mission

[146]FAO and WFP, "Report of the rapid qualitative emergency food security assessment – Gaza Strip", 24 February 2009.

делумно оштетени. Како резултат на уништувањето требаше да се исчисти 600 тони градежен шут,чие складирање ќе ја загади околината и јавното здравје бидејќи најголемиот дел од објектите во Областа Газа содржат азбест. [147]

Воеското уништување присили околу 50.896 жители да се иселат од своите домови и да се засолнат во прифатните центри на Обединетите нации. Овој број е само мал дел од вкупниот број на раселени кои останаа надвор или се сместија кај своите роднини сошто уште повеќе ја отежна и така тешката состојба на многу од овие семејства. Жените и децата беа особено погодени од тешките услови предизвикани со уништувањето на домовите и раселувањето, а според Хабитат половина од раселните лица беа деца. [148]

Ситуацијата станува уште посложена ако се земе предвид уништувањето на единствената фабрика за цемент во Областа Газа и рестрикциите за увоз на градежни материјали.Поради ваквите услови илјадници семејства кои ги загубиле своите домови, биле спречени да ги обноват.

### 8.2.4 Пристап до вода и санитарни услови

Поради блокадата пристапот до вода и санитарниот сектор е во исклучително тешка состојба. Недостатокот на градежни материјали, цевки, резервни делови, ја попречуваат изградба на дополнителна инфраструктура и одржување на веќе постојните капацитети. Според тоа, распаѓањето на овие системи е голема закана за здравјето на луѓето.[149]

Постојаните рестрикции на електричната енергија влијаеле врз пристапот до вода и санитарниот систем: 80% од бунарите за вода во Областа Газа делумно функционирале, а другите воопшто не работеле. Ваквата сосотојба го отежнува пристапот до вода за половина од населението кои имаат само 4 часа вода дневно. 80% од водата за пиење не ги задоволува стандардите на Светската здравствена организција што претставува ризик за здравјето на луѓето. Повеќе од 70 милиони литри непречистена вода секојдневно се излева во морето, создавајќи закана од загадување на човековата околина и морскиот свет. Инфраструктурата, која веќе била во тешка сосотојба наметната од

[147]Al Mezan Center for Human Rights, “Cast lead offensive in numbers”.

[148]. Submission to the Mission by Housing and Land Rights Network -- Habitat International Coalition, “Targeting shelters and shelter seekers during operation Cast Lead in the context of Israeli military practice

[149]Gaza humanitarian situation report: the impac of blokade.

блокадата, со забраната за увоз на делови за одржување и електрична енергија за работа, дополнително е парализирана со воените интервенции.

### 8.2.5 Здравствениот сектор

Блокадата значително ги намалува капацитетите на здравствениот сектор во Областа Газа, болниците и клиниките продолжуваат да даваат услуги, но со значително намален квалитет. Недостокот на електрична енергија и постојаните прекини во снабдувањето со електрична енергија создадоа големи оштетувања на медицинската опрема во болниците, неможноста за поправање и одржување на ваквите машини поради блокадата дополнително ја влошија состојбата.

Животот под окупација, сиромаштијата, војните и потешкотиите предизвикани со блокада влијаат и врз менталното здравје на населението. Според Ијад Сараџ повеќе од 20% деца имаат посттрауматски стрес, симптоми кои траат со денови, месеци или години.[150]

Чувството на безбедност кое доаѓа со живење во безбедна околина со години наназад е уништувано со константните напади и воени конфликти, но уште повеќе е продлабочено со директните искуства кога луѓето станаа сведоци на насилствата врз своите семејства и роднини. Разурнувањата, раселеноста, неможноста да се најде безбедно место, заедно со изложеноста на ризици по животот и понатаму ќе имаат сериозно влијание врз луѓето.[151]

Многу од психичките проблеми на луѓето се резултат на долгогодишен живот во сиромаштија, недостоток и нестабилност и најверојатно овие проблеми ќе продолжат сè додека не бидат елиминирани причините за нив. Луѓето, особено децата, растат во општество под окупација со константни епизоди на насилство и немање чувство насигурност и нормален живот.

### 8.2.6 Образованието

Училиштатата и школските активности исто како и другите сектори се тешко погодени од блокадата.

[150]Public hearing, Gaza, 29 June 2009
[151]Dr. Ahmad Abu Tawahina, Gaza Community Mental Health Programme, public hearing, Gaza,29 June 2009, available at: http://www.un.org/webcast/unhrc/archive.asp?go=090629.

Училиштата се на повеќе начини погодени од блокадата како што е немањето градежни материјали со што беа стопирани изградбите на новите училишта. Реновирањата, исто така, се одложени. 88% од училиштата на Агенцијата на Обединетите нации за палестинските бегалци работеа во две смени, а недостатокот на материјал и опрема влијаеше на квалитетот на наставата.[152]

Забраната за поминување на луѓе од Областа Газа кон Израел влијаела врз студентите кои планирале да студираат надвор од Газа. Во 2008 год само 70 студенти успеале да ја напуштатОбласта Газа преку Ерез, а стотици останале во Областа Газа. Воените операции уништија 228 училишта и градинки. Според Министерство за образование 164 ученици и 24 наставници се убиени во текот на воените операции, додека, 454 ученици и 5 наставници се повредени.

## 8.2.7 Меѓународните хуманитарни активности во Областа Газа

Блокадата наметна големи рестрикции врз нормалното изведување на програмите на Агенцијата на Обединетите нации во снабдувањето со храна и другите форми на поддршка за палестинските бегалци. Обединетите нации мораа да ја прекинат својата работа на давање хуманитарна помош и храна поради недостокот на производи, предизвикан од блокадата. Програмите кои беа планирани да се изведат во областите на образованието, здравството, водоводот и санитарниот сектор мораа да бидат стопирани или одложени. Седум вработени во Агенцијата на Обединетите нации за палестинските бегалци беа убиени, а 21 повредени. Вкупно 57 објекти на Агенцијата беа оштетени од воздушните бомбардирања и гранатирањата од кои 36 училишта, 7 здравствени центри, 3 канцеларии на санитарната служба, 2 магацина и 5 други згради.[153]

Според Обединетите нации во периодот од 27 декември 2008, до 19 јануари 2009, во Газа влегле 536 камиони со хуманитарна помош. Ова, според

[152]UNRWA and the Association of International Development Agencies (AIDA), "The Gaza blockade: Children and education fact sheet"

[153]Report of the United Nations Fact-Finding Mission on the Gaza Conflict - Impact on humanitarian assistance provided by the United Nations, p 275

Обединетите нации, не е доволно за задоволување на хуманитерните потреби на населението во Газа.[154]

Блокадата предизвика и стопирирање на проектите на Обединетите нации кои веќе се изведуваа или беа во план да се изведат. Најголем дел од тие проекти беа во здравството, прочистителните станици, водоводот и образованието. [155]

### 8.2.8 Отпорноста на палестинското населението на окупацијата, блокадата и војната

Окупацијата врз Областа Газа е фундаменталниот фактор во кршењето на меѓународните закони од страна на окупаторот и уништување на секаква надеж за развој и мир.

Неприфаќањето на одговорноста на Израел како окупаторска сила уште повеќе го влошува ефектот на окупацијата врз Палестинците. Ставањето крај на окупацијата е предуслов за враќањето на достоинствениот живот на Палестинците и услов за развојот и мирно решавање на конфликтот.

Отпорноста на палестинското население кон окупацијата и војната најдобро може да се види во зборовите на Џон Гинг директор на Агенцијата на Обединетите нации за помош и работа на палестинските бегалци. После завршувањето на воената операција „Леано олово“ во отворена дебата со наставниците во Областа Газа тие побараа да се воведе и да се засили изучувањето на човековите права во училиштата. Наместо да бидат скептични и несигурни за потребата од изучување на човековите права во контекстот на секојдевното нивно негирање, наставниците без двоумење го поддржаа предлогот со изјавата: „Ова е војна на вредности и ние нема да ја изгубиме“.[156]

[154]By 1 February UNRWA was providing food assistance to 900,000 registered Palestine refugees, 504,000 of them children, in the Gaza Strip. There are 1,048,125 refugees in the Gaza Strip (74 per cent of the population), see UNRWA, “Fact sheet: Consequences of the conflict in the Gaza Strip 27 December 2008- 18 January 2009”

[155]See Summary of the Report of the United Nations Headquarters Board of Inquiry 2009.

[156]Report of the United Nations Fact-Finding Mission on the Gaza Conflict in 2009, “Occupation, resilience and civil society”. p. 409

# ГЛАВА 9. МЕРЕЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА НА ИЗРАЕЛСКИТЕ ПРОТИВТЕРОРИСТИЧКИ ПОЛИТИКИ

## 9.1 Предизвици при мерење на ефективноста на противтерористичките политики

Првиот предизвик со кој се соочуваат истражувачите во мерењето на ефикасноста, е непостоењето на општо прифатена дефиниција за тероризмот, противтероризмот и дефиниција за ефективноста на противтерористичките политики.

Постојат повеќе различни методолошки пристапи за мерење на ефективноста на противтерористичките политики, но сè уште постои отворена дебата за тоа кој пристап е највалиден. Различни истражувачи ја дефинираат различно ефективноста на противтероризмот, бидејќи користат различни критериуми според кои ја одредуваат и мерат ефективноста. Самата тајност на противтероризмот, тероризмот и војната со тероризмот ги тера научниците да изберат свои критериуми за ефективност. Анализата за ефективноста се комплицира уште повеќе со тоа што во администрацијата на Соединетите Американски Држави во службите за борба со тероризмот постојат разлиични мерки за успех и неуспех што укажува на некои штетности и на несистематичноста во мерењето на ефективноста на противтерористичките политики.[157]

Фактот дека не постојат мерки за мерење на успехот или неуспехот во борбата со тероризмот дополнително е усложнет со постојаното менување на целите во војната со тероризмот и промените во временската рамка за остварување на тие цели. На 21 септември 2001, претседателот Џорџ Буш изјавил „Сега кога ни е објавена војна ние ќе го поведеме светот во победа“, при крајот на 2001 „Ние ќе го искорениме тероризмот каде и да постои“, а во 2003 „Победата во Ирак е само една победа во војната со тероризмот, сè уште не го знаеме денот на конечната победа“. [158]

[157] AlexP. Schmidand and RashmiSingh, "MeasuringSuccessandFailurein TerrorismandCounter-Terrorism"
[158] CNN.com,'Bush Makes Historic Speech Abroad Warship',1 May 2003;William C Martel, Victory in War: Foundations of Modern Military Policy (Cambridge: Cambridge University Press,2007),p.1

Асиметрична карактеристика на војната со тероризмот наметнува потреба од користење индикатори за успех или неуспех кои се поразлични од индикаторите кои се користат за успех или неуспех во класично војување. Војната на традиционалното воено поле е многу полесно да се процени отколку победата во контекст на тероризмот и противтероризмот. [159]

Дополнително, потешко е да се процени штетата која е предизвикана од тероризмот отколку од традиционалното војување, а потешко е да се процени и временскиот период во кој постои заканата од тероризмот отколку заканата од војна, со што уште повеќе се усложнува проценката за успехот или неуспехот во војната против тероризмот.[160]

За крај, и државата и терористичката организација можат да прогласат успех во војната, секоја страна водена од своите релативни добивки од таа војна.

## 9.2 Модел за мерење на ефективноста на израелската противтерористичка политика

Што е ефективна противтерористичка политика?

Анализите и истражувањата на израелските противтерористички активности покажуваат дека Израел нема официјално напишана противтерористичка политика. Различни израелски влади ги користеле истите противтерористички методи (офанзивни, дефанзивни и казнени), но разликата била само во степенот до кој биле применувани, времето на извршување и нивното потенцирање.[161].

Дали е успех кога ќе се намалат терористичките напади? Дали е успех кога ќе се намалат жртвите од тие напади? Дали се ефективни политиките кога ќе се намали стравот од тероризам? Дали се ефективни политиките ако ја зголемуваат мотивацијата за тероризмот? Дали се ефективни политиките кога организацијата ќе се откаже од тероризмот како метод за остварување на политичка цел?

[159]William C Martel, Victory in War: Foundations of Modern Military Policy (Cambridge: Cambridge University Press,2007),p.1. Dominic D P Johnson and Dominic Tierney, Failing to Win: Perceptions of Victory and Defeat in International Politics (Cambridge, MA: Harvard University Press,2006),p.283.

[160]Nadav Morag,'Measuring Success in Coping withTerrorism:The Israeli Case', Studies in Conflict and Terrorism (Vol.28,No.4,2005),p.307.

[161]Boaz Ganor "The Counter-Terrorism Puzzle: A Guide for Decision Makers", (New Brunswick, NJ: Transaction Publishers 2005), Kindle book, 1078

Процесот на мерење на ефективноста има валидност ако целите се поставени пред да се преземат акциите. Искуството на Израел во справувањето со тероризмот покажало дека поради меѓународните и регионалните политички случувања и успехот на палестинскиот тероризам и длабочината и комплексноста на конфликтот, ќе биде невозможно да се инсистира на политика која има за цел да се елиминира палестинскиот тероризам само со воени средства. Затоа Израел во војната со тероризмот прифатил пореална цел а тоа е „намалувањето на штетите од тероризмот“ што подразбира намалување на бројот на терористичките напади и на бројот на жртвите и повредените од тие напади. За мерењето на ефективноста на израелските противтерористички методи, според оваа цел ќе биде потребно да се користат само квантитативни индикатори со кои ќе се одреди само квантитативна ефективност на израелските противтерористички методи.

Според Извештајот на Конгресот, објавен во 2007: „Заеднички недостаток на многу влади при проценување на ефективноста е премногу користење на квантитативни индикатори и занемарување на квалитативните индикатори“[162]

За да се надмине овој недостаток и согласно препораките од Конгресот, во ова истражување, покрај квантитативните индикатори ќе се користат и квалитативни индикатори со кои ќе се одреди и квалитативната ефективност на израелската противтерористичка политика. Користењето на квалитативни индикатори ќе ни овозможи добивање различна слика за ефективноста на израелските методи, и во однос на користење само квантитативни индикатори, ќе се види разликата во начинот на дефинирањето на успехот.

Според противтерористичката равенка на Ганор (2005), кога се бориме со тероризмот и ако сакаме да ја намалиме или елиминираме заканата од него, мораме да изведуваме различни активности со кои ќе дејствуваме истовремено во елиминирањето на терористичката мотивација и оперативните капацитети за изведување напади. Согласно равенката, намалувањето само на една компонента од равенката не може да се нарече ефективност.

[162]Raphael Perl “CRS Report for Congress Combating Terrorism: The Challenge of Measuring Effectiveness”, March 2007

## 9.3 Индикатори за ефективноста на израелските противтерористички методи

Квантитативни индикатори:

- Оперативните капацитети на палестинските терористички организации;
- Мотивацијата за изведување на терористички напади.

Квалитативни индикатори:

- Односот и ставот кај Израелците за Саудискиот мировен план;
- Односот и ставот кај Палестинците за Саудискиот мировен план;
- Промените во тактиката кај палестинските терористички организации;
- Префрлање на војната во територијата на непријателот.

Врз основа на овие индикатори ќе се донесе заклучок за успехот или неуспехот на израелската политика за борба со тероризмот.

## 9.4 Квантитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи (оперативни капацитети на терористичките организации)

Квантитативните индикатори се логичен избор во одредувањето дали нападите се зголемиле или намалиле во одреден временски период. „Ако насилството се намалува во текот на времето тогаш противтерористичката политика е ефективна“.[163]

Секој обид да се влијае врз опсегот и природата на терористичките напади преку намалувањето на терористичките оперативни капацитети наметнува потреба од истовремено дејствување во три правци: врз човечкиот потенцијал на организацијата, врз инфраструктурата и врз финансиските можности на организацијата. Ваквото ефективно дејствување на противтерористичките методи ќе води кон намалување на опсегот и природата на терористичките напади и директно ќе се рефлектира врз намалувањето на вкупниот број на терористички напади.

Основно прашање е: Дали израелските офанзивни методи се ефективни во намалувањето на терористичките оперативни капацитети?

[163]Hewitt, Christopher; The Effectiveness of Anti-Terrorist Politics, University Press of America, Lanham, 1984

Тешко е да се постави цврсто правило според кое ќе може да се каже дека офанзивните акции биле ефективни, бидејќи не можеме да знаеме каква би била сосотојбата ако не била преземена таа офанзивна акција.

Првиот квантитативен индикатор за проценка на ефективноста на воената интервенција е:

-Вкупниот број терористички напади, извршени од палестинските терористички организации од Областа Газа врз Израел.

Податоците за бројот на нападите се добиени од Агенцијата на Обединетите нации за работа и помош за палестинските бегалци.[164] Податоците се класифицирани согласно Прирачникот на Обединетите Нации за безбедносен менаџмент на ризици.

Во перидот помеѓу двете интифади кога се случуваа голем број терористички самоубиствени напади за кои палестинските терористички организации брзо и јавно ја преземаа одговорноста, состојбата со ракетните и минофрлачките напади е поразлична. Хамас е фактички влада во Областа Газа и има одговорност наметната од Израел и меѓународната заедница, да ги спречува ракетните и минофрлачките напади кон Израел, бидејќи во спротивно ќе биде казнет од Израел со осветнички напади кон припадниците и инфраструктурата на Хамас.

Поради таквата состојба се случува еден парадокс: Хамас, заколнатиот непријател на Израел сега е одговорен за заштита на Израел од терористички напади извршени од Областа Газа. Ваквата одговорност на Хамас им дава заштита и слобода на неговите припадници да патролираат и да се движат во близината на границата со Израел во извршување на своите задачи за спречување ракетни и минофрлачки напади без да бидат мета на Израелската армија.

Ракетните и минофрлачките напади кои се извршени од Областа Газа кон Израел се дело на Хамас и различни терористички организации и фракции кои делуваат во областа, но од страв да не се навлече одмаздата на Израел никој не ја презема одговорноста за тие напади во услови кога не се води војна. Може да се каже дека најголемиот број терористички напади извршени од Областа Газа кон Израел во периодот 2006-2016 се дело на Хамас.

[164]www.unrwa.org

Во почетокот на блокадата, сопствениците на економските тунели имаа интерес граничните премини со Израел да бидат затворени, за да можат да остварат свои економски интереси преку тунелите на границата со Египет. За таа цел финансираа различни групи кои изведуваа ракетни и минофрлачки напади врз Израел за да бидат што е можно подолго затворени граничните премини.

Поради претходните причини тешко е да се изолираат нападите извршени само од Хамас или од друга палестинска терористичка организација која дејствува во областа Газа и наместо тоа ќе се разгледува вкупниот број извршени терористички напади од Областа Газа врз Израел.

Кога се собираат податоци за ракетните и минофрлачките напади многу често е тешко да се направи разлика помеѓу напад извршен со ракета и напад извршен со минофрлачка граната особено за оние кои ќе експлодираат во пустинскиот дел на Израел. Често пати бројот на ракетните и минофрлачките напади на кој се повикуваат терористите не се совпаѓа со вистинскиот број извршени напади, а тоа намерно го прават со цел лажно да ја прикажат својата моќ.

Друг проблем со кој се сретнуваме кога сакаме да ја одредиме ефективноста преку бројот на нападите е тоа што не се знае многу за нападите кои се спречени од безбедносните сили и за нападите кои биле стопирани од самата терористичката организација поради неможноста да ги изврши. Првите најчесто ги зголемуваат бројот кога ги објавуваат податоците, а вторите најчесто ги кријат тие податоци за да не создадат негативно влијание врз своите припадници и поддржувачи.

### 9.4.1 Број на ракетни напади




**дијаграм 1**

На дијаграмот 1 се гледа вкупниот број на ракетните напади извршени од палестинските терористички организации од Областа Газа кон Израел во периодот 2006-2016 и бројот на повредените и убиени Израелци од тие напади.

Кога ќе се коментира за бројот на терористичките напади важно е да се каже дека во вкупниот број напади врз Израел со ракети и минофрлачки гранати покрај Хамас учествувале Палестински Џихад, Ал Акса бригадите и Салафистичките групи во Областа Газа.

Бројот на нападите извршени со ракети бил најголем во годините на воените операции, во 2008, кога вкупниот број напади бил 1831, во 2012, со 2727 напади и особено се истакнува воената операција во 2014, кога биле извршени рекорден број ракетни напади врз Израел, дури 4956.

Прва година на зголемување на бројот на ракетните напади е 2008 во воената операција „Леано олово“. На воената операција и претходел тренд кој започнал уште во 2006 на континуирано зголемување на бројот на нападите за да го достигнат својот максимум од 1831 напад во 2008. Тоа е периодот кога Хамас прво победи на Парламентарните избори во 2006, а подоцна во 2007 насилно ја презеде целокупната власт во Областа Газа, по што Израел ја прогласил Областа Газа како непријателска територија и започнал да ја

имплементира блокадата како противтерористички метод. Големиот број ракетни напади во 2008 индицира на неефективна противтерористичка политика.

Воената операција успеала да го намали бројот на нападите што јасно се гледа во 2009, кога биле извршени 330 ракетни напади, што е намалување од скоро шест пати од бројот на нападите извршени во 2008.

Трендот на ефективност на израелските офанзивни акции бил задржан и во 2010 кога повторно се намалил бројот на ракетните напади.

Кон крајот на 2010 и во текот на 2011 се забележува постепено и континуирано зголемување на бројот на ракетните напади. Континуираното зголемување на бројот на ракетите во 2012 било и причина изреалската армија да ја започне воената операција „Столб на одбраната“, насочена кон уништување на терористичките ракетни капацитети. Ефективноста на израелската воена операција ги намалила ракетните напади во 2013 кога биле извршени 135 напади.

Рекорден број напади се случиле во 2014, во текот на воената операција „Заштитно шило“, кога биле извршени 4956 ракетни напади врз Израел. Настаните во 2014 индицираат на неефективна израелска противтерористичка политика поради рекордниот број ракетни напади. Во периодот помеѓу 2012 и 2014 на власт во Египет се Муслиманските браќа на чело со Морси, а палестинските терористички организации пред сѐ Хамас, се во тесна врска со Муслиманските браќа од Египет и максимално ја искористиле оваа можност за шверцување ракети и пренесување техники за изработка на ракетите што било изразено во 2014 со голем број извршени ракетни напади.

Намалениот број на нападите во 2015 и 2016 укажува на ефективна противтерористичка политика која успеала да го намали бројот на ракетните напади и биле извршени само 96 и 55 ракетни напади.

Воедно 2016, е година со најмал број извршени ракетни напади врз Израел, и оваа година израелската политика била најефикасна во намалувањето на бројот на ракетните напади во периодот 2006-2016.

Анализирајќи го бројот на напади секоја година може да се каже дека значително се намалувал по секоја воена операција на Израел за по краток период да се појави континуран раст. Континуиран раст на бројот на ракетните

напади не е забележан во 2015 и 2016, а оваа сосотојба се должи пред сѐ на промената во противтерористичката политика.

Терористите после секоја воена операција на Израелските сили во времето на примирјето помеѓу претходната и следната рунда на воени дејства успевале да изградат поголеми ракетни капацити од претходните периоди што јасно се гледа преку зголемениот број на извршените ракетни напади.

Намалувањето на ракетните напади во таканаречениот период на примирје во 2009, 2010, 2011,2013, 2015, и 2016, не мора да значи и ефективна противтерористичка политика, туку можеби е период кога терористичките организации започнале со проценување на сосотојбите, градење оператвини терористички капацити или се воздржувале од напади.

Од друга страна, намалувањето на бројот на ракетните напади индицира дека израелската противтерористичка политика била многу поуспешна во овие години отколку во годините кога се случувале воените операции, судејќи по бројот на нападите.

Вкупниот број ракетни терористички напади извршени врз Израел од палестинските терористички организации во Областа Газа во периодот 2006-2016 е 12235.

Израелските воени операции биле ефективни во намалување на бројот на ракетни напади на краткорочен план, но не успеале целосно да ги стопираат ракетните напади ниту на краткорочен ниту на долгорочен план.

### 9.4.2 Број на минофрлачки напади




**дијграм 2**

Од дијграмот 2 се гледа бројот на минофрлачките напади и бројот на повредени и убиени Изреалци во тие напади.

На дијграмот може да се забележи брз скок и пораст на бројот на минофрлачките напади извршени од палестинските терористички организации во период 2006-2008. Во 2008 биле извршени 2213 минофрлачки напади што е двојно повеќе од нападите во 2007. Бројот на минофрлачките напади во 2008 е поголем од бројот на ракетните напади во истата година и претставува рекорден број минофрлачки напади извршени од Областа Газа врз Израел во периодот 2006-2016.

Големиот број минофрлачки напади се должи на тоа што палестинските терористички организации во овој период имале големи резерви минофрлачки гранати, гранатите биле лесни за изработка во домашни услови од евтини материјали, и сè уште не биле развиени ракетните капацитети на палестинските организации. Во претходниот период кога контролата врз Областа Газа била во рацете на палестинските власти било многу потешко да се создаваат терористички ракетни капацитети.

Во 2009 има брз пад и големо намалување на бројот на минофрлачките напади, односно биле извршени 374 минофрлачки напади. Овој тренд на намалување на минофрлачките напади е забележлив и во 2010 кога биле извршени 299 минофрлачки напади. Намалувањето на ракетните напади

индицира на ефективна противтерористичка политика која успеала да го намали бројот на минофрлачки напади.

Во 2011 е забележан незначителен пораст на ракетните напади за во 2012 да го достигне бројот од 387 минофрлачки напади и како резултат на ефективната противтерористичка политика, тој број во 2013 да се намали на 29 минофрлачки напади.

Зголемување на бројот на минофрлачките напади во 2014 е прво зголемување од 2008. Бројот на извршени напади бил 1616 и е помал од бројот на напади во 2008. Во војната во 2014, палестинските терористички органзации ја разбрале предноста на минофрлачките гранати во однос на ракетите од аспект на психолошкиот ефект што го имаат овие напади врз израелското население кое живее во населбите во пограничниот појас. Палестинските терористи станале свесни дека можат да шират страв и паника кај израелското население и без да предизвикаат човечки жртви. Овој страв и паника ја натера Изреалската влада да ги евакуира овие наслеби, што палестинските терористички организации го искористиле да го претстават како свој успех.

Како резулат на ефективноста на воената операција „Заштитно шило", во 2015, не биле извршени напади со минофрлачки гранати. Тренд на минимално зголемување на бројот на нападите се забележува во 2016, кога биле извршени 62 минофрлачки напади.

Во 2015 Изреал бил најефективен во минимизирањето на напади и жртви од напади, нема извршени ни минофрлачки напади ниту повредени и убиени Изреалци.

Израелските воени операции биле поефективни во намалувањето на бројот на минофрлачките напади отколку во намалувањето на ракетните напади.

Вкупиот број на минофрлачките напади кои биле извршени од Областа Газа врз Израел во периодот 2006-2017 е 6322 терористички напади.

Израелските воени операции биле ефективни во намалување на бројот на минофрлачките напади на краткорочен план. Израелските воени операции успеале потполно да ги стопираат минофрлачките напади само на краткорочен план во 2015.

## 9.4.3 Број на напади со герилска тактика

Хамас и другите терористички организации во Обласа Газа решиле покрај тероризам да почнат да употребуваат и герилска тактика. Ова е пример дека една терористичка организација може да користи и тероризам и герилска тактика во остварувањето на својата политичка цел.




**дијаграм 3**

На диајграмот 3 е прикажан бројот на герилските напади со користење герилска тактика ( „нападни и бегај“ и „борба лице во лице“) и бројот на повредени и убиени Израелци и Палестинци во тие судири.

Развојот и усовршувањето на герилските напади е резултат од лекциите научени во 2008 во воената операција „Леано олово“ и од искуствата добиени од другите терористички организации, пред сѐ од Хезболах. Во воената операција „Леано олово“, палестинските терористички организации воопшто не дале воен отпор на израелските копнени сили кои лесно успеале да влезат, да ја поделат и да ја стават под своја контрола Обласа Газа.

Герилските напади почнале за прв пат да се применуваат во 2011 кога биле извршени 5 вакви напади врз Израелските одбранбени сили позиционирани покрај граничната линија.

Континуираното зголемување на овие напади го достигнало својот прв максимален број во 2012 кога биле извршени 10 напади, а тоа е годината на

воената операција „Столб на одбраната“ во која Израел не извршил копнена инвазија врз Областа Газа, но бројот на герилските напади се зголемил. Ова зголемување укажува дека терористите ги усовршувале и тестирале овие герилски напади континуирано во 2012 во пограничните инциденти со Израелските одбранбени сили.

Во 2013 се намалил бројот на нападите и достигнал исто ниво како во 2011. Намалувањето на герилските напади индицира на ефективна противтерористичка политика.

Најголемиот број герилски напади се случил во 2014, кога биле извршени 33 напади врз Израелските одбранбени сили при нивното копнено навлегување во Областа Газа.

Во 2015, веднаш по војната, бројот на герилските нападите значително се намалил на 8, за повторно да се зголеми во 2016 на 12. Оваа сосотојба во 2015 и 2016 е резултат на зголемениот број воени упади на Израелската армија и обиди да се испровоцира поголем судир кој би водел кон повторна засилена блокада врз Областа Газа.

Вкупниот број на герилските напади извршени врз Израелските одбранбени сили во периодот 2011-2016 е 73.

Изралските воени операции биле ефективни во намалувањето на бројот на герилските напади на краткорочен план, но не успеале потполно да ги стопираат герилските напади на краткорочен или на долгорочен план.

### 9.4.4 Број на повредени и убиени Израелци од ракетните напади

Намалувањето на бројот на нападите не е доволен показател за да може да се заклучи дека една противтерористичка политика е ефективна, бидејќи терористичката организација можеби го намалила бројот на терористички напади за да може да ги сочува и насочи своите оперативни капацитети за изведување на еден голем напад со многу жртви. Тогаш политиката која го намалила бројот на нападите, а го зголемила бројот на жртвите од тие напади не би можела да се нарече ефективна.

Целта на секоја политика за борба со тероризмот е минимизирање или елеминирање на жртвите и повредените од терористички напади, затоа, за да се опфати асиметричноста во бројот на жртвите од терористичките напади ќе се користи втор квантитативен индикатор:

- Вкупен број убиени и повредени Израелци од ракетните напади, извршени од палестинските терористички организации од Областа Газа врз Израел.

**Од дијаграмот 1**, јасно може да се види дека години со најмногу повредени и убиени Израелци од ракетните напади биле годините на воените операции во Областа Газа, со исклучок само на 2011 кога се повредени 8 Израелци што е поголем број од бројот на повредени од воената операција во 2008 и 2012.

Во 2006 и 2007 нема повредени и убиени Израелци и покрај континуираното зголемување на бројот на ракетните напади. Во овој период Израел бил успешен во намалувањето на бројот на жртви и повредени Израелци од ракетните напади.

Прво зголемување на бројот на повредени и убиени Израелци е во 2008 кога од ракетните напади се повредени 7 и убиен 1 Израелец. Зголемениот број повредени и убиени Изреалци е резултат на зголемениот број ракетни напади и укажува на неефектива противтерористичка политика.

Во 2009, после воената операција, бројот на повредените се намалил на 4, а бројот на убиените останал ист како во 2008, 1 Израелец, и ова укажува дека и покрај намалениот број напади сепак терористите успеале да поведат 4 и да убијат 1 Израелец.

Во 2010 се извршени 169 ракетни напади и повреден е 1 и убиен е 1 Израелец, а намалениот број повредени укажува на делумно ефективна противтереоростичка политика која го намалила бројот на повредени од 4 на 1, а бројот на убиени останал ист.

Во 2011 се зголемил бројот на повредени на 8, но затоа пак Израел успеал да ги намали убиените, за прв пат од 2008 нема убиени Израелци од ракетните напади.

Во 2012 се случила воената операција „Столб на одбраната“ со која Израел повторно успеал да ги намали повредените на 7 и да биде ефективен во намалувањето на убиените, односно нема убиени Израелци. Израел бил успешени во 2013 и нема повредени и убиени Изреалци.

Во 2014 се случила и воената операција „Заштитно шило", и постои голем скок во бројот на повредените Израелци и тоа е година со најмногу повредени, 21, а убиен е само 1 Израелец.

Во 2015 и 2016 нема повредени и убиени Изреалци, и ова укажува на ефективна противтерористичка политика.

Од ракетните напади во периодот 2006-2017 биле повредени вкупно 48 а убиени 4 Израелци.

Вкупниот број извршени ракетни напади во периодот 2006-2016 е 12235, во нападите се повредени 48 Изреалци, и 4 се убиени.

Може да заклучиме дека и покрај големиот број извршени ракетни терористички напади Израел бил успешен во намалување на убиените и повредените во нападите. Израелските воени операции биле најуспешни во минимизирањето на повредени и убиени Израелци 2006, 2007, 2013, 2015 и 2016, бидејќи нема повредени и убиени Израелци од ракетните напади.

Изреалските воени операции биле ефективни во намалување на бројот на повредените и убиените Израелци и покрај континуираното зголемување на бројот на ракетните напади.

### 9.4.5 Број на повредени и убиени од минофрлачките напади

**Од дијаграмот 2** може да се види дека во 2006 и 2007 и покрај континуираното и брзо зголемување на минофрлачките напади, израелските офанзивни методи биле ефективни во заштитата на цивилното населние, и нема повредени и убиени Изреалци од минофрлачките напади.

Во 2008 година има најголем број повредени Израелци од минофрлчките напади и се забележува голем скок во однос на претходните години, односно во нападите се повредени 10 Изреалци.

Во 2009 постои голем пад во бројот на нападите и бројот на повредените Израелци што е резултат на ефективната противтерористичка политика, и бил повреден само 1 Изреалец.

2010 година претставува најсмртоносна година за Израелците, биле извршени помалку минофрлачки напади од 2009, но нападите го зголемиле бројот на повредените и убиените Изреалци, на 5 повредени и 2 убиени.

Во 2011 Израел не успел да го намали бројот на повредените кој е ист со бројот на повредени во 2010, но успеал да го елиминира бројот на убиените Израелци, односно нема убиени Израелци од минофрлачки напади во 2011.

Во 2012 биле повреден само еден Израелец, но Израел не успеал да го задржи овој тренд на намалување на бројот на повредени од минофрлачките гранати бидејќи во 2013 биле извршени само 29 напади, а биле повредени 5 Израелци. Малиот број минофрлачки напади укажува дека терористичките напади во оваа година биле многу посмртносни и попрецизни.

Во 2014 биле извршени 1616 минофралчки напади, и Израел иако успеал да го намали бројот на повредените на 2 Израелци, повторно се зголемил бројот на убиени, на 1 Израелец, и ова е прв убиен Израелец од минофрлачки напади од 2010.

Во 2015 нема извршени минофрлачки напади и нема повредени и убиени Израелци, и ова е најефективната година на израелската противтерористичка политика кога Израел успеал да ги стопира минофрлачките напади и жртвите од тие напади.

Во 2016 иако има извршени 62 минофрлачки напади, нема израелски жртви во нападите, што укажува на ефективна израелска политика која ги минимизирала жртвите.

Гледајќи само по бројот на повредени и убиени Израелци може да се каже дека израелската политика била најефективна во 2006, 2007, 2015 и 2016.

Од минофрлачките напади во периодот 2006-2017 биле повредени 28 а убиени 3 Израелци.

Бројот на извршени минофрлачки напади во периодот 2006-2017 е 6322,со кои се повредени 28 Изреалци, а 3 се убиени. Може да заклучиме дека и покрај големиот број извршени минофрлачки напади Израел бил успешен во намалување на убиените и повредените.

Израелските воени операциибиле ефективни во намалувањето на бројот на повредени и убиени Израелци, во услови на континуирано зголемување на бројот на минофрлачки напади.

## 9.4.6 Повредени и убиени од герилските напади на палестинските терористички организации

**Од дијаграмот 3** може да се види дека Израел бил успешени во 2011 во своите напори да го минимизира бројот на повредените и убиените Израелци, кога за прв пат се појавуваат герилските напади и во нив нема повредени и убиени Израелци.

Во 2012 терористите ги подобриле и усовршиле своите герилски напади и за прв пат почнале да предизвикуваат човечки жртви кај Израелската армија. Во 2012 беа повредени 2 и убиен 1 Израелец. Ова укажува на неефективна израелска политика.

Во 2013 бројот на нападите се вратил на исто ниво како во 2011 и немало израелски жртви, само еден Палестинец е повреден.

Во 2014 бројот на повредени и убиени Израелци го достигнал својот максимум. Биле извршени 33 герилски напади во кој биле убиени 54 и повередени 27 Израелци. Високиот број повредени и убиени Израелци ја покажува смртноста на оваа герилска тактика и ги потврдува можностите на палестинските терористички организации за предизвикување израелски жртви во герилските напади.

За споредба, во овие напади се убиени 19 припадници на палестинските терористички организации во однос на 54 израелски жртви што уште еднаш ја потврдува смртноста на овие напади за Израелската армија.

Герилските напади биле многу повеќе смртоносни за Израелците отколку ракетните и минофрлачките напади заедно.

Во 2015 и 2016 и покрај намалениот број напади, тие континуирано биле извршувани како одговор на израелските воени упади, но не успеале да предизвикаат израелски жртви, што индицира дека Израел ја променил својата тактика и успеал да го елиминира бројот на повредени и убиени Израелци од герилските напади. Оваа ефективност на израелските офанзивни методи исто така се должи и на малиот број напади извршени во овие две години бидејќи колку повеќе се зголемуваат нападите толку повеќе се зголемуваат и можностите за израелски жртви.

Герилските напади се најсмртоносни за Израел и единствена тактика со која се убиени повеќе Израелци од Палестинци.

Во 73 герилски напади биле повредени 29, а убиени 55 Израелци, што укажува на голема смртност од оваа тактика.

Израелските воени операции успеале да го намалат и елиминираат бројот на повредени и убиени Израелци од герилската тактика, но сепак ова не може да се нарече ефективна противтерористичка политика, пред сè поради големиот број повредени и убиени Израелци во 2014.

### 9.4.7 Мотивацијата за извршување терористички напади кај палестинските терористички организации

Ефективен противтероризам треба да дејствува и врз елиминирање и намалување на мотивацијата за извршување терористички напади. Основната дилема во противтероризмот е фактот дека колку повеќе си успешен во своите офанзивни активности со кои ги намалуваш и елиминираш терористичките капацитети, толку повеќе се зголемува мотивацијата кај членовите и поддржувачите на терористичката организација за извршување одмазднички напади.

Мотивациската варијабила е комбинација од чувства, желби, соништа за одмазда од една страна и од друга страна, балансирање во однос на рационални пресметки, внатрешни и надворешни притисоци и можни резултати. Кога терористичката организација не е доволно мотивирана за извршување терористички напади иако има оперативни капацитети, таа може да се воздржи од изведување напади. Според Ганор (2005), чекорите за намалувањето на мотивацијата мора прво и единствено да бидат насочени кон населението од каде потекнува терористичката организација со цел да се намали нивната поддршка за терористичката организација и да се изолира терористичката организација која во таа ситуација би била лесна мета за офанзивните акции.

Таквите чекори за намалување на мотивацијата опфаќаат: хуманитарни активности насочени кон населението од каде потекнува терористичката организација, социјални активности, активности во образованието и здравството; преговори со претставниците на населението кои не се во тајни врски со терористичката организација и не се вклучени во извршувањето на некои злосторства. Главна цел на противтерористичките методи кои делуваат врз мотивацијата е оддалечување и дистанцирање на населението од терористичката организација. Колку се поефективни противтерористичките

методи, толку повеќе можеме да очекуваме намалување на мотивацијата кај терористичата организација за изведување напади.

Основно прашање е: Дали методот на колективното казнување „блокадата“ е ефективен во намалувањето на мотивацијата кај палестинските терористички организации за извршување на терористички напади врз Израел?

Квантитативни индикатори за блокадата:

- Бројот на денови кога биле затворени граничните премини;
- Бројот на терористички акции;
- Бројот на камиони кои влегле и излегле од Областа Газа;
- Бројот на Палестинци кои влегле и излегле од Областа Газа.




**слика 1**

На слика 1 се гледаат граничните премини Ерез, Нахал Оз, Карни, Суфа и Карем Шалом помеѓу Областа Газа и Израел и граничниот премин Рафа помеѓу Областа Газа и Египет.

### 9.4.8 Број на денови кога биле затворени израелските гранични премини со Областа Газа и број на палестински и израелски акции




**дијаграм 4**

На дијграмот се гледа бројот на деновите кога биле затворени израелските гранични премини и бројот на израелски и палестински терористички акции.

На дијаграмот не е претставен бројот на акциите кои се случиле за време на воените операции во 2009, 2012 и 2014.

Континуираното зголемување на бројот на деновите кога израелскитегранични премини биле затворени како дел од блокадата, започнало во 2006 и продолжило во 2007, а бројот на деновите кога биле затворени израелските гранични премини бил 168 и 164.

Рекорден број денови кога биле затворени израелските гранични премини е во 2008 кога премините биле затворени 191 ден.

Ваквиот тренд на зголемен број затворени денови на израелските гранични премини водел и кон континуирано зголемување на бројот на терористичките акции. Бројот на терористичките акции во 2006 бил 17, а во 2008 достигнал број од 428 терористички акции.

Во 2009 е забележан најмал број на денови кога израелските преминибиле затворени само 34 дена, што водело и кон намалување на бројот на терористичките акции на 198.

Малиот број денови кога биле затворени премините само по себе не значи и зголемување на бројот на камиони и патници кои поминуваат низ граничните премини. Тоа што треба да се разбере од овој дијаграм е дека малиот број денови кога се затворени премините од израелска страна не значи и работење на премините со максимални капацитети за овозможување проток на каминои и патници.

Израелските премини биле официјално отворени, но го минимизирале протокот на камиони и патници. Бројот на денови кога се затворени израелските премини во 2009 е помал дури и од бројот на неработните денови во 2009 год., што значи дека максимално се работело во таа година, а бројот на камиони и патници е незначително зголемен во однос на 2008 кога бројот на затворени денови ја достигна својата рекордна бројка од 191 ден, види дијаграм 5.

Ова се потврдува и со тоа што во 2009 бројот на денови кога биле затворени израелските премини е помал од 2015 кога 50 дена биле затворени премините, но разликата помеѓу бројот на патници кои поминале преку граничните премини во 2015 е скоро за шест пати повеќе од колку 2009, види дијаграм 5. Во 2016 израелските гранични премини биле повеќе денови затворени отколкуво 2009, но затворањето не влијаело врз поминувањето на максимален број на камиони во 2016, што е за четири пати повеќе од 2009, види дијаграм 5.

Во 2010 се зголемиле деновите на затворање на граничните премини на 58, но бројот на терористичките акции се намалил на 195.

Континуираното зголемување на бројот на акциите при крајот на 2010 и во 2011 е во услови на релативно мало затворање на граничните премини и се должи пред сѐ на на неколку фактори. Прво, во 2011 беа ослободени 1027 Палестинци од израелските затвори во замена за израелскиот војник кој беше киднапиран од Хамас во 2006. Тие затвореници беа депортирани во Областа Газа што влиаје на зголемување на тероритичките капацитети. Второ, во Газа се зголемуваше бројот на демонстрациите кои бараа да се постигне меѓунационален консензус со Фатах и да се формира влада на единство. Хамас

под притисок на овие демонстрации го зголемува бројот на нападите за да ја префрли внатрешната криза кон Израел. Трето, во април 2011 се постигна овој договор за меѓунациоанален консензус помеѓу Фатах и Хамас што не е во корист на Израел. Израел потоа ги засили своите воени акции врз терористички мети во Областа Газа на кои терористичките организации редовно одговараа, што води кон војна во 2012.

Интересно е дека во 2013, и покрај зголемениот број денови кога биле затворени премините, вкупно 77 дена, има големо намалување на палестинските акции на 146 што е помалку иод 2009 и 2010. Ваквиот развој на настаните е поради тоа што подземните тунели на границата со Египет работеа со полна пареа и нема недостаток од производи на пазарот во Газа за населението, а и за Хамас е од интерес тунелите за шверцување да работат, бидејќи од нив собира данок за производите кои влегуваат во Областа Газа. Данокот за производите кои влегуваат од Израел го собираат израелските власти кои потоа им го префрлаат на палестинските власти во Западниот Брег.

Во 2014 се намалил бројот на денови кога биле затворени премините во однос на 2013, но се зголемил и бројот на терористички акции на 325, за во 2015 и 2016 да се задржи тренд на континуирано намалување на бројот на терористички акции на 175 и 133. Бројот на денови кога не работеле граничните премини во 2015 и 2016 е 50 и 53.

Може да се заклучи дека бројот на денови кога израелските гранични премини биле затворени со Областа Газа не е само по себе мотивација за палестинските терористички органзации за извршување терористички акции. Затоа е тешко да се најде поврзаност помеѓу деновите кога биле граничните премини затворени и мотивацијата за извршување напади.

## 9.4.9 Број на камиони и патници кои влегле и излегле од Областа Газа и број на палестински и израелски акции




**дијаграм 5**

На дијаграмот 5 се гледа бројот на камиони кои поминале преку граничниот премин Карем Шалом, бројот на патници кои поминале преку граничниот премин Ерез и бројот на израелски и палестински акции.

На дијаграмот не е претставен бројот на акциите кои биле изведени за време на воените операции во 2009, 2012 и 2014.

Бројот на палестинските терористички акции го достигнал својот минумум од 17 акции во 2006, а тоа е година кога граничните премнини помеѓу Израел и Областа Газа функционирале нормално и не постоела блокада. Бројот на камионите кои влегле во Областа Газа во 2006 преку граничниот премин Карем Шалом е 80430, а бројот на луѓе кои го поминуваа граничниот премин Ерез е161447.

Со победата на Хамас на парлементарните избори во 2006 и насилното преземање на власта во почетокот на 2007, Израел ја прогласи Областа Газа за непријателска територија и постепено започна да ја наметнува блокадата. Континуираното намалување на бројот на камионите кон Областа Газа како и намалувањето на бројот на патници кои поминуваат преку граничниот премин Ерез, создаде услови за континуирано зголемување на бројот на насилните

акции од палестинските терористички организации и бројот на израелските акции.

Во 2007, бројот на патници кои го поминале Ерез е речиси преполовен во однос на 2006 на 86803, а бројот на камиони забелжал минимален пораст во однос на 2006, на 81869. Бројот на терористичките акции се зголемил на 291.

Во 2008 е забележан минимален број на камиони 26860, и минимален број патници, 26277, кои ги поминале граничните премини. Минималниот број на камиони и патници во 2008 укажува дека блокадата врз Областа Газа била најсилна во таа година. Ваквата блокада водела кон ескалација на насилството во 2008, и бројот на терористичките акции е 428, што е значително зголемување во однос на 2007 кога е извршена 291 акција. Намалениот број камиони и патници влијале врз зголемување на бројот на терористичките акции.

Прво намалување на бројот на терористички акции се забележува во 2009, на 198 акции, а потоа уште едно мало намалување во 2010 на 195 акции. Намалувањето на бројот на терористички акции е во услови кога има минимално зголемување во бројот на камионите и патниците. Поради малото зголемување на бројот на патници и камиони и во двете години се задржал истиот намален тренд на бројот на терористичките акции.

Продолжувањето на блокади врз граничните премини само го зголемува незадоволството кај палестинското население бидејќи хуманитарната помош, разните производи за секојдневниот живот и слободата на движење се блокирани. Ваквото незадоволство кај палестинското населние само ја зголемува подршката на терористичите организации што води и кон зголемување на нивната мотивација да продолжат со своите акции врз Израел.

Во 2011 и 2012 бројот на терористичките акции е зголемен на 498 и 409, и е поголем од претходниот период иако повторно има минимално зголемување на бројот на камиони и патници. Ова зголемување на бројот на патници и камиони сѐ уште не било доволно за задоволување на потребите на луѓето во Газа и затоа бројот на акции се зголемувал.

Во 2013, веднаш по воената операција „Столб на одбраната“, терористичките акции се намалиле на 146, а бројот на камиони и патници коиги поминале граничните премини се зголемил во однос на 2012. Зголемувањето на бројот на патници и камиони влијаело врз намалувањето на терористичките акции.

Во 2014 бројот на камионите се намалил во однос на 2013, а бројот на патниците се зголемил, а се зголемиле и двојно повеќе терористичките акции и во однос на 2013 и биле извршени 325 акции. Ова згоелмување на бројот на терористичките акции укажува дека за населението во Областа Газа од поголема важност за задоволување на основните животни потреби е бројот на камиони отколку бројот на луѓе кои поминуваат низ Ерез, поради што се зголемил и бројот на терористичките акции.

По воената операција „Заштитно шило", бројот на патници во 2015 што поминале преку Ерез е 181233, што претставува рекорден број патници во периодот 2006-2016, а рекорден број камиони е забележан во 2016, односно 122591 камиони кои поминале низ Карем Шалом. Зголемениот број патници и камиони влијаел на намалувањето на бројот на терористичките акции на 175 и 133 акции.

Во 2015 и 2016 се зголемиле израелските воени акции на 799 и 1075 што е рекорден број на Из во однос на бројот на палестинските воени акции, во 2015 е 175, а во 2016 е 133. Ова е многу невообичаен тренд за палестинските терористички организации во услови на зголемен број израелски акции да се воздржат од терористички акции.

Зошто палестинските терористички организации се воздржувале од напади 2015-2016?

Палестинските терористички организации одлучиле да се воздржуваат од напади, не дека немале оперативни капцитети, туку имале намалена мотивација за извршување терористички акции, пред сѐ поради намалената поддршкаод палестинското население за продолжување на нападите во услови на олеснета блокада.

Палестниските терористички организации не одговориле на овие израелски провокации 2015-2016 и го одржале најниското ниво на акции од 2006, а во исто време се задржал највисокиот број камиони и патници кои поминувале низ граничните премини.

Може да се заклучи дека изреалските воени акции не се доволен мотив за палестинските терористички организации да одговорат и да ризикуваат засилување на блокадата.

Палестинските терористички организации, пред сѐ Хамас, ја научиле лекцијата од минатото кога Израел како резултат на терористички акции

вешто се повикувал на правото на самоодбрана и започнувал воени операции по кои ја засилувал блокадата врз Газа, и на тој начин ја маскирал вистинската причина за ескалацијата на насилството и наметнувал уште построга блокада врз Областа Газа.

Оваа однесување на Хамас укажува дека е организација која учи од минатото и се усовршува за да може да преживее и да ги оствари своите цели.

Од дијграмот 5 може да се види дека Изреал од 2008, па сè до 2016 континуирано и постепено го зголемувал бројот на камиони и патници секоја година. Ова зголемување на бројот на камиони и патници сè до 2015 не било на нивото потребно за задоволување на потребите на луѓето во Областа Газа.

Од дијаграмот 5 се гледа дека во годините по воените операции, Израел секогаш ја олеснувал блокадата и се зголемувал бројот на камиони и патници кои ги поминувале граничните премини.

Во годините кога се зголемувал бројот на камиони и патници се намалувал и бројот на терористичките акции и ова се потврдува во 2009, 2013 и 2015 и 2016.

Прво вистинско олеснување на блокадата е забележано во 2015 и 2016. Олеснувањето на блокадата не подразбира и целосно подигнување на блокадата, туку е само зголемување на бројот на камиони и патници кои поминуваат низ граничните премини. Областа Газа и понатаму е под специјален режим на блокада за луѓе и производи.

Мотивацијата за извршување терористички акции секогаш се намалувала кога се зголемувал бројот на камиони и бројот на патници кој го поминувале граничниот премин односно кога се олеснувала блокадата.

Намалената мотивацијата за извршување напади во 2015 и 2016 не е кај Хамас и другите терористички организации, туку кај населението за кое тие се повикуваат дека го претставуваат. Кога блокадата е олеснета, населението во Газа има подобар пристап до хуманитарната помош, производи и услуги и се намалува поддршката за терористичките акции. Секоја терористичка акција во вакви услови би ја загрозила оваа состојба и ќе создаде незадоволство кај населението во Газа кое ќе води кон намалена поддршка и изолација на терористичките организации.

Влијанието на палестинското население врз мотивацијата на терористичките организации за извршување или воздржување од напади е

видливо и манифестирано во две спротивни насоки. Првата насока е за поддршка за терористичките организации, а со тоа и зголемување на мотивацијата за извршување напади во периодот 2006-2014, а втората е за намалена поддршка на терористичките напади од палестинското население што водии кон намалена мотивација кај терористите за извршување напади во периодот 2015-2016.

Палестинските терористички организации се блиски со локалното население, а во таа релација особено се истакнува Хамас и затоа е лесно да се видат овие влијанија.

Хамас како популарна хибридна терористичка организација ако дејствува спротивно од аспирациите на палестинската заедница за која тврди дека ја претставува, за брзо време може да се перцепира како непријателски опасен елемент и да стане жртва на прогон од страна на палестинската заедница и лесна мета за Израел.

Како што Хамас како хибридна терористичка организација настојува да зборува во името на палестинската заедница и да влијае врз обликувањето на верувањата и надежите на таа заедница, на ист начин Хамас е под влијание на мислењето на заедницата. Посебно, одлуката Хамас активно да спроведува насилство и типот на насилство кој го одбира да го спроведува, е под влијание на ставовите на палестинската заедница.

Палестинското население колку и да има големо влијание врз Хамас и другите терористички организации, сепак тоа има ограничено дејство и само по себе не е доволно целоснода ги стопира терористичките напади.

Блокадата како метод за колективно казнување не успеала да ја намали поддршката и да ги изолира терористичките организации од населението во Областа Газа и со тоа да станат лесна мета за израелските офанзивни акции. Блокадата, наместо да создаде ситуација која ќе води кон намалување на поддршката за терористичките организации, а со тоа и намалување на терористичката мотивација за извршување на терористичките акции создаде спротивен ефект, се зголеми поддршката од палестинското население за терористичките организации, а со тоа и терористичката мотивација за извршување терористички акции за подигање на блокадата и олеснување на секојдневниот живот на цивилното население во Областа Газа.

Израелската блокада како противтерористичка метода не била ефективна и не ја намалила терористичката мотивација за извршување терористички напади туку влијаела на зголемување на поддршката од палестинското население за терористичките организации што води кон зголемување на мотивацијата за извршување на терористичките напади врз Израел во периодот 2006-2014.

Во 2015-2016 кога Израел ја променил својата противтерористичка политика и ја олеснил блокадата, се намалила поддршката за нападите од страна на палестинското население, а со тоа и мотивацијата за извршување терористички напади со што значително се смалил и бројот на нападите извршени врз Израел во 2015 и 2016.

## 9.5 Квалитативни индикатори за мерење на ефективноста на израелските противтерористички методи

Ефективната противтерористичка политика не само што треба да дејствува во насока на намалување на оперативните капацитети и мотивацијата на терористите, туку треба да дејствува и врз намалување на психолошко-деморализацискиот ефект на тероризмот. За да се одреди ефективноста на противтерористичките политики во справувањето со психолошко–(де)морализирачкиот ефект на тероризмот ќе се користат квалитативните индикатори. Со квалитативните индикатори ќе се одреди квалитативната ефективност на противтерористичките политики, ќе добиеме поширока слика за вкупната ефективност на израелската политика.

Основно прашање е: Дали е Израел ефективен во справувањето со психолошко- (де) морализирачкиот ефект од тероризмот?

Прва стратешка цел на тероризмот е да го намалува моралот кај населението- жртва на тероризам и да ја присили Владата под притисок на јавното мислење да ги прифати терористичките барања и со тоа да се врати чувството на безбедност кај населението.

Втората стратешка цел е да го подигне моралот на сопственото население од каде потекнува терористичката организација и да ја зголеми јавната поддршка од својата популација за терористичките активности.

Трета стратешка цел е да се влијае врз меѓународнта заедница која потоа треба да изврши притисок врз државата да ги стопира своите офанзивни активности и да ја осуди државата за непропорционална употреба на сила која предизвикува цивилни жртви.

Во концептот на тероризмот и противтероризмот јавната поддршка е вредност која и двата концепта сакаат да ја постигнат и зголемат кај својата нација и да дејствуваат врз нејзиното намалување кај спротивната страна во конфликтот. Многу истражувачи се сложуваат дека страната која е поуспешна во јакнење на единството и отпорноста на нацијата е страна која и ќе победи во војната, бидејќи ќе ја добие јавната поддршка од нацијата да продолжи и издржи во таа борба. Кога се зборува за јавната поддршка во контекст на тероризмот и противтероризмот најчесто се мисли на освојување на „разумот и срцето" на населението.

Ефективната противтерористичка политика мора да дејствува врз овој психолошко – деморализирачки ефект на тероризмот и да оствари свои цели во психолошкото војување со тероризмот. Тие цели ќе треба да го неутрализираат психолошкиот ефект на терористичките напади и закани и да го подигнат моралот на населението-жртва на тероризмот. Во исто време треба да дејствуваат и врз намалување на моралот кај терористичката организација и населението од каде потекнува терористичката организација.

Моралот е групно чувство што вклучува позитивни и негативни чувства за иднината исто како и други чувства и верувања, моралот е ментална состојба на чувства која варира од висок до низок морал.

Моралот не е нешто што може да се мери или да се набљудува директно, а како квалитативен индикатор за моралот кај Израелците ќе се користиодносот и ставот кај Израелците за Саудискиот мировниот план.

Ставот и односот кон мировниот процес ќе ни даде индикатори за општиот морал кај населението во Израел.

Дали може проактивно да се делува врз способноста на населението за справување со тероризмот? Дали може деморализацијата предизвикана од терористичките напади да биде намалена или елиминирана? Дали може

населението да биде информирано и едуцирано како да се справува со ирационалниот страв предизвикан од тероризмот?

Тероризмот е психолошко војување, кое создава кај населението-жртва на тероризам рационални и ирационални стравови. Ирациоаналниот страв кој се создава од терористичките напади е доволен да внесе страв кај луѓето иако бројот на жртвите од терористичките напади е многу помал од бројот на жртвите во сообраќајните незгоди и болестите, па според тоа може да се заклучи дека тероризмот не е толку смртоносен колку што се создва впечаток дека е.

Израел е свесен дека тероризмот го нарушува секојдневниот живот на луѓето, а со тоа и нормалното функционирање на државата, и за да го надмине овој предизвик креирал едукативни програми како дел од својата противтерористичка политика наменети за едукација на цивилното население за справување со тероризмот.

Првата цел на овие едукативни програми е правење разлика помеѓу рационалниот и ирационалниот страв, од можноста да се биде жртва на терористички напад. Препознавањето на оваа разлика е првиот чекор во јакнење на способноста на поединецот за справување со тероризмот. Во следните фази на овие програми населението се запознава со карактеристиките на терористичкиот напад, со природата на тероризмот како психолошко деморализирачко војување, какви се пораките кои сакаат да ги испратат терористите кон секој поединец во општеството, начинот на кој терористите манипулираат со медиумите и зголемувањето на способностите на секој поединец да се заштити од терористички напад.

За крај, секој поединиец е критичниот фактор кој ќе одлучи дали тероризмот ќе успее или нема да успее, како резултат на отпорноста и одлучноста на поединецот, а и целото население да биде победник во војната со тероризмот. Поединецот кој ја разбира персонализацијата на терористичкиот напад „ти си следна жртва на тероризам“, ќе си рече дека ова чувство и мисла се сосема неосновани, и секогаш кога ќе види терористички напад на телевизија, или ќе слушне терористичка закана преку медиумите, ќе се сети на деморализирачките цели на тероризмот кои ги мотивираат терористите да ги објавуваат своите закани и ќе си рече дека се неосновани.

Сето ова создава безбедносно свесно населние кое активно дава свој придонес во откривање на терористичките обиди за извршување напади и во намалување на штетите од тие напади.

Позитивното влијание од противтерористичката политика врз моралот на сопствената нација ќе биде изразено преку: зголемување на чувството за лична и национална безбедност, зголемување на поддршката на Владата дека може да се справи со терористите и да ја поврати безбедноста и сигурноста во државата, зголемување на поддршката за политичките лидери и оптимизам за иднината. Нискиот морал кај населението ќе биде јасен показател дека терористичката организација успеала да изврши психолошко-деморализирачки ефект врз нацијата на противникот. Ваквиот ефект ќе биде изразен со намалување на поддршката за противтерористичките политики, демонстрации против Владата, барање на промени на политиките, нарушувања на секојдневниот живот на луѓето и барање на прифаќање на терористичките барања со цел враќање на личната безбедност.

Ставовите и односот на Израелците и Палестинците кон мировниот процес ќе биде испитан преку анкетите што се спроведени од Истражувачкиот институт за мир, Хари Труман, на Еврејскиот универзитет во Ерусалим.[165]

### 9.5.1 Ставот и односот на Израелците за Саудискиот мировен план

Во анкетите за Саудискиот мировен план прашањето поставено на анкетираните било: Дали се сложуваш или не се сложуваш со Саудискиот мировен план? Анкетите биле спроведувани секое тримесечие во периодот 2008-2015.

Според Саудискиот мировен план, Израел ќе се повлече од сите територии окупирани во 1967 вклучувајќи ја Газа, Западниот Брег и Голанските Височини и ќе се создаде Палестинска држава. Проблемот со бегалците ќе се реши во преговори согласно резолуцијата на Обединетите нации 194 (која дозвовува враќање во Израел и компензации). За возврат арапските држави ќе го признаат Израел и неговото право на безбедни граници, ќе потпишат мировен договор со Израел и ќе воспостават дипломатски односи.

Тоа што е карактеристично за ставот и односот на Израелците кон Саудискиот мировен план е дека во анкетите во периоодот 2008-2015

[165]http://truman.huji.ac.il/

континуирано се зголемувал бројот Израелци што не го поддржувале. Опсегот во кој се движел процентот на израелското население кое не го поддржувало Саудискиот план бил од 54% до 67%. Најголем број противници намировниот план имало во јуни 2013, а најмал број во септември 2009. Општо кажано процентот на израелско население кое не го поддржува мировниот договор секогаш бил повеќе од половината на израелското население.

Ова индицира дека израелското општество станало милитатно и повеќе од половината Израелци се подготвени да дадат помали отстапки за Палестинците во мировниот договор. Големиот број терористички напади најверојатно го направил своето, и имал свој психолошки ефект врз најголем број од израелското население и врз нивните ставови и односот кон неприфаќањето на Саудискиот мировен договор.

Во анкетите од Истражувачкиот институт за мир, Хари Труман, на Еврејскиот универзитет во Ерусалим, во периодот од март 2008 до декември 2016, процентот на Израелци кои биле загрижени дека тие или некој од нивното семјство може да стане жртва на напад од Палестинци во секојдневниот живот се движел помеѓу 74% и 62%. [166]

Противтерористичката политика успеала да го намали овој страв и загриженоста кај израелското население за цели 12% во дадениот период, но и понатаму повеќе од половина на израелското општество останало да живее во страв за својот или животот на некој од семејството.

Стравот е силна емоција поради која луѓето, од една страна, би војувале за да се заштитат, а од друга страна креира загриженост за личнатабезбедност.

Психолошкиот ефект на тероризмот создал страв кај Израелците, овој страв потоа се трансформирал во политички притисок врз Владата да преземе воени офанзивни активности и еднаш засекогаш да стави крај на нападите од Газа.

Владата на Израел соочена со овој притисок е приморана да направи сè што е во нејзина моќ да ги заштити животите на израелското население од тероризам, во спротивно гласачите ќе помислат дека Владата не направила доволно за да го победи тероризмот и на изборите ќе гласа за друга партија. Сето ова само ја зголемува дилемата за „правото на владеењето“.

[166] Ibid

Неселективноста на ракетните и минофрлачките напади и пораката која се испраќа, дека секој и секаде може да биде жртва на тероризмот создале чувството на загриженост и небезбедност во секојдневниот живот кај израелското население. Терористичките напади го зголемиле ирационалниот страв кај Изреалците, а нарушувањето на секојдневниот живот предизвикува кај луѓето пресметување на ризикот и можноста да се биде жртва на терористички напад. Тогаш секојдневниот живот станува исполнет со страв, несигурност и загриженост.

Изреалската противтерористичка политика не била успешна во намалување на психолошкиот ефект на тероризмот и не успеала да ја зголеми личната безбедност на Израелците преку намалување на ирационалниот страв и загриженоста за својот живот и за животот на некој во семејството.

### 9.5.2 Ставот и односот кај Палестинците за мировниот процес

Втората насока во која дејствуваат противтерористичките политики е намалување на моралот на населението од каде потекнува терористичката организација. Намалениот морал кај населението за продолжување на конфликтот ќе ја принуди терористичката организација да се воздржи од изведување напади иако има капацитет за извршување на нападите.

Неприфаќањето на ваквата намалена поддршка кај сопственото население и упорно инсистирање и продолжување на терористичките напади ќе води кон уште поголемо губење на легитимноста на терористичката организација и нејзино изолирање што ќе ја направи полесна мета за офанзивните противтерористички методи.

Малата јавна поддршка и намалениот морал кај населението од каде потекнува терористичката организација ќе бидат изразени преку: намалување на очекувањата дека терористичката организација може да ги оствари своите цели преку тероризам, намалување на поддршката за политичкото раководство на политичката организација, барање промени на политиката на терористичката организација и отпочнување преговори, барања за отфрлање на терористичката тактика, намалување на личното чувство за безбедност кај луѓето поради честите противтерористички акции, желба кај терористичката организација за компромис, и зголемен број дезертери.

Големата јавна поддршка е резултат на неефективни противтерористички политики или обратно кажано, ефектот на терористичките напади го зајакнал моралот на населението од каде потекнува терористичката организација. Големата јавна поддршка и високиот морал кај населението ќе бидат изразени преку: зголемена поддршка за терористичката организација, барање да се остане на курсот на политиките на терористичката организација, барање одмазда, зголемен број регрути, отфрлање мировни преговори, поставување нови барања, непочитување на примирје, и зголемен број напади.

Ставот и односот на Палестинците за Саудискиот мировен договор искажан во анакетите од периодот 2008-2015 е дека повеќе од половината од палестинското насление го поддржувале Саудискиот мировен договор освен во 2014 кога 53% биле против договорот. Опсегот во кој се движел процентот на противниците на Саудискиот мировен план, 2008-2015, бил помеѓу 30% и 53% од палестинското население. Во 2008, вкупниот процент на палестинското население кое било против Саудискиот мировен план бил само 30%, што укажува на голема поддршка и надеж за мировно решавање на конфликтот. Најголем број противници за мировниот план е забележан во декмври 2014, кога 53% од палестинскотонаселение не го поддржувало Саудискиот мировен план. Овој процент најмногу се должи на воената операција во јуни-јули 2014. Во јуни 2015 овој процент се намалил за 9 % и изнесувал 44% од Палестинците кои се противат на Саудискиот мировен договор.

Континуираното намалување на подршката се должи пред сѐ на загубената доверба и надежта кај Палестинците за можностите за остварување на Саудискиот мировен план, што е директен резултат на израелската противтерористичка политика.

Во периодот 2007-2015 според анкетите на Палестинскиот центар за политики и истражување[167], поддршката за политиките на Хамас во март 2007 била 37%, а во август 2014 била 47%, што е за цели 10% зголемување на подршката. Причините за зголемување на поддршката за Хамас во овој период може да се најдат во тоа дека како и во минатото така и во овој период Хамас е силата и симболот на палестинската борба и заштитникот на палестинското население од израелските воени акции. На ова може да се додат и активностите од „*dawa*“ концептот кои во катастрофални услови на живот и безнадежност се

[167]http://www.pcpsr.org/

вистинското нешто за придобивање на Палестинците и за зголемената поддршка на Хамамс во анкетите.

Зголемената поддршка на Хамас укажува на довербата што ја имаат Палестинците дека Хамас е способен да ја оствари својата цел.

Од анкетите на Истражувачкиот институт за мир, Хари Труман, на Еврејскиот универзитет во Ерусалим, во периодот март 2008-декември 2014, кои се однесуват на прашањето„Дали сте загрижени вие или некој член од вашето семејство дека може да биде повреден од Израел во секојдневниот живот“, повеќе од 2/3 од палестинското население искажале голема загриженост. Највисокиот процент на загриженост бил во декември 2014, кога 84% од Палестинците не се чувствувале безбедни, а ова е периодот по воената операција „Заштитно шило“. Палестинското население се чувствувало најбезбедно во март 2008.

Намалениот морал кај Палестинците укажува дека тие се подготвени за компромис што ја потврдува поддршката на мировниот договор. Деморализацијата помеѓу палестинското население и членовите на терористичките организации е резултат на штетата предизвикана од израелските офанзивни акции. Израелските офанзивни акции демонстрирале супериорност на нацијата на технолошки оперативен и разузнавачки план, а предизвикале и страв со информацијата која потекнала од извор од организацијата, дека офанзивната акција е успешно изведена.

Овие податоци индицираат дека израелската противтерористичка политика била успешна и влијаела врз најголем број од Палестинците, решавањето на конфликтот да го бараат во мировните преговори. Создавањето на чувства на небезбедност кај Палестинците и застрашување, укажува на низок морал кај палестинското население и ефективна противтерористичка политика. Израелската противтерористичка политика не успеала да ја намали поддршката на Хамас кај палестинското население.

## 9.6 Промена на терористичката тактика кај палестинските терористички организации 2006-2016

Правењето анализа за ефективноста само преку бројот на извршени терористички напади ќе ги запостави и занемари податоците „кога терористите радикално ја промениле својата тактика и стратегија“, односно

постигнале капацитети со кои можат да извршат напади со голем број цивилни жртви.

Штом тероризмот ескалира на повисоко ниво можно е претходните противтерористички политики да не се веќе ефективни, односно ефективните противтерористички методи го принудуваат тероризмот да наоѓа нови напредни техники за заобиколување на пречките поставени од противтероризмот. Оттука тероризмот бара проактивен пристап и брза адаптација на политиките и методите за превентивно дејствување и негово намалување, во спротивно последиците би биле катастрофални за државата.

„Затоа се препорачува следењето на квантните промени во терористичката организација. Овие промени вклучуваат развој на разузнавачки капацитети, технологија, и софистицираност на нападите. Една или повеќе промени во овие елементи ќе претставува значаен напредок во оперативните капацитети на терористичката организација“.[168]

Пример, кога ќе се појават напади со самоубијци, тоа претставува квантна промена кај терористичката организација и ја менува природата на заканата. Напади од типот на 9/11 се целосно нова квалитативна промена кај терористичката организација за разлика од претходните помали напади.

Основно прашање е: Дали израелската противтерористичка политика ги принудува палестинските терористички организации да ја променат својата тактика на дејствување?

Пред да се донесуваат заклучоци за влијанието на противтерористичките политики врз промената во терористичката тактика треба да се земе предвид дека терористите ги менуваат тактиките поради повеќе внатрешни и надворешни причини.

Внатрешни причини: членовите на организацијата може да разберат дека за да бидат успешни и да ги остварат своите цели ќе треба да ја променат својата тактика на дејствување. Промената на тактиката може да биде изразена преку нов *модус операнди* со кој се надеваат дека ќе ги зголемат жртвите од нападите или може да ја променат тактиката со тоа што ќе ги стопираат нападите. Надворешни причини кои можат да предизвикаат промени во терористичката тактика се притисокот од населението, договорено примирје со

168 Raphael Perl “CRS Report for Congress Combating Terrorism: The Challenge of Measuring Effectiveness”, March 2007

непријателот, барања од земјите-спонзори или поради промена во оперативните капацитети.

Трендовите се промена во инциденти, ставови и други фактори во текот на времето кои ќе ни покажат кога терористите радикално ја промениле својата борбена стратегија *и модус операнди* за изведување напади и уште поважно, зошто ја промениле тактиката. Промените во една или повеќе точки во квалитативните показатели ќе укаже дека терористите постигнале голема трансформација во нивните можности и капацитети. Затоа не само што е потребно да се знае каде е тероризмот денес туку и да се знае каде ќе биде тероризмот во иднина и кои се идни можни развојни правци.




**дијаграм 6**

Од дијаграмот јасно може да се види организацискиот развој кој го постиганале палестинските терористички организации во 2014 во однос на претходниот период.

Капацитетите на палестинските терористички организации се зголемувале постепено во периодот на 2006-2016, а дијграмот дава приказ за користеното оружје и тактика како ракети, минофрлачки гранати, импровизирани експлозивни направи, противтенковски гранати, и борба лице во лице.

На ова треба да се додаде и развојот на стратегиските капацитети со изградбата на воени подземни тунели кои во последната војна играа многу значајна улога.

### 9.6.1 Импровизирани експлозивни направи во борбата со Израелските одбранбени сили

Палестинските терористички организации поставуваа импровизирани експлозивни направи во близината на граничниот појас со Израел. Во овој појас израелските одбранбени сили редовно навлегуваат во делот на Областа Газа со булдожери и го прекопуваат теренот за да уништат евентуални подземни тунели и да патролираат со оклопни возила. Оваа тактика не беше користена во операцијата „Леано олово“, 2008, но Израелските одбранбени сили успеале да стигнат без жртви до градот Газа.

Во 2012 во операцијата „Столб на одбраната“, Израел не изврши копнена инвазија врз Областа Газа и палестинските терористички организации не можеа да ги тестираат овие капацитети.

Во 2014 во операцијата „Заштитно шило“ палестинските терористички организации за прв пат ја користеле оваа тактика и биле извршени 8 нападi со импровизирани експлозивни направи во различни области на Газа како Бет Ханун, Нахал Оз, и во источниот дел на Кхан Јунис, 7 израелски војници биле повредени од овие напади и еден војник го загубил животот.

Вкупниот број напади изведени со експлозивни направи во периодот 2007-2016 е 37, од кои 8 во „Заштитно шило“, а другите напади биле изведени врз изреалските гранични патроли кои патролираат во граничниот појас со оклопни џипови, тенкови и булдожери. Во овие напади се повредени 4 изреалски војници на источниот дел на Областа Газа.

Важно е да се забележи дека подобрувањето на оваа тактика јасно може да се види на дијаграмот.

После убедливиот пораз во „Леано олово“ палестинските терористички организации сакаа да покажат дека можат да им нанесат жртви на Изреалските одбранбени сили. Во 2009 беа извршени 10 напади со имповизирани експлозивни направи, во 2010 нема податоци за напади, во 2011 беа извршени 4 напади, во 2012 беа извршени 6 напади, во 2013 нема напади, но во 2014 беа извршени 13 напади, а во 2015 беше извршен само 1 напад и 2016 3 напади.

### 9.6.2 Герилска тактика („борба лице во лице“/„нападни и бегај“)

Најголем број од израелските жртви во воената операција во 2014 е поради оваа герилска тактика на палестинските терористички организации, и

може да се каже дека најголемите терористички подобрувања се направени точно во овој начин на војување.

Подобрувањето на оваа тактика создала услови палестинските терористички бригади да ги преживеат битките и да дадат организиран отпор, бидејќи распаѓањето на бригадите би било во корист на Израелските сили да го контролираат борбеното поле.

Во 2008 во операцијата „Леано олово", не постои тактика кај палестинските терористички органзиции за директна борба лице во лице со Израелските одбранбени сили и тие непречено влегле и стигнале до градот Газа, а бригадите на терористите избегнувле борба, или по кратка конфронтација се криеле или биле брзо разбиени.

Во 2014 е видлив развојот кај палестинските терористички бригади кои се во состојба да претставуваат копнена сила на теренот која ќе го спречи навлегувањето на израелските копнени сили и во исто време ќе изведува и офанзивни акции како што е случајот во Нахал Оз кога палестинските терористи успеаја да се инфилтрираат во Израел и од грб да ги нападнат Израелскитеодбранбени сили.

Долнително на ова, палестинските терористички организации развиле и специјални морнарички сили, кои биле во состојба по воден пат да стигнат до изреалската територија, но овој напад бил успешно спречен од Израелските одбранбени сили на 9 јули 2014.

Капацитетите на палестинските терористички органзации најмногу се подобриле со користењето на тактиката„нападни и бегај" во која користеле лесно оружје како АК 47, М16, рачни бомби, и самоубиствени напади.

Терорстичките копнени бригади биле организирани во сили за извидување и наблудување на теренот, сили за логистика, сили за напади, инфраструктура, комуникации и воени инженери, морнарички сили, елитни одреди, снајперски единици, сили за борба во тунели и самоубијци.

Вкупниот број директни борби „лице во лице" помеѓу Израелските одбранбени сили и палестинските терористички организации во периодот 2006-2016 е 73.

Само во војната во 2014 се случиле 24 директни „лице во лице" борби, во кои биле повредени 26 Израелци, а билеубиени 44 Израелци и 19 палестински терористи. Со помош на дијаграмот, ако се направи споредба, може да се

заклучи дека терористичките копнени сили доживеале поголем развој отколку израелските копнени сили во полето на копненото војување во однос на помал број на жртви во тие борби.

Герилската тактиката „нападни и бегај“ е соодветно решение за терористите кои се распоредени во урбаните средини во источниот дел на Областа Газа, а истото се однесува и за терористичките сили кои имаат задача да извршуваат напади од тунелите.

### 9.6.3 Противтенковска тактика

Палестинските терористички организации во најголема тајност ги чувале противтенковските ракети кои билекористени во 2011, 2012, 2014. Бројот на напади врз оклопните возила и тенковите на Израелската армија значително се зголемил во текот на 2014 кога се извршени 6 напади во кои се повредени 3 израелски војници. Иако ова оружје нема голема улога во терористичката тактика сепак може да се прифати како квалитативна промена. Ова оружје се користи да се спречи навлегувањето на оклопните израелски сили во Областа Газа кои се гордоста на Израелската армија.

### 9.6.4 Ракети и минофрлачи

Ракетите создаваат најголеми стравови кај Израелската влада, затоа и терористите особено се фокусирале на нивниот развој за да можат да извршуваат напади на територијата на Израел.

**М-302**: Оваа ракета може да изврши напади до 160 км, има експлозивно полнење од 175 кг, се користи за интезивно гранатирање и за напади на цивилни мети, и е произведена во Сирија.

**Р-160:**Оваа ракета е наречена по Абед Ел Азиз Ел Рантизи, кој е убиен од Израелскитеодбранбени сили, има дострел од 160 км и е од домашно производство

**Г-75**: Оваа ракета е наречена по Мохамед Ал Габри, кој е убиен од Израелскитеодбранбени сили во 2012, и има дострел од 75км.

**М-75**: М. Оваа ракета е наречена по лидерот на Касам бригадите Макадма, со дострел од 70 км и е модерна верзија на Касам ракетите.

**Ал Касам**: Е најпозната ракета на Хамас која доживеала трета и четврта модификација, и има дострел од 20 км.

**Фаџер 5**: Оваа ракета е од иранско производство и има дострел од 40 км.

**Град**: Оваа ракета е од руско производство со дострел од 40 км.

**Катјуша ракета**: Ова е исто така руска ракета, а некои од овие ракети се произведени во Сирија и имаат дострел 20-30км.

Од претходното може да се заклучи дека терористичикте организации во Газа имаат три типа ракети поделени во категории на ракети со краток, среден и долг дострел. Палестинските терористички организации се фокусирале најмногу на ракетите со краток и среден дострел, а нивната амбиција е да постигнат капацитети на ракети со долг дострел.

Ракетите се широко прифатени помеѓу терористичките групи во Газа и забележителен е брз напредок во развојот на ова оружје, а вкупниот број на извршени напади со различни типови на ракети врз Израел е околу 12235.




**слика 2**

На сликата е прикажан радиус од 40 км во територијата на Израел каде се извршени ракетните напади од Областа Газа.

Опасноста од ракетните напади произлегува од тоа што се недискриминирачки, односно не прават разлика помеѓу цивилни и воени мети. Палестинските терористи сè уште треба да развијат вештини и да бидат

подобро тренирани за извршување прецизни напади како и современа технологија за прецизно насочување на овие ракети. Ракетните напади создаваат голем страв и нарушување на нормалниот тек на животот на Израелците.

Палестинските терористички организации ја промениле тактиката за лансирање на ракетите со цел да ја збунат „Железната купола". Тие започнале да лансираат поголем број на ракети одеднаш надевајќи се дека ќе ја „збунат"„Железната купола" и таа нема да успее да ги сруши сите ракети и дека некоја од ракетите ќе помине и ќе предизвика штета во Изреал.

Во основа, ракетите биле успешни во погодување на израелската територија со 96%,а само 4% од ракетите кои биле лансирани врз Израел, биле неуспешни и слетале во Областа Газа, што може да се види во дијаграмот 7.




**дијаграм 7**

**<u>Минофрлачи</u>**

Палестинските терористи ги сметаат минофрлачките напади како најефективното оружје против Израелските одбранбени сили во израелските населби околу Областа Газа.

Палестинските терористички организации се фокусирале на ова оружје во 2008 и 2014, кога биле извршени 2213 и 1616 напади со минофрлачки гранати.

Минофрлачките гранати ја промениле равенката во воената операција „Заштитно шило", и Израелските одбранбени сили почнале да користат повеќе сила како одмазднички одговор за нападите изведени со минофрлачки

гранати врз израелските населби околу Областа Газа. Во минатото минофрлачките напади биле користени само против Израелските одбранбени сили кои се групирале околу границата за извршување копнена инвазија на Областа Газа. Но војната во 2014 покажа дека минофрлачките гранати се ефективно оружје за внесување вознемиреност и страв во израелскитепогранични населби, и како резултат на тоа, биле приморани да се евакуираат.

### 9.6.5 Терористички ракетни капацитети




**дијаграм 8**

Тестирањето на ракетите се врши со цел да се подобрат борбените карактеристики на разните модели на ракети со кои располагаат терористите. Тест-ракетите најчесто се лансираат кон морето од густо населените места во Областа Газа.

Во периодот 2006-2010 терористичките организации не извршувале тестирање на своите ракети, прво, поради ограничените капацитети, а второ и поради недостатокот на човечки потенцијал кој би можел да ги усовршува каратеристиките на ракетите.

Првите тестирања на ракетите се забележани во 2011, кога биле извршени само 8 тестирања.

Потврда за постоењето на зголемени терористички капацитети може да се види преку бројот на ракетните тестирања кои биле направени 2015-2016 кога

се лансирани кон морето 194 и 161 ракета. Бројот на тестираните ракети е поголем од бројот на тестирани ракети во сите претходни години.

Бројот на тестирани ракети во 2015 е дури и поголем од ракетните напади кои се извршени врз Израел во 2010 и 2013.

И уште еден индикатор за постоењето на терористички капацитети е дека во 2014, кога биле извршени рекорден број ракетни напади врз Израел, била тестирана само 81 ракета што е за половина помалку од бројот на тестираните ракети во 2015 и 2016.

Бројот на тестираните ракети јасно укажува на зголемените капацитети со кои располагаат Хамас и другите терористички организации во областа Газа во периодот на 2006 и 2016.

### 9.6.6 Воените тунели на терористичките организации

Палестинските терористички организации гледаат на тунелите како стратегиски капацитети, кои се поделени согласно задачата како тунели за комуникација, логистика, засолнување, офанзивни, и тунели за лансирање ракети и минофрлачки гранати. Тунелите се стратегиска закана за израелските населби околу Областа Газакако и за војниците во пограничниот појас.

Во еден напад во кој беа користени тунелите, беше киднапиран еден израелски војник во 2006.

Израелските сили во војната во 2014 откриле и уништиле 34 тунели. [169] Последниот тунел е откриен во април 2016 во близина на Карем Шалом, по што се зголемиле стравовите кај населението во наслебите.

Во Областа Газа постојат два типа подземни тунели, воени и тунели за шверцување.

Информациите за тунелите во Газа се тајна, за нив може само да се слушне кога некој тунел ќе се урне или кога ќе се случи некој инцидент во тунелот поради поплава, експлозија или кога некој од работниците ќе падне при симнувањето во тунелот.

Единствен начин преку кој може да се добие некоја информација за тунелите е преку следењето на инцидентите поврзани со тунелите.

[169] http://www.timesofisrael.com/idf-uncovers-gaza-terror-tunnel-dug-into-israeli-territory/

Во периодот 2011-2016 се случиле130 инциденти во тунелите во Газа, во кои 114 Палестинци го загубиле својот живот, 84 биле повредени, а 76 биле спасени од Палестинската цивилнаодбрана.




**дијаграм 10**

Според податоците, бројот на инциденти во подземните тунели се зголемил во периодот 2011-2012 кога се случиле 28 и 31 инцидент. Бројот на инцидентите значително се намалил во 2013-2014 на 18 и 11. Инцидентите се зголемиле повторно во 2015-2016 на 21 и 25.

Во воените тунели се случиле 37 инциденти, а во тунелите за шверцување се случиле 93 инциденти во последните шест години.

Бројот на инцидентите се зголемил во јужниот дел на Областа Газа, поточно во Рафа, пред сè поради големиот број тунели за шверцување, а бројот на инциденти кои се случиле е 93.

Бројот на инцидентите се намалува движејќи се кон север бидејќи тунелите се воени тунели на терористричките организации, а инцидентите се зголемиле во градот Газа на 11. На север и во Кхан Јунис бројот на инциденти е 8. Но, бројот на инциденти се намалил во средишната територија на Областа Газа и Рафа и изнесува 5 инциденти.

## <u>Самоуривање на подземните воени тунели</u>

Самоуривањето на тунелите е најголемиот ризик со кој се соочуваат воените тунели на терористичките организации, а најчесто причините за уривањето се непознати. Инцидентите започнале да се случуваат во 2011, 2 инциденти, во 2012 4 инциденти, а во 2013, 3 инциденти. Во 2014 се намалил

бројот на инцидентите на 1, за повторно да се зголеми во 2015 на 6, и да го достигне максималниот број во 2016, 14 инциденти.




**дијаграм 12**

**<u>Места каде што се случило самоуривањето на тунелите</u>**

Бројот на вакви инциденти кои се случиле во источниот дел на Газа е 7 во периодот 2011-2016 што е ист со бројот на урнати тунели во Кхан Јунис. Инцидентите се концентрирани и во северниот дел на Газа, Јабалиа, Беит Лахиа, Беит Ханун, 3, 2, 1,. Исто така 3 инциденти се пријавени и во Нусеират.



Од претходно кажаното за терористичката тактика може да се заклучи дека палестинските терористички организации ја промениле својата тактика веднаш по војната 2008-2009, а промената на тактиката е видлива во подобрувањето на ракетните капацитети за извршување напади, развивање нови герилски капацитети и тактики, пред сè подземните тунели и борбата „лице во лице“ кои беа јасно видливи во војната во 2014. Збирот на овие нови капацитети и тактики во војната во 2014 водел кон најголем број напади врз Израел и најголем број израелски жртви.

Примирјето кое беше на сила после секоја воена операција создаде услови терористите да ги зголемат своите капацитети, да организираат сопствени бригади согласно специјалноста, да ја подобрат комуникацијата во воени услови и да ја подобрат логистичката мрежа.

Палестинските терористички организации доживеале развој и постигнале сопствена реорганизација во насока на герилски единици за извршување офанзивни воени акции, бидејќи станало јасно дека и во иднина воените дејства ќе се случуваат на територијта на Областа Газа.

Развојот на новите терористичките капацитети кај палестинските терористички организации се должи пред сè на квалитетот на човечкиот потенцијал кој го имаат. Квалитетот на човечкиот потенцијал на организациите се гледа во способноста да регрутираат нови членови и да ги тренираат, а потоа да ги испратат на мисија. Ова е случај со нападите извршени со помош на тунелите кога терористите се уфрлија во Израел, герилските напади и борбите со израелските копнени сили во воената операција во 2014 и нападот со специјалните морските сили.

Дополнително треба да се земе предвид и квалитетот на членови што го имаат палестинските терористички организации за развој на ракетите и зголемување на ракетните капацитети кои исто така доживеа развој.

Процесот на освојувањето на срцата и умот на јавноста со „*da'wa*“ концепт не само што креира комфорна работна средина за Хамас, туку исто така го проширува секторот за нови потенцијални регрути за организацијата од различни профили.

Сето ова води кон заклучок дека палестинските терористички организации доживеале кванатна промена која е изразена во развојот на

ракетните капцитети, развојна герилска тактика и развој на подземни воени тунели со кои успеале да ги заобиколат израелските противтерористички методи. Оваа нова квантна промена кај палестинските терористички организации го зголеми бројот на нападите и бројот на повредените и убиени Изреалци.

Ефективност на изреалската противтерористичка политика ги приморала палестинските терорстички организации да создаат нови ракетни и герилски капацитети и да применуваат нова тактика за лансирање на ракетите и герилска тактика за борба „лице во лице".

## 9.7 Префрлање на војната во територијата на непријателот

Основно прашање е: Дали Израел е ефективен во префрлањето на војната во територијата на Областа Газа?

Трансферот на војната во територијата на непријателот е еден од принципите на израелската воена доктрина и секогаш е употребуван кога Израел водел војна. Целта на овој принцип е да се префрли војувањето во територијата на непријателот и на тој начин да ги намали штетите од нападите врз цивилите и материјалните добра во Израел.

Израелската противтерористичка политика била  делумно ефективна во префрлање на војната во територијата на непријателот внатре во Областа Газа. На територијта на Израел се случиле 18557 неселективни ракетни и минофрлачки терористички напади. Израел успеал да ја минимизира штета од тие напади, но не и да го намали психолошкиот ефект на неселективните терористички напади врз израелското население.

# ГЛАВА 10. ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Врз основа на квантитативните и квалитативните податоци можат да се видат различни трендови и тенденции за ефективноста на израелската противтерористичка политика.

Ефективноста на една противтерористичка политика пред сè зависи од начинот на кој се дефинира успехот.

**Квантитативна ефективност на израелската противтерористичка политика - терористички оперативни капацитети**

Од кванитивните податоци за бројот на терористички напади врз Израел, може да се види дека во периодот 2006-2016 врз Израел биле извршени вкупно 18557 неселективни ракетни и минофрлачки терористички напади и 73 герилски напади.

Израелските воени операции биле ефективни во намалување на бројот на ракетни, минофрлачки и герилски напади на краткорочен план. Без разлика колку и да била ефективна воената операција таа имала само успех на кратки патеки, и после одредено време палестинските терористички организации започнувале да ги санираат своите штети и да ги надополнуваат изгубените капацитети за извршување напади.

Израелските воени операции биле поефективни во намалувањето на бројот на минофрлачките напади, отколку во намалувањето на ракетните напади. Израелските воени операции не успеле во периодот 2006-2016 ниту во една година потполно да ги стопираат ракетните напади како што го направиле тоа со минофрлачките напади во 2015. Во 2015 нема извршени минофрлачки напади и ова е година кога израелската противтерористичка политика била најефективна во однос на намалување на бројот на нападите.

Според кавантитавните податоци во периодот 2006-2016 од ракетните и минофрлачките напади биле повредени вкупно 76, а убиени 7 Израелци. Израелските воени операции биле ефективни во намалувањето на бројот на повредени и убиени Израелци, во услови на континуирано зголемување на бројот на неселективните ракетни и минофрлачки напади.

Израелските воени операции иако успеале да го намалат бројот на герилските напади и да го намалат и елиминираат бројот на повредени и

убиени Изреалци во 2015-2016 од герилската тактика, сепак ова не може да се нарече успех, пред сè поради големиот број повредени и убиени Израелци во 2014. Герилските напади се најсмртоносни за Израел и единствена тактика со која се убиени повеќе Израелци од Палестинци. Герилските напади биле многу повеќе смртоносни за Израелците отколку ракетите и минофралчките напади заедно.

Ако го анлизираме вкупниот број на неселективните ракетни и минофрлачки напади и вкупниот број повредени и убиени Израелци во периодот 2006-2016 ќе видиме дека биле извршени вкупно 18557 терористички напади врз Израел во кои биле повредени 76, а убиени 7 Израелци. Ова добива уште повеќе на значење ако се спореди со самоубиствените напади кои палестинските терористички органзации ги извршувале во периодот 1989-2016 кога во 171 самоубиствени напади се убиени 805, а повредени се 964 Израелци.

Изреалските офанзивни методи биле ефективни во намалувањето на оперативните капацитети на палестинските терористички организации за извршување ракетни и минофрлачки напади, а тоа е изразено преку намалување на бројот на ракетните и минофралчките напади и намалување на бројот на повредени и убиени во тие напади.

Изреалските воени операции успеале да ги намалат терористичките оперативни капацитети кои се поврзани со прецизноста на ракетите и минофрлачките гранати и со тоа да ја намалат смртноста од напади. Успехот во намалувањето на терористичките капацитети се должи пред сè на ефективните офанзивни акции врз човечкиот потенцијал кој поседувал знаење за подобрување на карактеристиките на ракетите кои влијаат врз прецизноста на нападите, зголемување на носивоста на експлозив, далечината на дострел, на ефективните офанзивни дејства врз терористичката инфраструктура каде се изработуваат и складираат ракетите и минофрлачките гранати, и врз лансирните ракетни и минофрлачки рампи.

Изреалските офанзивни методи не биле ефективни во уништувањето на герилските капацитети, пред сè на големиот број повредени и убиени Изреалци во 2014 од герилската тактика. Политиката која го намалила бројот на нападите, а го зголемила бројот на жртвите од тие напади, не може да се нарече ефективна.

## Терористичка мотивација - блокадата

Блокадата како метод за колективно казнување на населението во Областа Газа не беше ефективна и не ја намали терористичката мотивацијата за извршување терористички напади во перидот 2006-2014. Блокадата влијае на зголемување на поддршката на терористичките организации во Областа Газа која ја добиваа од локалното наслението. Оваа зголемена поддршка за терористичката организација води и кон зголмување на терористичката мотивација за извршување напади врз Израел и врз зголемување на бројот на извршените напади.

Во 2015-2016, кога Израел ја променил својата противтерористичка политика и ја олеснил блокадата, бројот на терористичките акции бил помал од просечниот број на терористички акции извршени во периодот 2006-2016. Ова намалување на бројот на акциите не е поради тоа што палестинските терористички организации немале оперативни капцитети и морале да се воздржуваат од напади туку поради намалената мотивација за извршување напади. Намалената мотивација кај палестинските терористички организации е резулатат на намалената поддршка од палестинското население за извршување терористички акции кога состојбата со граничните премини за производи и патници е олеснета.

Намалувањето на мотивацијата кај палестинското населението не значи намалување на мотивацијата кај терористите, туку се однесува примарно на чувствата кај палестинското население. Намалувањето на нивото на мотивацијата не влијае и врз нивото на оперативните терористички капацитети за извршување напади. Секое зголемување на мотивацијата ќе води кон повторно извршување терористички напади.

Во 2015 кога со олеснување на блокадата се намалиле и терористичките напади се поставува прашањето: „Зошто Израел не ја олеснил порано блокадата“? Ефектот на активностите кои се презмени за намалување на мотивацијта се насочени примарно кон палестинското население и можат да бидат видливи само после подолго време, дури после неколку генерации од кога ќе бидат имплементирани, за разлика од ефкетите на офанзивните акции кои можат веднаш да се видат. Второ, ефектите од офанзивните акции дејствуваат врз намалување на психолошкиот ефект на тероризмот и

подигнувањето на моралот кај Изреалците. Подигнувањето на моралот е легитимна цел во борбата со стратешките цели на тероризмот, затоа е важно за Израел да изведува акции со кои ќе го подигне и зацврсти моралот на израелското население.

Зошто Хамас со олеснувањето на блокадата го намалил бројот на терористичките напади врз Израел?

Одговор на ова прашање лежи во рационалниот пристап на Хамас кој донел рационална одлука, и верувал дека ќе му донесе поголеми добивки од загуби, а во исто време ќе ги оствари своите цели. Олеснувањето на блокадата претставува добивка која ќе има повеќекратно позитивно влиајние за Хамас и за палестинското население. Хамас успеал да ја олесни блокадата, што била цел со чие остварување го зголемил угледот и поддршката во палестинската заедница.

Со цел да ги намали своите загуби Хамас мора да ја прифати волјата на палестинската заедница и да ги намали нападите за да не ризикува повторно засилување на блокадата. Примирјето кое е на сила ќе создаде услови Хамас повторно да работи на зајакнување и зголемување на своите оперативни капацитети за остварување на својата цел.

**Квалитативна ефективност на изреалската противтерористичка политика:**

**Саудискиот мировен договор**

Во израелската арена, израелската противтерористичка политика не била успешна во намалување на психолошко-деморализирачкиот ефект на тероризмот и не успеала да го зголеми чувството за лична безбедност кај Израелците, преку намалување на стравот и загриженоста за својот живот и за животот на некој во семејството.

Големиот број напади и малата материјална и човечка штета која е предизвикана од терористичките напади укажува дека палестинските терористички организации станале свесни дека не можат да предизвикаат големи човечки и материјални штети со своите ракетни и минофрлачки напади, но можат да го постигнат психолошкиот ефект на тероризмот, а тоа е да шират страв и паника кај израелското насленеие, особено кај населнието кое живее во пограничните населби со Областа Газа. Стравот и паниката кај

населнието ја натерало Владата на Израел во војната во 2014, да ги евакуира овие населби, што палестинските терористички организации го искористиле да го претстават како свој успех.

Во палестинската арена, израелската противтерористичка политика била успешна и влијаела врз најголем број од Палестинците, решавањето на конфликтот да го бараат во мировните преговори. Создавањето на чувства на небезбедност и страв кај Палестинците индицира низок морал кај палестинското население и ефективна противтерористичка политика. Израелската противтерористичка политика не успеала да ја намали поддршката за Хамас кај палестинското население.

**Промена на терористичката тактика**

Ефективноста на противтерористичките методи ги принуди палестинските терористички органзации да ја промент својата терористичка тактика, да создаат нови ракетни капацитети, герилски капацити и да применуваат нова посмртоносна герилска тактика. Тие нови герилски капцитети се подземните офанзивни тунели на границата со Израел, герилската тактика за борба „лице во лице“ со израелските сили и подобрување на резервите и борбените карактеристиките на ракетите.

**Префрлање на војната во територија на непријателот**

Израелската противтерористичка политика била делумно ефективна во префрлање на војната во територијата на непријателот во Областа Газа. На територијата на Израел се случиле 18557 неселективни ракетни и минофрлачки терористички напади. Израел успеал да ја минимизира физичката штета од тие напади, но не и да го намали психолшко-деморализирачкиот ефект на неселективните терористички напади.

**Дали Изреал успеал да ја оствари својата цел да ги минимизира штетите од тероризмот?**

Минимизирањето на штетите од тероризмот подразбира намалување на бројот на терористичките напади, намалување на бројот на убиени и повредени и намалување на материјалната штета. За мерењето на ефективноста на израелските противтерористички методи, според оваа цел, ќе биде потребно да

се користат квантитативни индикатори со кои ќе се одреди квантитативна ефективност на израелските противтерористички политики.

Ефективноста на противтерористичките политики е директен резултат на степенот до кој тие успеале во постигнување на сите претходно поставени цели или само на дел од тие цели.

Израел успеал да го минимизира бројот на терористичките напади и бројот на убиени и повредени Израелци од ракетните и минофрлачките напади.

Израел успеал да ги минимизира материјалните штети од нападите.

Израелската противтерористичка политика не успеала да го намали бројот на убиените и повредените Израелци од герилските напади на палестинските терористички организации.

## Равенката на противтероризмот

Според равенката на противтероризмот, ефективната противтерористичка политика треба истовремено да дејствува врз намалување на оперативните капацитети и на мотивацијата за извршување напади.

Израел во периодот 2006-2014 дејствувал само врз варијабилата на оперативните капацитети на терористичките организации целосно занемарувајќи ја варијабилата на мотивацијата. Активностите насочени кон варијабилата на мотивацијата започнуваат во 2015.

Израелската противтерористичка политика успеала да ги намали оперативните терористички капацитети, но само на краткорочен план и особено била ефективна во намалувањето на прецизноста и смртноста на ракетните и минофрлачките напади, што директно влијаело на минимизирање на штетите од тероризмот.

Израелската противтерористичка политика, иако успеала да ги намали герилските напади, сепак не успеала да го намали бројот на убиени и повредени Израелци од герилската тактика. Ова укажува дека Израел не бил ефективен во намалувањето на герилските оперативни капацитети на палестинските терористички организации.

Израелската противтерористичка политика успеала да ја намали терористичката мотивација за извршување ракетни и минофрлачки напади во 2015-2016 кога Израел ја променил својата противтерористичка политика со олеснувањето на блокадата што водело кон намалување на терористичката мотивација за извршување напади.

Согласно на противтерористичката равенка, израелската пртивтерористичка политика не била ефективна во периодот 2006-2014 бидејќи дејствувала со офанзивните методи само врз терористичките оперативни капацитети, потполно занемарувајќи ја мотивацијта за извршување напади.

Согласно противтерористичката равенка, израелската пртивтерористичка политика била ефективна во периодот 2015-2106, бидејќи дејствувала врз двете компоненти на тероризмот со офанзивни акции врз оперативните капацитети и со олеснувањето на блокадата врз намалувањето на мотивацијата за извршување терористички напади.

**<u>Одговор на главното истражувачко прашање:</u>**

До кој степен израелската противтерористичка политика е ефективна во намалувањето на штетите од тероризмот и кои се последиците од таа политика врз цивилното население во областа Газа?

Израелската противтеористичка политика има краткорочен ефект врз намалување на штетите од тероризмот, а ограничен ефект на долорочен план. Оваа краткорочна ефективност е резултат на офанзивните карактеристики на израелската противтерористичка политика која дејствува ефективно врз намалување на терористичките капацитети, но малку презема, или воопшто не презема активности за намалување на мотивацијта за извршување на терористичките напади.

Широкото дефинирање на „инфраструктура за поддршка на тероризмот“ е концепт кој создава тешки последици за цивилите во Газа, а изјавите на лидерите на Израел пред, во текот, и после војната, јасно укажуваат дека непропроционалното рушење и насилството против цивилите е дел од намерните политики и одлуки донесени од лидерите на Израел. Последиците врз цивилното палестинско население предизвикани од против-

терористичките политики се резултат и на непостоење јасна израелска стратегија и цел која сакаат да ја остварат во Областа Газа. Последиците од израелската противтерористичка политика само ги продлабочуваат поттикот и мотивацијата за тероризам, неселективните противтерористички методи, уништената инфраструктура, немањето пристап до вода за пиење, ограничениот пристап до електрична енергија, распаднатата економија, влошувањето на хуманитарната состојба, безнадежноста и непочитувањето на човековите права, а сето ова заедно не создава услови за нормален живот и опстанок на населението во Областа Газа. Ваквата сосотојба и во иднина ќе биде поттик и мотивација за тероризам и ќе има импликации врз безбедносната состојба на Израел и регионот, а и пошироко. Ако Израел не преземе чекори за намалување на мотивацијата која води кон тероризам, прашање е на време кога состојбта во Областа Газа ќе експлодира и кога Палестинците ќе се најдат на заштитниот ѕид што го дели Израел од Областа Газа.

Последиците кои ги создаваат израелските противтерористички политики им даваат политички легитимитет на палестинските терористички организации особено на Хамас за продолжување на теророт и за зголемување на нивната популарност што е нивната најголема стратегиска добивка за во иднина. Оваа стратегиска придобивка заедно со „*da'wa*" активностите (хуманитарни услуги за доброто на општеството) и омразата, и насилство на кое се навлечени Палестинците од страна на Хамас во идните демократски парламентарни избори сигурно ќе влијаат врз палестинското население да го дадат својот глас за „вистинкото нешто" а тоа е, екстремната идеологија промовирана од страна на Хамас. Затоа реално е да се очекува Хамас на следните демократски избори да ја зацврсти и зголеми својата политичка моќ во палестинската заедница.

Недостатокот на противтерористичка стратегија се гледа и во тоа дека Израел сѐ уште не знае дали сака Хамас да продолжи да владее на долги патеки во Областа Газа или не. Ветувањата од типот: ако Хамас ја стопира изградбата на подземните тунели и терористички напади врз Израел, постепено ќе се подигнува блокадата, ќе започне изградбата на пристаниште и дури можно е да се дозволи влез на работна сила од Областа Газа во Израел, не се проследени со практична активност на теренот.

**Општа хипотеза:**

Израел има сеопфатни противтерористички политики и јасна стратегија во војната со палестинските терористички организации во Областа Газа.

Добиените резултати ја отфрлија општата хипотеза. Според тоа, може да се заклучи дека Израел нема сеопфатни противтерористички политики и јасна стратегија во војната со палестинските терористички организации и Областа Газа. Недостатокот на сеопфатни противтерористички политики се гледа во непреземањето на активности со кои ќе се дејствува врз намалувањето на мотивацијта за извршување напади и неуспехот во справувањето со психолошкиот ефект на тероризмот. Тактичката предност која Израел ја остварува со своите противтерористички тактики и методи на краткорочен план не се доволни за постигнување стратегиски успех без преземање чекори кон намалувањето на терористичката мотивација. Ваквата квантитативна ефективност само ги приморува терористичките органзации да создваат нови тактики за борба со супериорниот непријател.

**Анализа на резултатите од проверката на посебните хипотези**

**X1** – Израелските противтерористички методи се ефективни во намалувањето на терористичките напади од палестинските терористички организации.

Истражувањето ја потврдува хипотезата дека израелските противтерористички методи се ефективни во намалување на бројот на терористичките напади, но само на краткорочен план.

**X2** - Израелските противтерористички методи се ефективни во намалувањето на израелските жртви од нападите на палестинските терористички организации.

Истражувањето делумно ја потврдува оваа хипотеза, Израел успеал да го намали бројот на убиените и повредените Израелци од неселективните ракетни и минофрлачките напади но, израелските противтерористички методи не биле ефективни во намалувањето на убиените и повредените од герилските напади.

Бројот на израелски жртви е најголем во времето на воените операции кога е зголемен бројот на терористичките напади, а ова води кон заклучок дека континуираното извршување воени операции ќе води

кон зголемување на бројот на терористичките напади, а со тоа и на зголемување на можностите за израелски жртви.

**X3** - Ефективноста на израелските противтерористички методи ја намалува мотивацијата за изведување терористички напади врз Израел.

Истражувањето ја отфрла оваа хипотеза, и потврдува дека ефективноста на израелските противтерористички методи ја зголемуваат мотивацијата за извршување терористички напади.

Израелската блокада на Областа Газа, намалениот број на камиони и намалениот број луѓе кои поминуваа од и кон Областа Газа во минатото води кон зголемување на поддршката од палестинското население во Областа Газа за терористичките организации што пак влијае врз зголемување на нивната мотивацијата за извршување терористички напади. Секогаш кога палестинските терористички организации не можат да обезбедат разумни услови за живот за палестинското население и да создадат надеж за подобра иднина ќе предизвикуваат војна, дури и таа војна да биде самоуништувачка. Израел успеал да ја намали мотивацијата за извршување терористички напади дури во 2015-2016 со олеснување на блокадата.

Блокадата како метод на колективно казнување беше наменета да спречи активна и пасивна поддршка за терористичките организации од населението во Областа Газа.

Блокадата се покажа како неефективна и на крајот водеше само до зголемена поддршка од населението за терористичките организации, поради непријатностите и проблемите што ги создаде овој метод и вознемирувањата и нарушувањата во секојдневниот живот кај палестинското население.

**X4**- Израелските противтерористички методи се селективни во своето дејствување на теренот.

Истражувањето ја отфрла оваа хипотеза, израелските противтерористички методи не се селективни во своето дејствување на теренот, не прават разлика помеѓу цивилното население и терористите. Блокадата како метод за колективно казнување е директно насочена кон

цивилното населние во Областа Газа, убиените цивили во Областа Газа, во воените операции и уништената цивилна инфраструктура се доказ за неселективноста на израелските офанзивни противтерористички методи.

**X5** - Јавното мислење на населението во Израел има влијание врз израелските противтерористички политики.

Истражувањето ја потврдува оваа хипотеза, во Израел постои политички консензус дека тероризмот е стратегиска закана, но не и закана за опстанокот на државата и еврејската нација. Нарушувањето на личната и националната безбедност како резутат на терористичките напади ја засилува загриженостакај израелското население, а потоа, таа загриженост влијае врз политичките ставови и акции на Владата. Израелското искуство покажува дека ако населението не е задоволно од начинот на кој Владата се справува со тероризмот таа ќе ја загуби нивната поддршка на следните избори, ова е дилемата на правото на владеење.

Израелската влада е многу заинтересирана за намалувањето на психолошкиот ефект на тероризмот и со тоа сакаат да го убедат населението дека тие ги преземаат сите потребни мерки да ги заштитат. Најбрз начин Владата да ја врати довербата и да го зголеми моралот кај населението со извршување воени операции врз терористичките организации во Областа Газа и врз нивните поддржувачи. Затоа дури и воениот модел да не е многу ефективен, и да постојат и други алтернативи за одговор на тероризмот, израелските политичари тешко ќе се решат да го променат својот избор. Од тука може да се каже и дека тероризмот ја остварил својата цел, да влиаје врз израелското население и потоа тоа влијание да се рефлектира врз одлуките на Владата.

**X6** - Јавното мислење на населението во Областа Газа има влијание врз мотивацијата на палестинските терористички организации во Областа Газа за извршување терористички напади врз Израел.

Ова истражување ја потврди оваа хипотеза, јавното мислење и поддршката која ја добиваат терористичките органзиации од населението во Областа Газа влијае врз нивната мотивација за извршување или воздржување од терористички напади. Во ситуација кога населението ги

поддржува активностите на терористичката организација тоа води кон зголемена мотивација кај терористите за извршување терористички напади и обратно, ако населението не ги поддржува терористичките активности тоа ќе води кон намалена мотивација кај терористите и намалување на бројот на терористичките напади иако постојат капацитети за извршување на нападите.

За потврда, најдобар показател се годините 2015 и 2016 кога во услови на барем малку подигната блокада со која се олесни животот на луѓето во Областа Газа се намали и поддршката за извршување напади, а со тоа и мотивацијата кај терористите, и тоа во ситуација кога се зголемуваат израелските напади и постојат терористички оперативни капацитети за одговор на тие напади.

**X7** -Израелските противтерористички методи во значајна мера влијаат врз промената на тактиката на дејствување на палестинските терористички организации во Областа Газа.

Истражувањето ја потврди оваа хипотеза, ефективноста на израелската противтерористичка политика ги присилила терористичките организации да ја променат својата терористичка тактика за извршување напади и да изградат нови герилски капацитети за војување веднаш по војната во 2008. Промената на терористичката тактика се гледа во начинот на организација, а изведувањето на герилски воени дејства во 2014 со користење на подземните тунели кои беа и тактичко изненадување за Израелската армија и зголемените ракетни капацитети. Сето ова претставува квантна промена во терористичките организации кои бараат проактивни противтерористички методи ако сакаме да ги спречиме терористите да ги остварат своите цели.

**X8** - Израелските противтерористички методи ја префрлуваат војната во територијата на Областа Газа во функција на посеопфатна заштита на израелското цивилно население и материјалните добра на територијата на Израел од терористичките напади извршени од Областа Газа.

Истражувањето делумно ја потврди оваа хипотеза, израелската противтерористичка политика била делумно ефективна во префрлање на

војната во територијата на непријателот, во Областа Газа. Во територијта на Израел се случиле 18557 ракетни и минофрлачки терористички напади. Израел успеал да ги минимизира само физичките штети од тие напади, но не и да го намали психолошкиот ефект на терористичките напади.

# 11. ЗАКЛУЧОК

Кај израелската противтерористичка политика во периодот 2006-2016 можат да се забележат два тренда.

Првиот тренд, во периодот 2006-2014, кога израелската противтерористичка политика дејствувала единствено врз намалувањето на терористичките капацитети. Во периодот 2006-2014 доминираат офанзивните методи засилени со блокадата и дефанзивните методи.

Вториот тренд, во периодот 2015-2016, кога Израел направил промена во својата противтерористичка политика со олеснување на блокадата со што се создале услови за истовремено дејствување врз терористичките капацитети и мотивацијта за извршување напади. Во овој период Израел го пронашол правиот баланс помеѓу големиот избор на противтерористички методи кои ги користел што се гледа во намалениот број терористички напади и жртви од тие напади.

Тенденцијта на израелската противтерористичка политика е насочена кон превенција и нарушување на работата на терористичките организации односно остварување на тактичка предност на борбеното поле. Ова Израел го остварува со континуирани воени офанзивни напади базирани на разузнавачки податоци.

Може да се забележат и ситуации во кои Израел во периодот 2006-2016 се воздржувал од одмазднички напади врз терористички цели во Областа Газа по извршени ракетни напади врз Израел. Ова воздржување од напади е со цел спречување на ескалацијата на конфликтот.

Во израелската противтерористичка политика доминираат воените офанзивни методи за борба со теророризмот со кои се презема инцијативата и континуирано се уништуваат терористички капацитети.

Овој воен модел на Израел во однос на терористичката мотивација за извршување напади тргнува од тоа дека опсегот и природата на тероризмот зависат од терористичките капацитети, а не од нивната мотивација. Според ова мотивацијата кај терористите е секогаш на високо ниво за извршување напади, но нападите се извршуваат само ако постојат оперативни капацитети за тоа. Успешна воена акција ќе ги уништи терористичките оперативни капацитети и

дури ќе ја зголеми мотивацијата за напади кај терористите, но тие нема да имаат доволно капацитети за да дејствуваат согласно мотивацијата.

Израелската противтерористичка политика не успеала да го уништи Хамас ниту да предизвика промена на власта во Областа Газа. Хамас пред сè е популарно народно движење на отпорот и има илјадници членови и огромна поддршка од населението кое истовремено служи и како неисцрпна база за регрутација, воената акција може само да го намали феноменот и да му нанесе загуби, но не и потполно да го елиминира. Сè што знаеме за Хамас денес не значи дека ќе биде исто и во иднина, Хамас докажа дека е организација која учи и се усовршува за да може да преживее и да ги оствари своите цели. Во процесот на учење Хамас ја анализрирал својата организациска поставеност и тактика со цел откривање на своите слабости и предности, за да може да ги остварува своите помошни цели кои ќе водат кон остварување на главната цел. Хамас ја анализирал и палестинската заедница, нивните аспирации, потреби и очекувања и се однесувал согласно тоа. Во процесот на учење и усовршување Хамас ги анализирал карактеристиките на Израел, неговите предности, а особено неговите либерално-демократски слабости со цел да влијае врз нив, и да креира поддршка за себе во палестинската заедница и пошироко и осуда за Израел во меѓународната заедница за методите кои ги користи во борбата со тероризмот. Овој процес на учење и анализирање води кон тоа Хамас да ги менува своите карактеристики и тактики со текот на времето.

Ова истражување ја прошири основната дилема во противтероризмот, според која колку повеќе си успешен во своите офанзивни активности со кои ги намалуваш и елиминираш терористичките капацитети, толку повеќе се зголемува мотивацијата кај членовите и поддржувачите на терористичката организација за извршување одмазднички напади.

Ова истражување докажа дека израелските офанзивни противтерористички методи во периодот 2006-2016 не биле главната мотивација за извршувањето на терористичките напади туку тоа била блокадата која како метод на колективно казнување била наметната врз Областа Газа од страна на Владата на Израел.

Колку повеќе се засилуваше колективното казнување врз населението во Областа Газа, толку повеќе се зголемуваше поддршката од населението за палестинските терористички организации особено за Хамас. Зголемувањето

на поддршката водеше кон зголемување на мотивацијта кај терористите за извршување напади. Во ситуација кога постои зголемена мотивација за извршување напади кај терористичката организација и таа има капацитети за извршување напади реално е да се очекува зголемување на бројот на нападите. Во ситуација кога постои намалена поддршка од населението за извршување на терористичките напади, терористичките органзации ќе се воздржуваат од извршување напади дури и да имаат оперативни капацитети за извршување напади.

Во периодот 2006-2014 засилената блокада врз Областа Газа ја зголеми поддршката од населението за терористичките организации што водеше кон зголемување на терористичката мотивација за извршување напади, а со тоа и на бројот на нападите врз Израел.

Во периодот на 2015 и 2016 кога Израел ја олеснил блокадата, се намалила и поддршката од палестинското населние за нападите врз Израел, што водело кон намалување на терористичката мотивација за извршување напади, а со тоа и врз намалување на бројот на нападите во услови на зголемен број израелски воени акции и постоење терористички оперативни капацитети.

Во 2015-2016 во услови на постоење терористички капацитети и олеснета блокада, терористите се решиле да не го зголемуваат бројот на своите терористички акции и да не одговораат на зголемениот број израелски воени акции кои се користени како провокација за започување нова ескалација на насилството што би водело кон повторно засилување на блокадата. Ваквата одлука на Хамас и другите палестински терористички организации е резултат на нивниот рационален пристап во одлучувањето и влијанието на јавното мислење во Областа Газа. Хамас докажа дека е терористичка организација кај која мотивацијта е факторот кој ги ограничува нападите во одреден период, а не оперативните капацитети.

Затоа може да се каже дека блокадата како метод за колективно казнување, а не воените операции, во периодот 2006-2014 била главната мотивација за зголемување на бројот на терористичките напади врз Израел.

Олеснетата блокада 2015-2016, водеше кон намалување на мотивацијата за извршување терористички напади од страна на палестинските терористички организации, а со тоа и на бројот на нападите врз Израел.

**На крајот ќе заклучиме дека ефективна противтерористичка политика подразбира**:

- јасно дефинирање на тероризмот и одвојување од слични феномени;
- потреба од разбирање на терористичката рационалност во нивното одлучување, за да може да се разберат нивните пресметки за добивки и загуби, бидејќи само така ќе можеме да им испратиме јасна порака која ќе можат да ја разберат тие и нивните поддржувачи;
- потреба од разбирање на демократско-либералната дилема, односно ефективно да се дејствува врз тероризмот, а истовремено да се зачуваат демократско-либералните вредности, бидејќи противтероризмот подразбира и жртвување одреден степен на безбедност за да се постигне заштита на демократско-либералните вредности;
- потреба да се зајакне отпорноста на луѓето кон терористичката закана и да ја зголеми нивната свесност за рационалниот и ирационалниот страв кој го создава тероризмот;
- да дејствува истовремено и врз оперативните капацитети и врз мотивацијата за извршување терористички напади.

За крај, ефективната противтерористичка политика треба да биде комбинација од политички активности, офанзивни воени акции и социоекономски активности со кои ќе се дејствува истовремено врз трите аспекти на терорзимот.

Воената компонента не треба да биде исклучена како легитимно и ефективно средство за елиминирање и намалување на терористистичките оперативни капацитети со што ќе се влијае врз опесегот и природата на тероризмот.

Во исто време треба да се разгледуваат политичките барања кои се разумни и легитимни и степенот на штети кои може да се претрпи, ако барањата се задоволат или ако не се задоволат.

Социоекономските активности треба да бидат така креирани да дејствуваат во подобрувањето на условите за живот и да бидат насочени кон намалување на мотивацијата пред сè кај населението од каде потекнува терористичкта организација, а потоа и кај поддржувачите и членовите на терористичката организација.

Ефективниот противтероризам треба да го пронајде вистинскиот баланс помеѓу контрадикторните методи кои се на располагање во борбата со тероризмот. Во противтероризмот имаме избор на многу различни методи, секој од тие методи има свои последици, многу од тие методи се различни помеѓу себе, а многу од нив се и контрадикторни. Идните истражувања треба да помогнат и да дадат одговор на тоа како да се најде правиот баланс помеѓу различните противтерористичкиметоди.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

**Користена и цитирана литература**

---------------- (2009) *"Public Role and Engagement in Counterterrorism Efforts: Implications of Israeli Practices for the U.S"* Homeland Security Institute

Abu Iyad, (1983) *Without a Homeland: Conversations with Arik Rouleau,* Mifras Publications, Tel Aviv.

Amishal, M.Y. (2014)*"Jordan as the Palestinian Arab state".* Israel Science and Technology. Retrieved.

Arce M. D., and Sandler, T., (2005) *"Counterterrorism: A Game-Theoretic Analysis",* The Journal of Conflict Resolution

Barzilai, G. and Inbar, E., (1996), *"The Use of Force: Israeli Public Opinion on Military Options",* Armed Forces and Society,

Ben-Dor, G. & Pedahzur, A. &Hasis, B.; (2002) *"Israeli National Security Doctrine under Strain: The Crisis of the Reserve Army",* Armed Forces & Society, Vol. 28, no. 2

Ben–Harin Y. and Posen B. (1981) *"Israel's Strategic Doctrine"* Published by the Rand Corporation

Benari, E. and Ronen, G., (2014) *"Five Soldiers Killed During Attempted Terrorist Infiltration,"* Israel National News

Binnie, J., (2014) *"IDF Detail the Damage Inflicted on Gaza Militants,"* IHS Jane's Defense Weekly,

Bjørgo, T., (2005) *"Root Causes to Terrorism; Myths, Reality and Ways Forward",* Routhledge, London,

Bolz, Jr. F., Dudonis, J. K., and Schultz, P. D., (2002) *"The Counter-Terrorism Handbook",* Boca Raton, FL: CRC Press.

Bongar B., et al., (editors) (2007) *"Psychology of Terrorism"* OXFORD UNIVERSITY PRESS,

Bonner, D., *"United Kingdom: The United Kingdom's Response to Terrorism,"* Terrorism and Political Violence.

Bowker, R., (1996) *Beyond Peace: The Search for Security in the Middle East,* Boulder: L. Rienner Publishers.

Bremer, L. P., (1992) *'The West's Counter-Terrorists Strategy',* Terrorism and Political Violence.

Brown, H., (2014) *"What You Need To Know About The Tunnels That Bring Life — And Death — Into Gaza,"* Think Progress.

Bueno de Mesquita, E., (2005) *"Conciliation, Counterterrorism, and Patterns of Terrorist Violence"* International Organization.

Bullock, K. R., (2006) *"Theory of effectiveness Measurement"* Air Force Institute of Technology.

Byman, D. and Goldstei G., (2011) *"The Challenge of Gaza: Policy Options and Broader Implications",*The Brookings Institution.

Byman, D., Goldstein G., (2011) *"The Challenge of Gaza: Policy Options and Broader Implications"* The Saban Center at Brookings.

Catignani, S.; (2005) *"The Security Imperative in Counter-terror Operations: The Israeli Fight Against Suicide Terror",* Journal of Terrorism and Political Violence, Vol. 17, no. 1-2.

Chalk, P.; (1995) *"The Liberal Democratic Response to Terrorism"* Terrorism and Political Violence, Vol. 7, no 4.

Chalk, Peter, (1998) *"The Response to Terrorism as Threat to Liberal Democracy",* Australian Journal of Politics and History.

Chenoweth E. and Dugan L. *"Rethinking Counterterrorism: Evidence from Israel"* Electronic copy available at: http://ssrn.com/abstract=1664282.

Cohen, A.E., Eisenstadt, J.M., Bacevich J.A., (1998) *'Knives, Tanks, and Missiles': Israel's Security Revolution"* The Washington Institute for Near East Policy.

Cooper B. (2004) *"New Political Religions,or An Analysis of Modern Terrorism"* University of Missouri Press Columbia and London, 2004.

Cordesman, H. A., (2009) *"A Strategic Analysis-Gaza War",* Center for Strategic International Studies.

Cotler, I. (2004) *"Address to the fifth meeting of Ministers of Justice of the Americans".*

Crelinsten, D. R. (1998) *"The Discourse and Practice of Counter-Terrorism in Liberal Democracies"*, Australian Journal of Politics and History.

Crelinstein, R. D. and Schmid, A. P., (1992) *"Western Responses to Terrorism: A Twenty-Five Year Balance Sheet"*, Terrorism and Political Violence, Vol. 4, no. 4.

Crenshaw, M. (1991); *"How Terrorism Declines"* in Clark McCauley (editor); Terrorism Research and Public Policy, Portland, Cass Publisher.

Crenshaw, M.; (1995) *"Relating Terrorism to Historical Contexts"* in Crenshaw, Martha (editor), Terrorism in Context, The Pennsylvania State University, Pennsylvania.

Crenshaw, M. (1998) *"The Logic of Terrorism: Terrorist Behavior as a Product of Strategic chpise"* in Walter Reich (Ed), Origins of Terrorism, Woodrow Wilson Centar Press.

Davy, C.(1996) *"ManaginingRisk and Unsertanity: An Approch to Counter-Terrorist Planning"* in Alan Thompson(Ed), terrorism and the 2000 Olymics, Australian Defense Studies Centar.

*Declaration on Measures to Eliminate International Terrorism,* (1994) U.N. GAOR, 49th Sess., 84th plen. mtg., U.N. Doc. A/RES/49/60.

*Democracies: The case of Israel"* Terrorism and Political Violence, Vol. 13, no 2.

Dershowitz, A. M.; (2002) *Why Terrorism Works,* Yale University Press, New Haven, p.2.

Dror, Y., (1983) *"Terrorism as a Chalange for the Stiving of Democacies to Govern"* Terrorism, Legitimacy adn Power, Wesleyen Univesity Press Middletown, CT,

Eiland, G., (2008), *"The third Lebanon war: target Lebanon"*, Strategic Assessment, vol. 11, No. 2.

El-Gendy, K., (2010) *"The Process of Israeli Decision Making: Mechanisms, Forces and Influences"* Al-Zaytouna Centre for Studies and Consultations.

Eliot, A. C., Eisenstadt J. M., Bacevich J. A., (1998) *"Knives, Tanks, and Missiles': Israel's Security Revolution"* The Washington Institute for Near East Policy.

Elster, J. (1988) *Nuts and Bilts for the Social Science* (Cambridge: Cambridge Univesity Press, ).

Farrell, R. W., (1982) *The U.S Goverment Response to Terrorism: In Serch of an Efective Strategy,* Westview Press Boulder, CO,

Foreman Dr. B. S., Grant K., Easat A., Suleman M. (2012) *"Terrorism and Counterterrorism: Spotlight on Strategies and Approch"*, Available online: thecordobafoundation.com

Frisch H. (2006) *"Motivation or Capabilities? Israeli Counterterrorism against Palestinian Suicide Bombings and Violence"* The Begin-Sadat Center for

Strategic Studies Bar-Ilan University, Ramat Gan, 52900, Israel http://www.besacenter.org ISSN 0793-1042 .

Ganor, B. (1992) *"Hamas: The Islamic Resistance Movement in the Territories"*, Survey of Arab Affairs, Jerusalem Center for Public Affairs.

Ganor, B. (2015) *"Global Alert the Rationality of Modern Islamist Terrorism"*, Columbia Studies in Terrorism and Irregular Warfare, Kindle book,

Ganor, B. *"The Counter-Terrorism Puzzle: A Guide for Decision Makers"*,(New Brunswick, NJ: Transaction Publishers 2005), Kindle book.

Ganor, B., "*Terrorizm and Public Opinion in Israel*" Master Thesis Political Science Department, Tel Aviv University, 1990,

Garfinkle, A.; (2000) *Politics and Society in Modern Israel –Myths and Realities*, M.E. Sharpe, New York.

Gilon, C. *The Israeli Security Agency Between the Cracks.* Yediot Aharonot Publictions , Tel Aviv.

Ginsburg, M., (2014) *"Hamas Will Start Tunnelling as Soon as we Leave,"* Times of Israel.

Gold, D., (2007) *The Fight for Jerusalem: Radical Islam, the West, and the Future of the Holy City*. Washington, DC: Regnery Publishing, Inc

Golov, A., Vishkin O., Michaelis, R., Kakon, R., *"A National Security Doctrine for Israel"* Lauder School of Government, IDC Herzliya

Guning, J. (2009) *Hamas in Politics: Democracy*, Religion, Violence, (New York:Columbia Univesity Press), p. 57

Gupta K.D. (2006) *"THE ROOTS OF TERRORISM - Who Are the Terrorists?"* San Diego State University by Infobase Publishing, Editorial Team: Amjad Mohamed-Saleem Ibrahim Hewitt S. Alam Arzoo Ahmed H.D.

Hanan, A. (1980) *Counterinig Palestinian Terrorisam in Israel: Towards a Policy analisis of Countermeasures*, Rand, Sanata Monika 1980,

Hafez, M. M. and Hatfield, M. J., (2006) *"Do Targeted Assassinations Work? A Multivariate Analysis of Israel's Controversial Tactic during Al-Aqsa Uprising, Studies in Conflict & Terrorism*,

Hartman, B., (2014) *"71st Israeli Fatality of Gazawar: Man Succumbs to Wounds From Rocket Attack,"* Jerusalem Post

Hatzav, Novembar 15, 1986

High Level Military Group, (2015) "An Assessment of the 2014 Gaza Conflict"

Hocking, J. (1984) *"Orthodox Theories of Terrorism: The Power of Politicized Terminology"* Politick, Ausrtalian Political Studies journal

Hoffman, B. (1988) *Inside Terrorism,* (New York Columbia University Press,)

Hoffman, B. and Morrison-Taw, J., (2000) *"A Strategic Framework for Countering Terrorism",* In Fernando Reinares (Ed.) European Democracies against Terrorism. Dartmouth.

Hoffmann, B. and Morrison-Taw, J.; (1992) *"A Strategic Framework for Countering Terrorism".*

Horowitz, D., (1975) *"Israel's Concept of Defensible Borders"*, Jerusalem: Jerusalem Post Press,

Horowitz D. (1983) *"The Israeli Concept of National Security"*Macmillan Education UK.

Holsti,J. K., (1972) *International Politics,* Prentice Hall International Inc, London.

Howard, R. D. and Sawyer, Reid L. (editors); (2002) *Terrorism and counterterrorism –understanding the new security environment,* The McGraw-Hill companies, Connecticut.

Ignatieff, M.; (2004) *The Lesser Evil, Edinburgh University Press,* Ltd, Edinburgh

Inbar, E. and Sandler, S.; (1993/94) *"Israel's Deterrence Strategy Revisited",* Security Studies, no. 2.

Intelligence and Terrorism Information Center at the Center for Special Studies (C.S.S) (2006) *"The Hamas Charter"* .

Intelligence and Terrorism Information Center at the Israel Intelligence Heritage & Commemoration Center (IICC) (2007) *"Hamas's military buildup in the Gaza Strip".*

Issacharoff, A., (2014) *"Amid the Tunnels and the Traps of Hamas's Militarized Gaza,"* Times of Israel.

Janke, P. *" The Neutralization of the Red Army Faction"* in Peter Janke, (Ed).

Jansen T. P.,(2007) *"The Consequences of Israel's Counter Terrorism Policy",* University of St. Andrews

Jordan, J.. (2009) *"When Heads Roll: Assessing the Effectiveness of Leadership Decapitation"*, Security Studies.

Котовчевски М., *"Борба Против Терорим зот"*, Македонска Цивилизација, 2004,

Котовчевски М., *"Современ Тероризам",* Македонска Цивилизација, 2004,

Kershner, I., (2014) *"Israel Says Hamas Is Hurt Significantly,"* New York Times.

Lappin, Y., (2014) *"Analysis: The Hidden Picture in Gaza,"* Jerusalem.

Lappin, Y., (2014) *"IDF Completes Withdrawal from Gaza, Keeps Forces Massed on Border,"* Jerusalem Post.

Lappin,Y., (2014) *"Israeli Iron Beam Laser Air Defense System 'Brings Down Mortars Like Flies' Creator Says,"* Jerusalem Post.

Lappin, Y., (2014) *"13 IDF Soldiers Killed in Gaza as Operation Protective Edge Death Toll Climbs to 18,"* Jerusalem Post.

Lederer, M. E., Hopes, (2002) A. *UN. Will Approve Comprehensive Treaty Against Terrorism,* SAN BERNADINO SUN, Jan. 25,2002, available at http://63.147.65.31/ socal/terrorist/0102/25/terror.

Levite, A., (1989) *Offense and Defense in Israeli Military Doctrine,* Jerusalem : Published for the Jaffe Center for Strategic Studies by Jerusalem Post and Westview Press, Boulder, Colo.

Leigh Maye, D., (2006) *"Measures of Effectives: Israeli counterterrorism Strategy and Tactics during Al-AQsasaIntifda"* Naval Postgraduate School Monterey.

Liden, A., (1979) *Security Perception: A Study of Change in Israel's Official Doctrine 1967-1974,* Lund: Distribution Studentlitteratur.

Lissak, M., (1993) *"Civilian Components in the National Security Doctrine",* in Yaniv.

Littwak, E. and Horowitz, D., (1983), *The Israeli Army 1948-1973,* Cambridge: Allot Books.

Major Tim McCulloh and Major Rick Johnson (2013) *"Hybrid Warfare"* JSOU Report 13-4,The JSOU Press MacDill Air Force Base.

Malvesti, M. L., (1993) *"Explaining the United States'Decision to Strike Back at Terrorists",* Terrorism and Political Violence.

Mandelbaum, M.,(1988) *"Israel's Security Dilemma",* Orbis.

Myre, G., (2006),*Rockets Create a 'Balance of Fear'* With Israel, Gaza Residents Say

Najib, M., (2014) *"IDF Repels New Hamas Naval Commandos,"* IHS Jane's Defense Weekly.

Naveh, S., (1996), *"The Cult of Offensive Preemption and Future Challenges for Israeli Operational Thought",* in Efraim Karsh, (ed)., Between War and Peace, Dilemmas of Israeli Security, London: Frank Cass.

OCHA, Protection of Civilians Weekly Report (18–24 June 2008).

O'Brian, V. W. (1986), *Terrorism-What Should We do?* In Steven Anzovin (Ed), Terrorism, the Reference Shelf 58(3).

Oren, M. B.,(2007), *Power, Faith, and Fantasy: American in the Middle East, 1776 to the Present.* New York: W. W. Norton & Company.

Pedahzur, A. and Ranstorp, M.; (2001) *"A tertiary Model for Countering Terrorism in Liberal.*

Pedahzur, A., (2008) *"The Israeli Secret Services and the Struggle against Terrorism".* New York: Columbia University Press.

Perkoski J. E., (2010) *"Rethinking Repression: Exploring the Effectiveness of Counterterrorism in Spain".*

Perliger, Arie, Hasisi, Badi and Pedahzur Ami, (2009) *"Policing Terrorism in Israel"*, Criminal Justice and Behavior.

Phillips, M., ( 2008). *"President Bush's visionary hero".* The Spectator. Archived from the original.

Pollack, B. and Hunter, G., (1988) *"Dictatorship, Democracy, and Terrorism in Spain"* in Juliet Lodge Ed, The Threat of terrorism Whitesheaf Books Great Britan.

Porta, D.; (1993) *"Institutional Responses to Terrorism, The Italian Case",* in Schmid, Alex P. and Crelinstein, Ronald D. (editors); Western Responses to Terrorism, Frank Cass, London.

Porta, D. (2013) *"The threat of a one-state solution,"* Al Jazeera .

Princkun, W., Henry and Mohr, B. Philip,(1996) *" Military Deterrence on International Terrorism: An Evaluation of Operation El Dorado"* Studies in Conflict and Terrorism.

Rakovská, P. (2014) *"Assessing the effectiveness of the 'prevent' pillar of the EU Counter-Terrorism Strategy"* Charles University, Faculty of Social Sciences, Insititute of Political Studies.

Rodman, D.;(2001) *"Israel's National Security Doctrine: An Introductory Overview"* Middle East Review of International Affairs, Vol. 5, no. 3.

Rubin, U., (2014) *"The Rocket Campaign against Israel during the 2006 Lebanon War,"* Begin-Sadat Center for Strategic Studies, Bar-Ilan University.

Schiff, Z.; (1999) *"Fifty years of Israeli security: the central role of the defense system",* Middle East Journal, Vol. 53, no. 3.

Schiff, Z.and Ya'ari, E., (1985) *"Israel's Lebanon War,"* Simon and Schuster, New York.

Schmid, P. A., (1992) *"Terrorism and Democracy"*, Terrorism and Political Violence.

Security Council resolutions 101 (1953), 106 (1955), 111 (1956), 171 (1962), 228 (1966), 248 (1968), 265 (1969), 270 (1969), 313 (1972), 316 (1972), 332 (1973), 347 (1974), 450 (1979), 501 (1982), 515 (1982), 520 (1982) and 1544 (2004).

Sederberg, C. P., (1995) *"Conciliation as Counter-Terrorist Strategy"*, Journal of Peace Research.

Shabi, A. and Shaked, R. (1994) *Hamas: From Belief in Allah to the Road of terror* (Jerusalem: Keter ) (Hebrew).

Shapir, S. Y., (2012) *"In the Aftermath of Operation Pillar of Defense -Iron Dome The Queen of Battle"*.

Sharm el-Sheikh Fact-Finding Committee, (2007) *The Mitchell Plan, 30 April 2001*, www.state.gov, accessed 10 мау 2007.

Shashar, M. (1992) *Conversation with Rehavam Gandhi Zeevi,* Yediot Aharonot Sifrei Hemed, Jerusalem.

Shimshoni, J.,(1988) *Israel and Conventional Deterrence From 1953 to 1970*, Ithaca: Cornell University Press.

Shipler, D. K.; (2002) *Arab and Jew –Wounded Spirits in a Promised Land,* Penguin Books, London.

Siboni, G. (2008) *"Disproportionate force: Israel's concept of response in light of the second Lebanon war"*, Institute for National Security Studies Insight, No. 74.

Slater, J.,(1991) *"A Palestinian State and Israeli Security"*,Political Science Quarterly, Vol.3.

Slater, J., (2001), *What Went Wrong? The Collapse of the Israeli-Palestinian Peace Process*, Political Science, Volume 116, Issue 2.

Smooha, S., (1993) *"Part of the Problem or Part of the Solution, National Security and the Arab Minority"*, in Avner Yaniv, (ed)., National Security and Democracy in Israel, Boulder: Lynne Riener Publishers.

Soule, W. J. (1989) *"Problems in Applying Counter-Terrorism to Prevent Terrorism: Two decades in Nortern Ireland Reconsidered"* Terrorism: An International Journal, 12(1).

Stohl, M and R. *"Duvall Political terrorism"*.

Stultz, G.P. (1987) *„The challenge to democratic nations“ in Benjamin Netanyahu „Terrorism – How the west can win“.*

Teun Walter van Donge, (2015) *"The science of fighting terrorism : the relation between terrorist actor type and counterterrorism effectiveness"* Leiden University.

The International Institute for Strategic Studies; (2004) *"The Hamas Factor"*, Strategic Comments, Vol. 10, Issue 4.

The Memorial Institute for the Prevention of Terrorism (MIPT) is a non-profit, nationally recognized think tank creating state-of-the-art knowledge bases and sharing information on terrorism. For more on MIPT, please visit www.mipt.org. "Terrorism: What's Coming The Mutating Threat" 2007.

The Reut Institute "Conceptual Framework - A new national security vision for Israel's 75th Year".

Thral, N., (2013) 'What Future for Israel?,'New York Review of Books

Wieviorka, M. (1990) *'French Politics and Strategy on Terrorism"* in Bary Rubin ed, The Politicks of Counterterrorism: The ordeal of Demiocratic Staes. School of Advance International Studies Washington DC p.p 68.

Wilkinson, P.; (1989) *"Ethical Defences of Terrorism –Defending the Indefensible"* Terrorism and Political Violence, Vol. 1, no. 1, p.13.

Wilkinson, P.; (2002) *"Track II: Security and Terrorism in the 21st Century"*, Center for the Study of Terrorism and Political Violence.

Wilkinson, P.;(1976) *"Terrorism vs. Democracy. Anatomy of a Conflict"* Cyclone (1).

Williams, L. (editor);(1975) *"Military Aspects of the Israeli-Arab Conflict"*, University Publishing Projects, Tel Aviv.

Yavivi, A. (1985) *"Countering Palestinian Terrorism"* in Ariel Merari (ed): On Terrorism and Combating Terrorism. University Publications of America Inc pp3-4.

Yoram, C. and White J., (2009) *"Hamas in Combat The Military Performance of the Palestinian Islamic Resistance Movement"* Washington Institute for Near East Policy.

Zrahiya, Z., (2014) *"As Fighting Eases, Gaza Conflict Cost Seen Totalling $8 Million,"* Haaretz.

**Интернет**


http://dover.idf.il/

http://elyon1.court.gov.il

http://idfspokesperson. Com

http://www. ynetnews.com/

http://www.al-monitor.com/

http://www.alqassam.ps

http://www.breakingthesilence.org.il/oferet/ENGLISH_oferet

http://www.btselem.org

http://www.btselem.org/English/Statistics/Casualties.asp

http://www.dailysabah.com

http://www.globalsecurity.org/

http://www.haaretz.com

http://www.hamastoday.com

http://www.idf.il/

http://www.idfblog.com

http://www.inss.org.il

http://www.memri.org

http://www.mezan.org

http://www.mfa.gov

http://www.ochaopt.org

http://www.pmo.gov.il/PMO/Archive/Decisions/2006/05/des20.

http://www.ps.undp.org/

www.rand.org, accessed 6 May 2007

http://www.terrorism-info.org.il/

http://www.un.org

http://www.unicef.org

http://www.unsco.org/Documents/Statements/MSCB/2007/April%202007.pdf.

http://www.vanityfair.com/politics/features/2008/04/gaza200804

http://www.weaponsurvey.com/missilesrockets.htm.

http://www.worldbank.org

http://www.ynet.co.il/Ext/Comp/ArticleLayout/CdaArticlePrintPreview/1,2506,L-3665452,00.html

http://www.ynetnews.com

http://youtu.be/WqVxMKt04Q8.

https://en.wikipedia.org/wiki/Zionism

https://www.youtube.com/watch?v=9GzNDcaFn5k.

https://www.info.org.il/malam_multimedia/English/eng_n/pdf/ipc_e007.pdf

www.beithatothan.org.il

www.fao.org/

www.unrwa.org